**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**
**МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА**

**Иван ДОРОВСКИ**
**Емилија ЦРВЕНКОВСКА**

# ЛЕКСИКОН НА СТРАНСКИ МАКЕДОНИСТИ

**XX и XXI век**

**Соработници:**

**Максим КАРАНФИЛОВСКИ**
**Љупчо МИТРЕВСКИ**

**СКОПЈЕ**
**2008**

Програмско-организациски одбор на
**2008 – Година на македонскиот јазик**

Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура

Покровител:
Претседател на Владата на Република Македонија
Никола ГРУЕВСКИ

Претседател на координативниот одбор:
Перо СТОЈАНОВСКИ

Претседателка на Програмско-организацискиот одбор:
Лилјана ПОПОВСКА

Ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј:
проф. д-р Ѓорѓи МАРТИНОВСКИ

# ПРЕДГОВОР

Секако дека ќе се согласиме со тоа дека за забележување на основните животописни и библиографски податоци се користат неколку начини: енциклопедиското сфаќање се разликува од толкувањето во стручен речник (лексикон) и тоа, пак, од јазично толкување или преведувачки (обично двојазичен) речник. Иако македонската лексикографија речиси немала традиција и не можела да се надоврзе на претходни трудови, сепак само во последните педесет години забележа значителни успеси.

Во Македонија сè уште недостига темелна, стручно заснована енциклопедија. Идејата да се изработи биобиблиографски речник кој би укажал на поширокиот интерес на славистите, балканистите и на специјалистите од други научни области за македонскиот јазик, литература, култура и историја се роди уште пред повеќе од осум години. По неколку обиди, конечно дури во 2007 година успеавме да создадеме индекс, авторски колектив, да најдеме идни соработници и да пристапиме кон обработување на основните биобиблиографски податоци на сите или речиси на сите оние специјалисти од XX и XXI век (специјалистите од постариот период не ги вклучивме во овој лексикон), кои долгорочно и систематски или само повремено и маргинално обработуваат македонска или македонистичка проблематика.

Славистите, балканистите и македонистите би можеле да ги поделиме во три основни категории:

1. Оние, кои во рамките на своите пошироки палеославистички, општославистички, јужнославистички, бохемистички, русистички, полонистички, словакистички, бугаристички, украинистички и други трудови исто така ги засегнуваат македонските говори, македонскиот јазик, литература, народно творештво или историја.
2. Специјалисти кои во своето научно дело се занимаваат исклучително со македонскиот јазик или со македонската литература, култура или историја.
3. Автори, кои повремено се осврнуваат кон македонистички лингвистички, литературноисториски или историски прашања.
4. Во самостојна категорија би можеле да ги вклучиме преведувачите, кои претежно од дословен превод препеале стихови од македонски поети во разни антологиски прегледи, избори или поопсежни антологии. Оние преведувачи, кои не издале самостоен избор, антологија или книга, не ги приклучивме во овој речник. Ги има неколку десетици. Ги сметаме за симпатизери на нашиот јазик и литература и за добри пријатели на македонскиот народ.

Лексиконов ќе им даде на македонските, а исто така и на странските слависти, балканисти и македонисти основни библиографски информации за интензитетот на интересот за македонистичката проблематика во светот и истовремено за карактерот на тој интерес во различни временски периоди.

Секоја речничка статија е конципирана така што дава основни биографски податоци за авторот, за неговата стручна ориентација, по можност за неговата педагошка дејност, да понуди избрана библиографија на трудовите со македонистичка проблематика. За многу специјалисти, застапени во Лексиконов, исто така се приложуваат основните извори за нив, кои ќе бидат корисни при ориентацијата на помладите научни и педагошки специјалисти.

Лексиконов, кој е наш прилог за Годината на македонскиот јазик – 2008, е прв прирачник од ваков тип издаден во Македонија. Наменет е за македонските и странските слависти, балканисти и македонисти, за македонските и странските студенти од областа на општествените науки и од други области, за научните работници на академиските и на другите институти, за културните работници, за преведувачите и за други заинтересирани.

Во Лексиконов посебен акцент се става на поврзаноста на странските македонисти со Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура од две причини: прво, што Лексиконов е издание на оваа институција и, второ, најголемиот дел од овде застапените македонисти своите сознанија за македонскиот јазик, литература, култура и историја ги стекнувале токму тука.

Обемот на одредницата во никој случај не го означува значењето на нејзиниот носител. Свесни сме дека во лексиконов не успеавме да ги опфатиме сите македонисти од светот. Тоа останува наша задача за во иднина.

Во собирањето на потребните материјали учествуваа многу колеги од Македонија и од светот. Нашата благодарност особено им припаѓа на: Зузана Тополињска, која отстапи материјал користен за Енциклопедијата на Македонија што се подготвува во МАНУ; Рина Усикова (за С.Б. Бернштејн, А.М. Селишчев, Н.И. Толстој); Волф Ошлис достави материјал за дваесетина германски македонисти; Олга Пањкина помогна во собирањето на материјали за руските македонисти; Виктор Фридман и Кристина Крамер за северноамериканските. Помогнаа и: Влоѓимјеж Пјанка, Првослав Радиќ, Зденка Рибарова, Елена Петроска, Звездана Павловиќ, Ангела Рихтер, Ивица Баковиќ, Станислав Станковиќ, Криста Флекенштајн, Гоце Алексоски, како и други македонисти што дадоа материјал за себе. Роза Тасевска преведе повеќе материјали од руски и од германски јазик.

Им изразуваме благодарност на сите што придонесоа со свои прилози да се збогати Лексиконов.

*Иван Доровски*
*Емилија Црвенковска*

## КРАТЕНКИ НА АВТОРИТЕ НА РЕЧНИ̑ЧКИТЕ СТАТИИ

АР – Ангела Рихтер
ВО – Волф Ошлис
ЕП – Елена Петроска
ЕЦ – Емилија Црвенковска
ЗТ – Зузана Тополињска
ИБ – Ивица Баковиќ
ИД – Иван Доровски
ЉМ – Љупчо Митревски
МК – Максим Каранфиловски
ПР – Првослав Радиќ
РТ – Роза Тасевска
РУ – Рина Усикова

**АЛТБАУЕР Моше** (Altbauer Moshe), 12 ноември 1904 Пшемисл (Полска) – 14 октомври 1998 Тел Авив (Израел). Израелски лингвист, специјалист за старословенски јазик. Роден и школуван во Полска. Во триесетите години на XX век преселен во Израел. Издавач на *Синајскиот псалтир*.
Трудови од областа на македонистиката:
📖 *Psalterium Sinaiticum, an 11th glagolitic manuscript from St. Catherine's monastery, mt. Sinai*, Скопје 1971.
🗎 M. Altbauer, F.V. Mareš, „Das Palimpsest-fragment eines glagolitischen evangeliars im codex sinaiticus 39 – ein neues altkirchenslavisches kanonisches denkmal", *WSA, Band 7*, 1981, 253-258. 🗎 „O kilku przepadłych paralelach biblijnych w ‚Psalterium sinaiticum'", *MJ, 32-33*, 1981-1982, 31-36.
Учествувал на СМЈЛК во 1969.

ЕЦ/ЗТ

**БЕЛЈАВСКИ-ФРАНК Маша** (Belyavski-Frank Masha), 24 октомври 1950 (САД). Американска славистка, професорка по руски јазик, литература и култура. Директорка на руските студии на универзитетот Де По. Магистрирала русистика (1976), докторирала словенска лингвистика на Универзитетот во Чикаго (1983). Освен руски, предавала и српскохрватски и словенечки јазик. Работела на Универзитетот во Чикаго (1982-1984) и на други универзитети, а од 1992 е на Универзитетот Де По. Се занимава со русистика, јужнославистика, фолклор, преведува од руски, босански, хрватски и македонски.
Трудови од областа на македонистиката:
📖 *The Balkan Conditional in South Slavic: A Semantic and Syntactic Study*, Munchen 2003.
🗎 „Иновациони синтаксички процеси во два македонски говора", *10 НД*, 1983. 🗎 „The Status of three Modal Auxiliaries in Balkan Slavic and Romance", *American Contributions to the Fifth International Congress on Southeast European Studies*, 1984, 39-52. 🗎 „Constructions with l-participle", *Folia Slavica*, Vol. 7, No. 3, 1986, 347-361. 🗎 „Macedonian Wedding Customs", *Tapestry Newsletter*, Vol. 1, No. 2, August 1990, 3-5. 🗎 „On the Use of Turkisms in Twentieth-Century Macedonian Literature", *Guard the World Well Bound, ISS, 10*, 1990, 17-32. 🗎 „The Use of Turkisms in Contemporary Macedonian", *Зборник реферати од Четвртата македонско-северноамериканска славистичка конференција за македонистика*, Скопје 2003, 271-290.
Учествувала на МСМЈЛК во: 1978, 1980, 1983.
✉ Dept. of Modern Languages, EC 303, DePauw University, Greencastle, Indiana 46135; ☎ 765-65804749; факс: 765-658-4764; e-mail: belyavsk@depauw.edu

ЕЦ



**БЕЛЈАЕВА Јулија Дмитриевна** (Беляева Юлия Дмитриевна), 8 мај 1927 Москва (Русија). Руска славистка, со специјалност историја на литературите на јужнословенските народи. Завршила Филолошки факултет на МДУ (1950). Кандидатка на филолошки науки (1963). Работела како научен соработник на Институтот за славистика и балканистика на АН СССР (1954-1977), виш научен соработник (1977-1990). Настапувала на повеќе меѓународни конференции и на славистички конгреси. Македонскиот јазик самостојно почнала да го изучува од 1962, а од 1964 почнала да се занимава со македонистика. Објавила повеќе од 50 научни трудови. Во одделни трудови користи и македонски материјал. Објавила повеќе рецензии и прикази за македонски автори (Ж. Чинго, Г. Абаџиев, Г. Тодоровски, И. Точко, Б. Конески, К. Рацин, С. Јаневски, В. Малески и др.) во руски, македонски и српски изданија. Превела прозни текстови од Ж. Чинго, Д. Солев, С. Јаневски, К. Чашуле, Ц. Мартиновски, Т. Момировски, Д. Митрев и И. Ивановски.

🕮 *Литературы народов Югославии в России. Последняя четверть XIX в. начало XX в.*, Москва 1979.

Трудови од областа на македонистиката:

🖹 *Современная македонская проза – развитие зарубежных славянских литератур на современном этапе*, Москва 1966, 401-449. 🖹 „Кочо Рацин и рождение македонской пролетарской литературы", *Зарубежные славянские литераторы. XX век*, Москва 1970, 369-384. 🖹 „Югославская критика о македонской литературе", *Направления и тенденции в современном зарубежном литературоведении и литературной критике, выг. 2*, Москва 1976, 136-148. 🖹 *Кочо Рацин. Белые зори. Предисловие*, Москва 1982, 5-23. 🖹 „Концепция реализма в югославянской критике конца 50-х-70-х гг. XIX в.", *Реализм в литературах стран Центральной и Юго-Восточной Европы*, Москва 1983, 127-167. 🖹 „Македонская литература в СССР (1945-1987)", *14 НД*, 1987, 1-12.

Составувач на македонскиот дел во антологии:

🕮 *Поэты Югославии XX в.*, Москва 1957. 🕮 *Югославянские повести и рассказы*, Москва 1961. 🕮 *Югославская поэзия XIX-XX в.*, Москва 1964.

Учествувала на МСМЈЛК во 1987.

ИД/МК/РТ



**БЕРНШТЕЈН Самуил Борисович** (Бернштейн Самуил Борисович), 3 јануари 1911 Баргузин (Русија) – 6 октомври 1997 Москва (Русија). Доктор по филолошки науки, професор на МДУ, член на МАНУ и на БАН. Студирал на Историско-етнолошкиот факултет на МДУ (1928-1931), под раководство на познатиоит славист-балканист ⇨А.М. Селишчев и на историчарот на јазик, етимологот-славист Г.А. Иљински. Откако ја одбранил кандидатската дисертација за турските елементи во јазикот на бугарските дамас-

кини од XVII-XVIII в. (1934), работел на Универзитетот во Одеса како шеф на Катедрата по бугарски јазик на Педагошкиот факултет и како шеф на Катедрата за општа лингвистика (1938). Преминал на МДУ (1939). Во 1943 активно учествувал во создавањето на Катедрата за словенска филологија на Филолошкиот факултет на МДУ и сѐ до 1970 бил шеф на таа катедра. Истовремено работел во Институтот за славистика (1946-1997) на АН СССР (потоа на РАН). Во 1946 ја одбранил докторската дисертација „Язык валашских грамот XIV-XV вв." и од 1948 го добил научното звање професор. На Филолошкиот факултет на МДУ држел предавања по многу лингвистички и славистички дисциплини, по историска граматика на словенските јазици, како и по одделни словенски јазици. Меѓу стотиците негови ученици биле и светски познатите научници: ⇨В.М. Илич-Свитич, ⇨Н.И. Толстој, В.Н. Топоров и др. Бил член на различни научни совети, учесник на многу меѓународни научни конгреси и меѓународни научни комисии. Се интересирал за словенската дијалектологија, споредбено-историската граматика на словенските јазици, за историјата на словенската писменост, особено за Кирил и Методиј, за балканистиката и карпатистиката, за бугарската лексикографија (автор е на бугарско-руски речници) и за македонскиот јазик. Тој прв открил во еден Одески архив коректура на подготвениот за печат прв број на списанието „Вардар" од К.П. Мисирков, прв објави во Советската енциклопедија статија за македонскиот јазик (1938) и напишал монографија за македонскиот јазик (книгата требаше да излезе од печат во 1948).

Основни научни трудови сврзани со македонистиката:

🕮 *Очерк сравнительной грамматики славянских языков: Введение. Фонетика*, Москва 1961. 🕮 *Очерк сравнительной грамматики славянских языков: Чередования. Именные основы*, Москва 1974. 🕮 *Константин-философ и Мефодий. Начальные главы из истории славянской письменности*, Москва 1984. 🕮 *Селищев – славист-балканист*, Москва 1987.

🗎 „Из истории македонского литературного языка: ‚Вардар' К.П. Мисиркова", *Славянская филология, вып. 3*, Москва 1960 (прво издание – „Вардар" К.П. Мисиркова, *Slavistična revija*, Ljubljana 1958). 🗎 „Македонский язык", *БСЭ*, т. 37, Москва 1938, 743-744. 🗎 „К вопросу о форме 3-го л. ед. ч. настоящего времени в македонском литературном языке", *Вестник Московского университета, 2*, Москва 1948. 🗎 „Изучение македонского языка в Народной Республике Македонии", *ВЯ, 2*, 1956. 🗎 „Введение", *Славянские языки. Очерки грамматики западнославянских и южнославянских языков*, Москва 1977, 5-18. 🗎 „Славянские языки", *БСЭ, 3-е изд.*, т. *23*, Москва 1976, 1642-1646.

Литература за него: 🗎 Р. Усикова, „Акад. Самуил Борисович Бернштејн (1911–1997)", *МЈ, 48*-50, Скопје 2000, 405-407.

ИД/МК/РУ



**БЛАХОВА Емилие** (Bláhová Emilie), 13 јуни 1931 Прага (Чешка Република). Чешка русистка, грцистка и палеославистка. Завршила руска и грчка филологија на Карловиот универзитет во Прага. Работела во разни академски институти и држела предавања на прашкиот Филозофски факултет. Научно се занимавала со лингвистички прашања од областа на старословенскиот јазик, пред сè со хомилетички текстови, главно како лексикографка, преведувачка на дела од византиската и од старите словенски литератури, за кои напишала коментари: 🕮 *Staroslověnské legendy českého původu*, Praha 1976. 🕮 *Byzantské legendy*, Praha 1980. 🕮 *Písemnictví ruského středověku*, Praha 1989. Таа го подготви и го издаде 🕮 *Струмички (Македонски) апостол. Кирилски споменик од 13 век*, Скопје 1990 (заедно со ⇨З. Хауптова).

ИД



**БОГУСЛАВСКА Магдалена** (Bogusławska Magdalena), 17 декември 1973 Варшава (Полска). Полска славистка. Работи во Институтот за западна и јужна славистика на Универзитетот во Варшава. Со македонистика се занимава од 1999. Работела како лектор по полски јазик на УКИМ (1999/2000). Завршила полска филологија и културна анимација. Постдипломски студии завршила во Варшава. Нејзината докторска дисертација „Teatr u źródeł. Teatr i dramat południowosłowiański wobec tradycji widowiskowych regionu", Варшава 2006, е посветена на јужнословенската драма и театарот, но најголем дел се однесува на македонскиот материјал. Авторка е на статии посветени на македонската култура, особено на македонската драма. Заедно со ⇨К. Вроцлавски работела на научниот проект *Polska i Macedonia. Polska kultura w Macedonii. Macedońska kultura w Polce*. Истражувањата се однесуваат на полско-македонските културни и научни врски.

Трудови од областа на македонистиката.

🗎 „Początki chrześcijaństwa a tożsamość narodowa Macedończyków", *Problemy tożsamości kulturowej w krajach słowiańskich*, Warszawa 2003. 🗎 „Macedoński rytuał teatralny. ‚Makedonska krvava svadba' Vojdana Černodrinskiego w kontekście polskich koncepcji dramatologicznych", *Folia Philologica Macedono-Polonica, 7*, Poznań 2006. 🗎 „Motywy infernalne w dramatach Rusomira Bogdanovskiego", *Slavica Wratislaviensia, 143, 7/2*, Wrocław 2007.

Учествувала на МСМЈЛК во: 1998, 2006, 2008.

🖂 01-927 Warszawa, ul. Krakowskie Przedmieście 26/28; ☏ 022-55-20-619; e-mail: m.boguslawska@uw.edu.pl

ЕЦ/ЉМ



**БОИЌ Вера** (Вера Бојић), 1938 Лозница (Србија). Српска славистка. Долгогодишна лекторка по српскохрватски и македонски јазик во Бон (Германија). Студирала славистика и англистика во Белград и во Бон. Соавторка (со ⇨В. Ошлис) на првиот учебник по македонски јазик излезен надвор од Македонија *Lehrbuch der mazedonischen Sprache*, München 1984, второ издание „Lehrbuch der makedonischen Sprache", München 1986. По пензионирањето живее во Белград.
Учествувала на МСМЈЛК во: 1978-1981, 1984.

ИД/ВО



**БОРОНИКОВА Наталија Владимировна** (Боронникова Наталия Владимировна), 6 февруари 1973 Перм (Русија). Руска лингвистка, кандидатка на филолошки науки, доцент (2005). Работи како доцент (од 2005) на Филолошкиот факултет на Пермскиот државен универзитет, каде што дипломирала (1996). Одбранила кандидатска дисертација на тема „Функционална анализа на семантиката на членот" (2002). Од 1996 работи на Катедрата за општа и словенска лингвистика на Пермскиот државен универзитет. Од 1998 година е вработена и на Катедрата за општа лингвистика при Пермскиот педагошки универзитет. Предава увод во лингвистика, општа лингвистика, македонски јазик, бугарски јазик. Во учебната 2003/2004 организирала група специјализирана за македонски јазик при Пермскиот педагошки универзитет. Учествува во научноистражувачки проекти, меѓународни конференции и симпозиуми. Се специјализирала во прочувањето на семантиката и функциите на категоријата определеност-неопределеност. Има објавено 60 труда. Македонскиот јазик го студирала на Филолошкиот факултет на Пермскиот државен универзитет (1991-1996). Се занимава со проучување на деиктичката семантика на заменските форми во македонскиот јазик.
Трудови со македонистичка проблематика:
🕮 *Морфология македонского языка в таблицах, схемах и упражнениях: Учебно-методическое пособие*, Пермь 2005.
🗎 „Функционирование имени в южнославянских текстах", *„Słowa, słowa, słowa"... w komunikacji językowej, 2*, Gdańsk 2004, 223-228. 🗎 „Определенность-неопределенность в системе глагола (категория ЛИЦО)", *30 НК*, 2004, 293-305. 🗎 „Емоционален деиксис во ситуацијата на општењето", *32 НК, 1, Лингвистика*, 2006, 105-118. 🗎 „О субъективности грамматики", *Научный журнал, вып. 3. Филология. Язык, цивилизация, культура*, Пермь 2006, 31-37.
Учествувала на МСМЈЛК во: 1995, 1996, 2003, 2005, 2007, 2008.
🖂 Пермь 614990, Букирева 15, Кафедра общего и славянского языкознания; ☏ +7(342)239-64-17; факс: +7(342)237-16-36; natboronnikova@rambler.ru

ЕЦ/МК

**БОШЊАКОВИЌ Жарко** (Бошњаковић Жарко), 24 март 1954 Рума (Србија). Српски лингвист. Работи на Филозофскиот факултет во Нови Сад. Дипломирал на истиот факултет (1978). Магистерската работа ја одбранил на Филолошкиот факултет во Белград (1984), а докторската дисертација во Нови Сад (2004). Од 1979 е вработен на Филозофскиот факултет во Нови Сад. Предава дијалектологија на српскиот јазик, македонски јазик, увод во балканологија. Во рамките на Институтот за српски јазик на САНУ работи врз проекти за дијалектолошки истражувања на српскиот јазичен простор и на *Општословенскиот лингвистички атлас*. Неговиот научен интерес е насочен кон македонскиот јазик, балканистиката и дијалектологијата. Од овие области досега има објавено околу 80 книги и научни трудови. Од 1985 почнал да се занимава со македонски јазик, кога поминал еден семестар на усовршување на Филолошкиот факултет во Скопје. Има објавено повеќе критики и прикази за дела од македонски автори.

Македонистички трудови:

🕮 *Македонски језик, читанка, речник, граматика*, Нови Сад 1986. 🕮 *S makedonskim u svet, Gramatika, Poslovni makedonski, Kompjuteri, Putovanja, Fraze i izrazi, Izgovor*, Beograd 2005.

🖹 „Именске конструкције за означавање времена у македонском, бугарском и српскохрватском језику", *13 НД*, 1987, 57-79. 🖹 „Основни типови диференцијалне македонско-српскохрватске лексике, *ЗМСФЛ, 30/1*, 1987, 145-151. 🖹 „Везници у изричним реченицама (српско-македонске паралеле)" (заедно со В. Петровић), *ЗМСФЛ, 48/1-2*, 2005, 233-240. 🖹 „Како Македонци говоре српски? Фонетске карактеристике (Порекло информатора: Крива Паланка / Велес : ново место живљења: Срем)", *ЗМСФЛ, 48/1-2*, Нови Сад 2005, 257-266. 🖹 „Некои особености на јазикот на Македонците во Србија (Што сочувале Македонците од својот јазик?)", *32 НК*, т. *I*, *Лингвистика*, 2006, 119-135. 🖹 „Заједничке и диференцијалне особине допуна глагола перцепције у српском и македонском преводу Јеванђеља по Марку и по Јовану", *ГСЈК, 20, 8*, 2006, 55-74. 🖹 „Какви речници се потребни за изучување на македонскиот јазик во Србија?", *33 НК*, 2007, 271-282. 🖹 „Како Македонци говоре српски? Морфосинтаксичке карактеристике (Порекло информатора: Крива Паланка / Велес : ново место живљења: Срем)", *Српски језик, 11/1-2*, 2007, 263-284. 🖹 „Поштујући туђе, чувамо своје!", *Савремене тенденције у настави језика и књижевности*, Београд 2007, 406-411.

Учествувал на МСМЈЛК во: 1982, 1984-1988, 2005, 2006.

🖂 Зорана Ђинђића 2, 21000 Нови Сад; e-mail: piros@panline.net.

ЕЦ/МК

**БРОЗОВИЌ Далибор** (Brozović Dalibor), 28 август 1927 Сараево. Хрватски лингвист, славист, кроатист, член на ХАЗУ, член на МАНУ (1986). Во центарот на неговиот интерес е фонолошката проблематика на словенските јазици на стандардно и на дијалектно ниво и социолингвистичката карактеристика и статусот на словенските стандардни јазици. Во неговите трудови видно место зазема македонската проблематика.

Во статијата „Das Grundgesetz der makedonischen Prosodie", *WSJ, 21*, 1975, првпат ја формулира денес општоприфатената теза дека во македонската прозодија треба да се бројат мори, а не само слогови. Автор е и на статијата „Makedonski jezik" во Хрватската енциклопедија. Го вовел македонскиот јазик на Универзитетот во Задар. Неговата библиографија брои над илјада единици.

Трудови од областа на македонистиката:

🗎 „Prolegomena za tipologiju jezičnih saveza i mogućih položaja idioma u njihovu okviru", *1 НД*, 1974, 1982, 5-10. 🗎 „За местото на фонемата /ə/ во моделите на вокалните потсистеми во балканските и (јужно)словенските јазици, *2 НД*, 1983, 135-146. 🗎 „O nazivima majčine dušice u slavenskim dijalektima (a i u slavenskom pesništvu i folkloru), *MJ, 32-33*, 1981-1982, 51-62. 🗎 „Pogovor knjizi ‚Za makedonskiot jazik'", *MJ, 34*, 1983, 51-61.

Учествувал на СМЈЛК во 1975.

Литература за него: 🗎 *Radovi, 16,* Zadar 1987. 🗎 „Dalibor Brozović", *Slavistički komitet Hrvatskoga filološkog društva*, Zagreb–Zadar 2002.

ЕЦ/ЗТ

**ВАЈАН Андре** (Vaillant Andrè), 1890–1977. Француски славист, лингвист. Професор на Колеж де Франс во Париз, еден од најеминентните слависти, член на ЈАЗУ, САНУ и МАНУ (од 1969). Неговиот научен интерес е насочен главно кон старата словенска писменост, старословенскиот јазик и споредбената граматика на словенските јазици. За време на Првата светска војна како војник на Солунскиот фронт бележи македонски народни песни и приказни во Леринско. Оттогаш датира неговата ориентација кон славистиката и македонистиката. Обработил повеќе прашања од областа на македонската дијалектологија и историја на јазикот. Уште во 1938 ги изложил своите погледи за местото на македонскиот јазик меѓу словенските јазици во статијата „Le problème du Slave macédonien". Со својата лингвистичка анализа дава значаен прилог во развојот на македонистиката.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Manuel du vieux Slave*, Paris 1948. 🕮 *Grammaire comparée des langues slaves", 1-3*, Paris 1950, 1958, 1966. 🕮 *L' Evangéliaire de Kulakia: un parler slave du Bas-Vardar*, Paris 1938 (заедно со ⇨А. Мазон). 🕮 *Un lexique macédonien du XVI siecle*, Paris 1958 (заедно со Ч. Џанели).

МК



**ВАЈГАНД Густав** (Weigand Gustav), 1 февруари 1860, Дуисбург – 8 јули 1930 Белгерсхајн (Германија). Германски етнограф и балканист, професор по романска и балканска лингвистика и етнографија (од 1896). Студирал англистика, германистика и романистика на Универзитетот во Лајпциг (1884-1888). Хабилитирал со труд за Власите (1891). Од 1887 повеќепати студиски патувал низ Балканот. Го основал „Институтот за романски јазик" во Лајпциг (1893). Во Првата светска

војна бил научен раководител на германската Македонска земска комисија. Го објавил трудот *Ethnographie von Makedonien*, Leipzig 1924.
Литература за него: 🖹 Ernst Eichler, *Slawistik in Deutschland von den Anfängen bis 1945*, Bautzen 1993, 429-431.

ИД/ВО



**ВАЛЧАКОВА Павла** (Valčáková Pavla), 22 март 1945 Пшеров (Чешка Република). Чешка лингвистка. Докторка по филозофија (PhDr.), кандидатка на науки. На Филозофскиот факултет при Масариковиот универзитет во Брно студирала чешки и руски јазик и литература. Потоа се вработила во етимолошкото одделение на Институтот за чешки јазик при АНЧР. Врз основа на дисертацијата *Některé české a slovenské názvy jídel a jejich ekvivalenty ve slovanských jazycích* (1986) се стекна со научно звање кандидатка на науки. Од 1988 е соавторка на *Etymologický slovník jazyka staroslověnského.*
Трудови кои содржат и македонистичка проблематика:
🖹 „Z materiálů Etymologického slovníku slovanských jazyků", (соавторка), *Slavia, 63*, 150-157; 66, 71-79 и 179-182; 70, 203-208; 72, 409-420; 74, 77-87. 🖹 *Etymologický slovník jazyka staroslověnského, A – sice*, Praha 1989. 🖹 „Slovanské *klevetati*", *Slavia, 61*, 473-477. 🖹 „Slovanské *krъvь*", *Slavia, 63*, 425-429. 🖹 „Některé slovanské názvy jídel", *Slavia, 63*, 425-429. 🖹 „Die slavischen Namen der Fleischfüllen und der mit ihnen gefüllten Erzeugnisse", *Slavia, 64*, 409-415. 🖹 „Staroslověnské názvy chleba a jejich kontinuanty v jihoslovanských jazycích", *Studia Balkanica Bohemo-Slovaca, 4*, 117-123, Brno 1995. 🖹 „Motivace slovanských názvů pro *uditi* a *uzené maso*", *Sborník prací filosofické fakulty brněnské university, A 44*, 25-27, Brno 1996. 🖹 „Praslovanské *kolsъ*", *Sborník prací filosofické fakulty brněnské university, A 45*, 27-30 (заедно со V. Blažek). 🖹 „Názvy koření ve slovanských jazycích (koprъ, koricę, k'üminъ, lukъ, męta)", *Slavia, 65*, 73-80. 🖹 „Názvy jídel v staroslověnských a církevněslovanských památkách makedonské redakce", *Македонско-чешка научна конференција*, Скопје 1998, 131-138. 🖹 „Některé názvy koření ve slovanských jazycích (anýz, bedrník)", *Slavia, 68*, 295-302. 🖹 „Názvy masa a některých masitých výrobků v jihoslovanských jazycích", *Les Études Balkaniques Tchèques, 10*, 35-42, Praha 1999. 🖹 „Sémantická motivace některých názvů pečiva ve slovanských jazycích", *Studia Etymologica Brunensia, 1*, Praha 2000, 261-265. 🖹 „Regardings PS. ĚDЪ", *Grammaticvs*, Brno 2001, 201-205. 🖹 „K významu staroslověnského *plъnije* 'proud, tok apod.'", *Slavia, 70*, 505-506. 🖹 „Matzenauerovy etymologie v Etymologickém slovníku jazyka staroslověnského", *Studia Etymologica Brunensia, 2*, 53-56, Praha 2003. 🖹 „Církevněslovanské *sanь* ‚drak'", *Slavia, 74*, 275-278. 🖹 „Některé názvy koření ve slovanských jazycích (rozmarýn, šalvěj)", *Studia Etymologica Brunensia, 3*, 399-406. 🖹 „Církevněslovanské expanze v materiálech Etymologického slovníku jazyka staroslověnského", *Cyril a Metod, Slovensko a Európa*, Trnava 2007, 64-68. 🖹 „Některé názvy měr v jihoslovanských jazycích", *Studia Macedonica*, Brno 2008, 124-131.

ИД

**ВАШИЦА Јозеф** (Vašica Josef), 30 август 1884 Штитина (Чешка Република) – 11 април 1968 Прага (Чешка Република). Истакнат чешки филолог-славист, палеославист, професор. Завршил богословија на Кирилометодиевскиот факултет во Оломоуц, словенска филологија учел кај В. Јагиќ и В. Вондрак, историја кај К. Иречек на Виенскиот универзитет. Научниот интерес го насочувал кон јазична, текстуална и фактографска анализа на старословенски правни текстови. Тој е застапник на тврдењето дека Методиј го превел *Номоканонот* и дека *Закон судныи людьмь* е по потекло од Моравија. Се занимавал и со кирилометодиевската традиција во чешките земји. Преведувал текстови од старословенски на чешки. Се интересирал и за старочешкиот превод на *Библијата* и на книжевни дела од периодот на чешкиот барок. Неговото научно дело е многу опширно.

Негови главни преводи:

🕮 *Idea cyrilometodějská*, Praha 1921. 🕮 *Slovanská bohoslužba v českých zemích*, Praha 1940. 🕮 *Mnicha Chrabra Obrana slovanského písma*, Praha 1941 🕮 *Na úsvitu křesťanství*, Praha 1942. 🕮 *Slovo na prenesenie moštem přeslavnago Klimenta* или *Legenda chersonská*, Praha 1948. 🕮 *Soupis staroslovanských rukopisů Národního muzea v Praze*, Praha 1957. 🕮 *Literární památky epochy velkomoravské 863-885*, Praha 1966 (второ издание 1996).

🗎 „Metodějův překlad Nomokánonu“, *Slavia*, 1955.

Литература за него: 🗎 F.V. Mareš, *Slovo*, Zagreb 1964. 🕮 *Кирило-Методиевска енциклопедия, 1*, София 1985. 🕮 Зд. Урбан, Л. Ржехачек, *Прага и българската филология*, София 1992.

ИД



**ВЕНДЕЛ Херман** (Wendel Hermann), 8 март 1884 Мец (Франција) – 3 октомври 1936 Нејли (Франција). Германски новинар и публицист. Студирал во Минхен. Во 1912 бил најмлад пратеник во германскиот „Рајхстаг“. Објавил повеќе прилози и книги за историјата, политиката и литературата на јужните Словени, меѓу нив и на Македонците.

🕮 *Pro Macedonia*, Paris 1918. 🕮 *Mazedonien und der Friede*, München 1919. 🕮 *Die makedonische Frage*, Wien 1927.

Литература за него: 🗎 *Biographisches Lexikon zur Geschichte Südosteuropas*, *4*, München 1981, 457-458.

ИД/ВО



**ВЕРИЖНИКОВА Елена Владимировна** (Верижникова Елена Владимировна), 4 септември 1963 Орел (Русија). Руска лингвистка. Кандидатка на филолошки науки, доцентка на Катедрата за словенска филологија на Филолошкиот факултет на МДУ. Дипломирала на групата за македонски јазик и литература (1985). Работела како научен соработник и професор по македонски и руски јазик на различни високообразовни институции: МДУ (1986-1989, 1993-2000 и од 2005), на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (1997-2000, како лектор по руски јазик), на Дипломатската академија во Москва (2001-2002). Била аташе за култура во Амбасадата на Руската Федерација во Република Македонија (2002-2006). Ја одбранила кандидатската дисертација „Категориальный статус и функционирование глагольных форм с компонентом *ќе* в современном македонском литературном языке“ (1997). Научните преокупации ѝ се во доменот на современиот македонски јазик, пред сè на граматиката и лексикографијата. Има над 30 објавени научни трудови. Има преведено раскази од П.М. Андреевски и Вл. Урошевиќ.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Македонско-руски речник. Македонско-русский словарь, 1-3*, Скопје 1997 (заедно со: ⇨Р.П. Усикова, ⇨З.К. Шанова, ⇨М. Поварницина, ред. ⇨Р.П. Усикова). 🕮 *Македонско-русский словарь. Македонско-руски речник*, Москва 2003 (заедно со: ⇨Р.П. Усикова, ⇨З.К. Шанова, ⇨М. Поварницина, ред.: ⇨Р.П. Усикова и Е.В. Верижникова).

🖹 „К вопросу о сопоставительном изучении функционирования форм будущих времен в балканославянских языках“, *Синхронно-сопоставительное изучение грамматического строя славянских языков*, Москва 1989, 6-8. 🖹 „Кон модално-негативните значења на глаголските форми со *ќе* во македонскиот јазик“, *16 НД*, 1990, 19-26. 🖹 „Кон изразување на повторливоста на дејствата во македонскиот јазик во споредба со рускиот, српскохрватскиот и бугарскиот јазик“, *18 НД*, 1992, 24-32. 🖹 „Взаимодействие модальности и негативности при формировании частного значения глагольной формы в македонском литературном языке“, *Актуальные проблемы славянской филологии*, Москва 1993, 48. 🖹 „За една употреба на идно време при искажување на минати дејства во македонскиот во споредба со рускиот (идно историско)“, *22 НД*, 1996, 99-104. 🖹 „Функционирование форм будущего времени в значении настоящего неактуального в македонском, русском и сербскохорватском языке“, *Сопоставительные и сравнительные исследования русского и других языков. Доклады. IV Международный симпозиум МАПРЯЛ*, Београд 1997, 164-170. 🖹 „Формите *ќе + да + verbum finitum* во македонскиот литературен јазик“, *МЈ, 1994-1996*, 1998, 235-242. 🖹 „Концепирање на одразувањето на лексиката во македонско-рускиот речник“, (заедно со ⇨Р. Усикова и Р. Тасевска), *Македонско-руски јазични, лит̄ерат̄урни и култ̄урни врски*, Скопје 1998, 53-60. 🖹 „Проблем на паронимијата и приод кон нејзиното лексикографско решавање“, *Македонско-руски јазични,*

*литературни и културни врски*, Скопје 1998, 247-250. 🗎 „Морфема по- как носитель значения компаративности в македонском языке", *Македонский язык, литература и культура в славянском и балканском контексте*. Москва 1999, 96-102. 🗎 „Транскрипција на руските имиња во македонскиот јазик" *ЛЗб, 1-2*, 2001, 49-52. 🗎 „За една употреба на идното време во македонскиот јазик: идно референтивно", *Руско-македонски јазични, литературни и културни врски*, Скопје 2006, 17-21.

Учествувала на МСМЈЛК во: 1983, 1989, 1991, 1995, 1996, 1998, 2008.

✉ 119991, ГСП-1, Москва, Ленинские горы, МГУ им. М.В. Ломоносова, 1-ый корпус гуманитарных факультетов, филологический факультет; e-mail: slavlang@philol.msu.ru, eluska@mail.ru

ЕЦ/МК



**ВЕЧЕРКА Радослав** (Večerka Radoslav), 18 април 1928 Брно (Чешка Република). Чешки лингвист, литературовед, славист, еден од најистакнатите современи чешки палеослависти. Студирал на Филозофскиот факултет во Брно и таму останал да работи. Се здобил со научни звања доктор по филозофија (PhDr., 1953), кандидат на филолошки науки (1958), доктор на науки (1987) и професор (1990). Во својата научна дејност е активен, пред сè, во областа на палеославистиката, словенската лингвистичка компаративистика и во областа на историјата на славистиката. Старословенскиот јазик го истражува од синтаксичка гледна точка. Објавил неколку десетини статии и ја издал монографијата *Syntax aktivních participií v staroslověnštině*, Praha 1961. Синтеза на неговите целоживотни научни усилби претставува неговата *Altkirchenslavische (altbulgarische) Syntax 1-4*, Freiburg-Brno, 1989--2002. Општ преглед на старословенскиот јазик и писменост во чешките земји и во Словакија има дадено во книгата *Slovanské počátky české knižní vzdělanosti*, Brno 1963. Освен тоа, се занимавал и со стилот во *Житието на Константин и Методиј*, напишал студија за придонесот на Константин-Кирил и Методиј во чешката и во словачката култура, како и преглед на великоморавската писменост. Еден е од авторите на едицијата и преводот на извори за историјата на Велика Моравија *Magnae Moravice Fontes Historici 1-4*, Praha 1966-1971. Има издадено учебник *Staroslověnština*, Praha 1984. Од областа на словенската компаративна лингвистика се неговите трудови: *Úvod do slovanské jazykovědy*, Praha 1977, и *Základy slavistiky a rusistiky*, Brno 1980. Соавтор е на колективните трудови од историјата на славистиката *Československé práce o jazyce, dějinách a kultuře slovanských národů od roku 1760*, Praha 1972, и *Československá slavistika v letech 1918-1938*, Praha 1977.

Литература за него: 🕮 *Кирило-методиевска енциклопедия, 1*, София 1985, 376-377. 🕮 *Slavica na Masarykově univerzitě v Brně*, Brno 1993, 231-232. 🕮 *Varia*, Brno 2008.

ИД



**ВИНДЛ Кевин** (Windle Kevin), 7 јануари 1947 Лондон (Англија). Австралиски лингвист, доктор на науки, професор. Работи во Школата за јазични студии на Австралискиот национален универзитет во Канбера. Високошколско образование има стекнато на Универзитетот во Ливерпул (1968), потоа магистерски на Мек Мастер Универзитетот и докторат по славистика на Мек Гил Универзитетот. Работел како предавач по руски на Универзитетот во Бризбејн, (1974-1981), уредник во сервисот ББС, Англија (1981-1987), а од 1987 е професор по руски и по преведување на Австралискиот национален универзитет во Канбера, директор на Школата за јазични студии на истиот универзитет (2003-2004), продекан (2006-2007), секретар на Австралиската и Новозеландската асоцијација на слависти (1993-2003), а од 2003 и потпретседател на оваа асоцијација. Член на редакцијата на сп. *ASEES* (од 2000). Негов основен предмет на интерес се руската и полската литература, словенската лексикографија, преведувачките студии. Со македонскиот јазик почнал да се занимава од 1994 работејќи со ⇨П. Хил и С. Мирчевска на подготовката на *Macedonian-English Dictionary* започнат од ⇨Р. де Бреј. Има објавено 97 труда.

Трудови од обаста на македонистиката:

🕮 Reginald de Bray, T. Dimitrovski, Bl. Korubin, T. Stamatoski, *The Routledge Macedonian-English Dictionary*, London 1998 (подготвен за печат од: ⇨P. Hill, S. Mirčevska, K. Windle).

🗎 „English-Macedonian Dictionaries: a survey of some recent publications", *SEER, Vol. 76, 2*, April 1998, 296-307. 🗎 „A Macedonian-English Dictionary based on *Rechnik na makedonskiot jazik*: some practical problems", *Proceedings of the 8th International Symposium on Lexicography*, Tübingen 1998, 307-313. 🗎 „Подготовките на македонско-англискиот речник", *24 НД*, 1998, 21-25. 🗎 „Англиските преводи на Реџиналд де Бреј на поезијата на Радован Павловски", *26 НД*, 2000, 453-459. 🗎 „Заметки о современном состоянии македонско-русской лексикографии", *ВЯ, 3*, Москва 2001, 40-49. 🗎 „Македонски пословици како што се претставени во македонско-руските речници" (заедно со М. Траверс), *27 НК*, 2001, 117-123.

Учествувал на МСМЈЛК во: 1994, 1999 и 2000.

⊠ School of Language Studies, Australian National University, Canberra, ACT 0200; (61) (2) 61252885; факс: (61) (2) 6125 2885; e-mail: Kevin.Windle@anu.edu.au

ЕЦ



**ВРОЦЛАВСКИ Кшиштоф** (Wrocławski Krzysztof), 28 септември 1937 Радом (Полска). Полски славист, полонист и македонист. Професор. Дипломирал на Геолошкиот факултет (1960) и на Филолошкиот факултет на Варшавскиот универзитет (1965). Докторирал на хуманистички науки (1974) и хабилитирал словенски литератури (1976). Доцент (1976) и професор (1991). Избран е за почесен професор на УКИМ (2000). Вработен во Институтот „Полоникум" на Варшавскиот универзитет (1965-1978). Лектор по полски јазик во Скопје (1967-1970). Директор на Институтот за словенска филологија (1978-1981, 1984-1987, 2001-2006), продекан на Факултетот за полонистика (1993-1999). Член на редакцијата на сп. *Studia Philologica Macedono-Polonica* и *Slavia Meridionalis*; Заменик-претседател на Комисијата за словенски фолклор при Меѓународниот славистички комитет (1993-2003), член на Етнолигвистичката комисија при МСК (од 2003); член на Полскиот славистички комитет (од 1992); Член на Балканистичката комисија при Полскиот славистички комитет (1999-2002 претседател); член на Научното варшавско друштво (од 1996). Главни области на неговиот научен интерес се славистичката фолклористика и словенските литератури. Објавил повеќе од 170 трудови. Македонскиот јазик почнал да го изучува за време на својата лекторска работа во Скопје (1967). Од тогаш започнува и неговиот интерес за македонистиката.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Македонскиот народен раскажувач Димо Стенкоски, 1*, Скопје 1979. 🕮 *Samowiły i pasterze. Bajki z Socjalistycznej Republiki Macedonii*, Warszawa 1981 (заедно со Т. Вражиновски и Б. Ристовски). 🕮 *Македонскиот народен раскажувач Димо Стенкоски, 2, Текстови*, Скопје 1984. 🕮 *O Bogu, jego sługach i diabelskich sztuczkach. Setnik legend Południowej Słowiańszczyzny*, Warszawa 1985. 🕮 *List z Nieba czyli Epistoła o niedzieli*, Warszawa 1991, 84. 🕮 *Споредбена монографија на македонското село Јабланица и полското село Пјентки Грензки*, Скопје 1992.

🗎 „Poezja słowiańska w przekładach Blaže Koneskiego", *Pamiętnik Słowiański, 19/1969*, 189-196. 🗎 „Historyczne, legendarne i literackie echa misji morawskiej Braci Sołuńskich w Polsce", *ГЗФФ, 22*, 1970, 393-419. 🗎 „Polski dramat w życiu kulturalnym Macedonii", *Polsko-jugosłowiańskie stosunki literackie*, Wrocław–Warszawa–Kraków 1972, 297-318. 🗎 „Z pogranicza ludowej pieśni i bajki (w sprawie mieszania gatunków w folklorze)", *Studia Instytutu Filologii Słowiańskiej Uniwersytetu Warszawskiego poświęcone VII Międzynarodowemu Zjazdowi Slawistów w Warszawie*, Warszawa 1973, 229-253. 🗎 „O pokrewieństwach bajki macedońskiej z turecką", *Ludowość dawniej i dziś. Studia Folklorystyczne*, Wrocław–Warszawa–Kraków 1973, 271-282. 🗎 Одредници за македонските писатели за едицијата *Mały słownik pisarzy zachodnio- i południowosłowiańskich*, Warszawa 1973. 🗎 „Фолклористички белешки кон драмата ‚Парите се отепувачка', 1", *МФ, 7/1974, 14*, 87-92. 🗎 „Z dziejów macedońskiej bajki ludowej (Przemiany w czasie, a czynnik środowiska)", *Co wieś to inna pieśń. Studia Folklorystyczne*, 149-168. 🗎 „Монографиите за народните раскажувачи на

приказни како современ метод на собирањето на фолклорот“, *МФ, 9/1976*, 15-19. 🗎 „Фолклористички белешки кон драмата ‚Парите се отепувачка‘, 2“, *МФ, 9/1976, 18*, 25-35. 🗎 „Makedonski folklor“, *Literatura Ludowa, 20/1976, 3*, 33-37 (критички осврт за броевите 1-13), 🗎 „Analiza porównawcza bałkańskiej legendy o świętym Sisoe (Sisiniju)“, *Z polskich studiów slawistycznych. Seria V Literaturoznawstwo. Folklorystyka. Problematyka historyczna,* Warszawa 1978, 357-366. 🗎 „W poszukiwaniu modelu przepowiedni jako odmiany funkcjonującej w literaturze ustnej“, *Studia Wydziału Rusycystyki i Slawistyki Uniwersytetu Warszawskiego*, Warszawa 1978, 163-168. 🗎 „Местото на хуморот во волшебната приказна“, *МФ, 9/1978, 21-22*, 199-204. 🗎 „Z badań nad związkami między południowosłowiańską epiką a prozą ludową“, *Acta Universitatis Vratislaviensis, 15*, Wrocław 1978, 5-13. 🗎 „Tanas Nikolovski“, *Literatura na Świecie, 1/1978*, 352-353 🗎 „За некои појави во современата македонска народна проза“, *МФ, 12/1979, 24*, 13-18. 🗎 „Haralampie Polenakovik’ – badacz folkloru i literatury“, *Pamiętnik Słowiański, 29/1979*, 224-231. 🗎 „За легендите собрани од Марко К. Цепенков“, *Симпозиум посветен на животот и делото на Марко Цепенков*, Прилеп-Скопје 1981, 47-56. 🗎 *Wstęp do S. Janevski, Zawzięci*, Warszawa 1981, 5-12. 🗎 „Pojava rivaliteta u umjetničkoj biografiji narodnog pripovjedača“, *Rad 27. Kongresa Saveza Udruženja Jugoslavije*, Sarajevo 1982. 🗎 „Studia porównawcze nad ludową prozą słowiańską wobec badań nad etnogenezą Słowian“, *Z polskich studiów slawistycznych, 6, Literaturoznawstwo – Folklorystyka – Problematyka historyczna. Prace na IX Międzynarodowy Kongres Slawistów w Kijowie 1983*, Warszawa 1983, 321-327 🗎 „За песната ‚Јана и Сонцето‘“, *Разгледи, 25/1983, 5*, 573-591. 🗎 „O pieśni ‚Jana i Słońce‘ ze zbioru Braci Miladinovów“, *Животот и делото на Браќата Миладиновци*, Скопје 1984, 39-53. 🗎 „Stosunki etniczne na Bałkanach w świetle kronik Macieja Stryjkowskiego“, *Balcanica Posnaniensis, 2,* Poznań 1985, 265-277. 🗎 „Јужните Словени во старата полска писменост“, *11 НД*, 1986, 177-187. 🗎 „Południowa Słowiańszczyzna w kronikach Macieja Stryjkowskiego (Pierwszy polski cytat serbski i pierwsza wzmianka o Macedończykach)“, *Literatura polska, a literatury słowiańskie. Studia,* Warszawa 1986, 81-90. 🗎 „Овој и оној свет во некои современи македонски и полски народни преданија“, *МФ, 19/1986, 37,* 29-37 (соавторство со Т. Вражиновски). 🗎 „Folklorystyczna wartość tekstów zapisanych przez M. Małeckiego w Macedonii Egejskiej“, *Zeszyty Naukowe Uniwersytetu Jagiellońskiego, PJ, 85*, Kraków 1987, 79-87 🗎 „Фолклористичка вредност на текстовите запишани од Мјечислав Малецки во Егејска Македонија“, *МФ, 20/1987, 39-40*, 35-44. 🗎 „Ten i tamten świat w ludowych opowieściach wierzeniowych“, *Z polskich studiów slawistycznych, 7, Literaturoznawstwo – Folklorystyka – Problematyka historyczna*, Warszawa 1988, 505-512. 🗎 „Z badań nad współczesną ludową opowieścią wierzeniową“, *Literackie i folklorystyczne sondaże. (Na podstawie wybranych typów opowieści polskich oraz bułgarskich i macedońskich)*, Warszawa 1989, 149-159. 🗎 „Споредба на приказните на Марко Цепенков со соодветни меѓународни типови на приказни“, *М.К. Цепенков, Македонски народни приказни*, Скопје 1989, 299-306 🗎 *Bajki z Jugosławii. Rządca losu*, Warszawa 1991. 🗎 „Vuka Karadžicia zainteresowania rolą jednostki w życiu folkloru“, *Studia o literaturze i folklorze Słowian. Dedykowane Józefowi Magnuszewskiemu*, Warszawa 1991, 123-131. 🗎 List z Nieba

czyli Epistoła o niedzieli po macedońsku w Polsce“, *Прилози, 16/1, 1991*, 1992, 17-54 (соавтоство со Т. Вражиновски). 🗎 „Którędy do Europy z Macedonii?“, *Kategoria Europy w kulturach słowiańskich,* Warszawa 1992, 153-161; 🗎 „Poszukiwacz losu. Słowiańskie bajki ludowe o doli ludzkiej“, *Pamiętnik Słowiański, 42/1992*, 69-86. 🗎 „Geschlechtswechsel. (Aarne-Thompson 514)“, *Narodna umjetnost, 30/1993*, Zagreb 1993, 133-145. 🗎 „Federacja rodziną narodów“, *Kategoria narodu w kulturach słowiańskich,* Warszawa 1993, 33-37. 🗎 „Blaže Koneski (19.XII. 1921 – 7. XII.1993)“, *Pamiętnik Słowiański, 43/1993*, 195-200. 🗎 „Macedońska proza ludowa na podstawie zbiorów z ubiegłego wieku“, *Folia Philologica Macedono-Polonica, 3*, Katowice 1994, 17-27. 🗎 „Granica realna – granica symboliczna (na przykładzie Macedonii i Bośni)“, *Pogranicze jako problem kultury*, Opole 1994, 175-181. 🗎 „Mosty w Macedonii i w Bośni“, *Regiony, 2 (73)/1994*, 97-100 🗎 „Tematyka wolności jako kryterium wartościowania w literaturoznawstwie macedońskim“, *Kategoria wolności w kulturach słowiańskich*, Warszawa 1994, 121-125. 🗎 „Supernatural Wife in the Folktales of the Balkan Area“, *Zeitschrift für Balkanologie, 31/2*, Berlin 1995, 221-224. 🗎 „Postawa człowieka wobec sacrum w słowiańskich bajkach ludowych o losie ludzkim“, *Folklor – Sacrum – Religia*, Lublin 1995, 172-182. 🗎 „„Ludo dete‘ w folklorze południowosłowiańskim“, *Obraz głupca i szaleńca w kulturach słowiańskich*, Warszawa 1996, 57-62. 🗎 „Macedońskie i polskie nekrologi prasowe jako podstawa do porównań kulturowych“, *Folia Philologica Macedono-Polonica, 4*, Скопје 1996, 145-160. 🗎 „Piękna żona mężowi korona, czyli o niektórych bałkańskich wariantach typu bajkowego AT 465“, *Pamiętnik Słowiański, 44/1994*, Wrocław 1996, 25-45. 🗎 „W poszukiwaniu sacrum w literaturze macedońskiej“, *Sacrum w literaturach słowiańskich*, Lublin 1997, 389-405. 🗎 „Problemy samoidentyfikacji narodowej Macedończyków“, *Rocznik Towarzystwa Naukowego Warszawskiego, 59/1996*, Warszawa 1997, 109-110. 🗎 „Adam Mickiewicz: „Oda do młodości“ w przekładach na języki słowiańskie“, *Publikacja dedykowana XII Międzynarodowemu Kongresowi Slawistów*, Warszawa 1998. 🗎 „O formie artystycznej tekstów zapisanych przez M. Małeckiego w Macedonii Egejskiej“, *Prasłowiańszczyzna i jej rozpad*, Warszawa 1998, 365-372. 🗎 „Funkcja podań lokalnych na pograniczu etnicznym“, *Folklor i pogranicza, 148*, Olsztyn 1998, 188-193. 🗎 „Блаже Конески за Полска и полската литература“, *Придонесоūт на Блаже Конески за македонскаūа наука*, Скопје 1999, 301-307. 🗎 „Блаже Конески како национален бард“, *Сūекūар, 17/1999, 33-34*, 73-85. 🗎 „Macedońskie i polskie kamienie kultowe“, *W zwierciadle języka i kultury*, Lublin 1999, 390-402. 🗎 „Blaže Koneski jako wieszcz narodowy“, *Folia Philologica Macedono-Polonica, 5*, Warszawa 2000, 390-402. 🗎 „Folklor jako instrument polityki na pograniczach etnicznych“, *Między kulturą „niską“ a „wysoką“. Zjawiska językowe, literackie, kulturowe,* Łódź 2001, 127-131. 🗎 *Ludowe obrzędy i podania. Etnograficzne i folklorystyczne studia wsi polskiej i macedońskiej* (соавторство со А. Задрожињска и Т. Вражиновски). 🗎 „Macedońskie i polskie podania wierzeniowe“, Warszawa 2002, 153-269 (соавторство со Т. Вражиновски). 🗎 „Дваесет години по излегувањето на споредбената полско-македонска монографија“, *70 īодини од исūражувањаūа на Јозеф Обремб-ски во Македонија*, Прилеп 2002, 143-148. 🗎 „Croatian, Macedonian and Ukrainian National Ideas of their Ethnogeny“, *The National Idea as a Researcher Problem*, Warszawa 2002, 241-153. 🗎 „Refleksje nad ‚Testamentem poety małego

narodu' Blaže Koneskiego", *Wokół Macedonii: siła kultury – kultura siły*, Poznań 2002, 143-155. 🗎 Напишал повеќе речнички статии за македонски автори во *Wielka Encyklopedia Powszechna*, Warszawa 2003, 2004. 🗎 „Народната слика на светот", *Балканска слика на свеШоШ*, Скопје 2006, 309-326. 🗎 „Temat egejski w powojennych dziejach kultury macedońskiej", *Dalecy i bliscy, Folia Philologica Macedono-Polonica, 7*, Poznań 2006, 133-143.
Учествувал на МСМЈЛК во: 1970, 1972, 1981, 1984, 1992, 1995, 2007.
⊠ Ul. Radna 17, m 5, 00-341 Warszawa, Polska; e-mail: wroclawscy@neostrada.pl
МК/ЉМ



**ГАЛТОН Херберт** (Галтон Херберт), 1 октомври 1917 Виена (Австрија) – 9 декември 2004 Виена (Австрија). Австриски и американски лингвист. На Виенскиот универзитет студирал славистика кај познатиот лингвист Н.С. Трубецкој. Во 1938 емигрирал во Холандија, а потоа во Велика Британија. За време на војната бил на чело на српскохрватскиот оддел на ББС. Докторирал во Лондон (1951) со тема од областа на старословенската фонологија. Се вратил во Виена (1951-1962), а потоа отишол на Универзитетот во Канзас (САД), каде што предавал словенска лингвистика сè до пензионирањето, а потоа се вратил во Виена. Галтон бил полиглот што ги познавал сите поважни западноевропски јазици и речиси сите словенски јазици. Добитник на плакета на УКИМ за придонес во изучувањето на македонскиот јазик (1987). Бил член на многубројни исклучително значајни асоцијации и здруженија. Има објавено 6 книги, околу 100 статии и студии. Негов предмет на научен интерес се речиси сите подрачја на лингвистиката. Се занимавал со прашања на дијахрониската и на синхрониската лингвистика во некои словенски и несловенски јазици.
Трудови од областа на македонистиката:
🕮 *The Main Functions of the Slavic Verbal Aspect*, Скопје 1976.
🗎 „Кратка теорија за македонскиот глаголски вид", *Прилози, 5, 1-2*, 1974, 13-33. 🗎 „Споредување на глаголскиот вид во грчкиот и во словенските јазици", *1 НД*, 1982, 33-40. 🗎 „Временско-просторниот образец во балканско-словенската конјугација и деклинација", *3 НД*, 1976. 🗎 „Таканаречената обопштувачка функција на определениот член", *4 НД*, 1977. 🗎 „Придонес кон типолошката диференцијација на јужнословенските јазици", *6 НД*, 1979. 🗎 „Дали сите облици на истиот глагол ја имаат истата валентност", *7 НД*, 1980. 🗎 „Die Balkanisierung des Südostslavischen", *MJ, 32-33*, 1981-1982, 115-130. 🗎 „Основното и хипотетичното значење на македонското минато несвршено определено време", *MJ, 34*, 1983, 135-142. 🗎 „Словенски јазични контакти со алтајските народи", *MJ, 36-37*, 1985-1986, 59-64. 🗎 „Една споредба меѓу старословенските и македонските минати времиња", *MJ, 38-39*, 1987-1988, 63-66. 🗎 „Разни облици на условниот начин во делото на Петре Андреевски", *MJ, 40-41*, 1989-1990, 93-99.

Учествувал на СМЈЛК во 1974, 1976, 1978, 1986, 1989.
Литература за него: 🗎 В. Пјанка, „За Херберт Галтон (1917-2004)", *Универзитетски весник, посебен број*, август 2006, 7.

ЕЦ

**ГАРД Пол** (Garde Paul), 1926 Авињон (Франција). Француски славист и професор. Предавал словенски јазици и литератури на универзитетите во Прованс, Јеил, Колумбија и Женева. Докторирал во 1963. Автор е на голем број монографии и статии посветени на прашања за јазиците, културите и историите на јужнословенските и на балканските народи, на руската граматика, акцентот во словенските јазици.
Негови поважни трудови:
🕮 *L' Accent*, Paris 1968. 🕮 *Histoire de l'accentuation slave, t. 1-2*, Paris 1976. 🕮 *Le mot, l'accent, la phrase: études de linguistique slave et générale*, Paris 2006. 🗎 „Des diverses especes de sous – entendus",*10 НД*, 1983.

МК



**ГЕЗЕМАН Герхард** (Gesemann Gerhard), 16 декември 1888 Лихтенберг (Германија) – 31 март 1948 Телц (Германија). Студирал класична и словенска филологија, германистика, компаративна лингвистика и индологија на универзитетите во Минхен, Берлин и Кил. Докторирал во Кил (1913). Во 1914 бил наставник по германски јазик во Белград. Хабилитирал врз основа на трудот „Ерлангенскиот ракопис" (1920). Бил професор на Германскиот универзитет во Прага (1922-1940), директор на Германскиот научен институт во Белград (1940-1944). Во своите научни трудови Геземан речиси исклучиво се занимава со српски и црногорски теми. Пишувал и за Македонците. Напишал повеќе прилози за македонската историја, литература и превел македонски народни песни. Во книгата *Mazedonien – Leben und Gestalt einer Landschaft, Berlin 1940*, напишал опсежен увод за македонскиот пејачки фолклор.
Литература за него: 🗎 Wolf Oschlies, „Gerhard Gesemann – der ‚Schöpfer'" Montenegros", *Kulturpolitische Korrespondenz, 15.7.1985*, 9-11.

ИД/ВО



**ГЕОРГИЕВСКИ Христо** (Georgievski Hristo), 24 октомври 1943 Куманово (Македонија) – 3 јуни 2000 Белград (Србија). Српски и македонски литературен историчар, поет и преведувач. Професор на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Белград. Магистрирал на Филолошкиот факултет во Белград со темата „Романите на Славко Јаневски" (1976), кога почнал и да работи како асистент по Македонска книжевност. Докторирал на истиот факултет со темата „Македонскиот роман 1952-1972" (1979). Освен

македонска книжевност предавал и бугарска книжевност, како и книжевност за деца. Бил член на редакцијата на сп. *Градина* (Ниш), како и член на ДПМ. Објавил стотина книжевно-историски студии и монографии, како и неколку поетски збирки на српски и на македонски јазик. По курсот по македонски јазик и литература на Филолошкиот факултет во Белград, почнал да се занимава со македонска литература.

Трудови од обласга на македонистиката:

📖 *Две Марије Славка Јаневског*, Београд 1982. 📖 *Македонскиот роман 1952-1982*, Скопје 1983. 📖 *Поетиката на македонскиот расказ*, Скопје 1985. 📖 *Сунце у поморанџама – Антологија македонске приповетке за децу*, Нови Сад 1989. 📖 *Македонски роман*, Београд 1991. 📖 *Историја и поетика на македонската драма*, Скопје 1995.

🗎 „Ново и поетско у роману Славка Јаневског", *Градина, 11*, Ниш 1975, 18-27. 🗎 „Развојне тенденције македонског романа", *Петнаесетти Рациновы средби*, Титов Велес 1978, 181-200. 🗎 „Митските ситуации и значењата во романот Тврдоглави", *ЛЗб, 2*, 1979, 59-72. 🗎 „Проблем лирске форме романа", Предговор кон романот на С. Јаневски *Две Марије*, Београд 1981, 10-17. 🗎 „Свест за песната", *Развиток, 20/1-2*, Битола 1982, 23-33. 🗎 „Poezija Petra Andreevskog", *Izraz, 59/5*, Sarajevo 1986, 417-433. 🗎 „Расчленување на уметничката визија – ‚Големата вода' на Живко Чинго (поговор)", Скопје 1990, 157-163. 🗎 „Порадикална преструктуација на раскажувачката материја – ‚Она што беше небо' од В. Малески (поговор)", Скопје 1990, 189-196. 🗎 „Поезија Константина Миладинова", *Књижевност и језик, 37/3*, Београд 1990, 262-265. 🗎 „Стваралаштво Живка Чинга", *Књижевне новине, 49/955*, Београд 1997, 9-10.

Учествувал на МСМЈЛК во: 1978, 1986.

Литература за него: „Христо Георгијевски – биографија и библиографија", *Годишњак, 1*, Београд 2005, 232-238.

МК/ПР



**ГОЛОМБ Збигњев** (Gołąb Zbigniew), 16 март 1923, Нови Тарг (Полска) – 24 март 1994, Чикаго (САД). Полски лингвист, индоевропеист, славист, балканист. Професор по словенска лингвистика, истакнат македонист, специјалист по славистика и општа лингвистика, покажувал посебен интерес за историската лингвистика и синхрониската синтакса. Професор по словенска лингвистика на Универзитетот во Чикаго. Магистрирал на Полскиот универзитет во Вроцлав (1947), докторирал на Јагјелоњскиот универзитет во Краков (1958). Работел како професор по словенска лингвистика на Католичкиот универзитет во Лублин (1952-1961), на Славистичкиот институт на ПАН (1955-1961), на Универзитетот во Чикаго (1962-1993). Со неговата активност се сврзани почетоците на лингвистичката македонистика во САД. Бил ментор на првата докторска дисертација од областа на македонистиката во САД, напишана од ⇨В. Фридман. Член на МАНУ

(1972). Почнал да учи македонски јазик кај ⇨М. Малецки на Јагјелоњскиот универзитет. Има објавено вкупно 93 труда.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Conditionalis typu bałkańskiego w językach południowosłowiańskich*, Kraków 1964. 🕮 *The Arumanian Dialect of Kruševo in SR Macedonia, SFR Yugoslavia*. Скопје 1984. 🕮 *The Origins of the Slavs: A Linguist's View*, Columbus 1992.

Трудови од областа на македонистиката:

🗎 „Dwie gwary macedońskie (Suche i Wysoka w Solunskiem)", *Sprawozdania PAU 1953, 2*, 77-81. 🗎 „Funkcja syntaktyczna proklitiki zaimkowej w gwarach macedońskich", *Lingua Posnaniensis, 4*, 1953, 277-291. 🗎 „Stanowisko języka macedońskiego wsród języków południowo-słowiańskich", *Sprawozdania Instytutu Językoznawstwa Uniwersytetu Jagiellońskiego*, 1954, 257-260. 🗎 „Funkcja syntaktyczna partykuły *da* w językach południowo-słowiańskich", *Biuletyn Polskiego Towarzystwa Językoznawczego, 13, 1954*, 67-92. 🗎 „Z fonologii gwar Bogdańska (na tle ogólnomacedońskim)", *Studia z filologii polskiej i słowiańskiej, 1, 1955*, 289-333. 🗎 „The Conception of ‚Isogrammatism'", *Biuletyn Polskiego Towarzystwa Językoznawczego, 15, 1956*, 3-12. 🗎 „H. Lunt, A Grammar of the Macedonian Literary Language", *RS, 18*, 1956, 111-119 (приказ), 🗎 „За неколку сличности меѓу полските и македонските говори", *MJ, 8*, 1957, 129-135. 🗎 „Неколку белешки за палатализацијата на согласките во македонскиот јазик", *MJ, 8*, 1957, 65-71. 🗎 „Неколку белешки врз историјата на македонскиот јазик", *MJ, 9, 1958*, 1-15. 🗎 Генетички врски меѓу карпатската и балканската сточарска терминологија и улогата на словенскиот елемент во ова подрачје", *MJ, 10, 1959*, 19-50. 🗎 „The Influence of Turkish upon the Macedonian Slavonic Dialects", *Folia Orientalia, 1, 1959*, 26-45. 🗎 „Some Arumanian-Macedonian Isogrammatisms and the Social Background of Their Development", *Word, 15.3, 1959*, 415-435. 🗎 „Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско), I", *MJ, 11-12, 1961*, 113-182. 🗎 „Nowomacedoński typ perfectum ze słowem *imam*/*sum*", *Zeszyty Naukowe Uniwersytetu Jagiellońskiego: Prace Językoznawcze, 4*, 1961, 321-325. 🗎 „Szkic dialektu Arumanów macedońskich", *Zeszyty Naukowe Uniwersytetu Jagiellońskiego: Prace Językoznawcze, 4*, 1961, 75-200. 🗎 „Uwagi nad historią języka macedońskiego", *Sprawozdania Komisji Słowianoznawstwa Oddziału PAN w Krakowie*, Kraków 1961, 138-139. 🗎 „‚Balkanisms' in the South-Slavic Languages", *SEEJ, 6/2*, 1962, 38-42. 🗎 „Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско), II", *MJ, 13-14*, 1963, 173-276. 🗎 „The Problem of Verbal Moods in Slavic Languages", *IJSLP, 8*, 1964, 1-36. 🗎 „Етногенезата на Словените во светлината на лингвистиката, I", *MJ, 19, 1968*, 5-20. 🗎 „За ‚механизамот' на словенско-романските односи на Балканскиот Полуостров", *MJ, 21, 1970*, 5-18. 🗎 „Значењето на македонскиот јазик во балканистичките студии", *Пристапни предавања, прилози и библиографија*, 1974, 37-43. 🗎 „Структурална поредба на еден влашки и македонски текст", *Прилози, 5/2*, 1974, 35-40. 🗎 „On the Mechanism of Slavic-Rumanian Linguistic Interference in the Balkans", *Bulgaria, Past and Present: Studies in History, Literature, Economics, Music, Sociology, Folklore & Linguistics*, Columbus 1976, 296-309. 🗎 „Македонско-влашки лексички изедначувања како пример на централнобалканската културна заедница", *MJ, 32-33, 1982*, 137-146. 🗎 „Конструкциите со *има* и глаголската придавка во

македонскиот и влашкиот јазик“, *2 НД*, 1983, 1-12. 🗎 „South Slavic *da* + Indicative in Conditional Clauses and Its General Linguistic Implications“, *Papers for the V. Congress of Southeast European Studies*, Columbus 1984, 170-198. 🗎 „Размислувања за супстанцијалните и формалните обележја на словенските јазици“, *Прилози, 12/1*, 1987, 39-56. 🗎 „The Language of the First Slavs in Greece“, *Прилози, 14/2*, 1989, 5-46. 🗎 „Јазикот на првите Словени во Грција и историјата на македонскиот јазик (Неколку белешки во врска со работите на Васмер и Малингудис)“, *МЈ, 40-41*, 1990, 115-128. 🗎 „Lehr-Spławiński redivivus versusque: Pochodzenie i praojczyzna Slowian w slawistyce ostatnich lat czterdziestu“, *RS, 47, 1991*, 123-140. 🗎 „Етничка позадина и внатрешен лингвистички механизам на таканаречената ‚балканизација‘ на македонскиот јазик“, *Studies in Macedonian Language and Culture*, Ann Arbor 1995, 49-66. 🗎 „Прашањето на старословенскиот превод на Оче Наш и неговите теолошки импликации“, *Студии за македонскиот јазик, литература и култура*, Скопје 1996, 27-32. 🗎 „The Ethnic Background and Internal Linguistic Mechanism of the So-Called Balkanization of Macedonian“, *Balkanistica, 10, 1997*, 13-19.

Литература за него: 🗎 *Balkanistica 10*, The South East European Studies Association, Mississippi 1997. 🗎 B. Vidoeski, *Zbigniew Gołąb (1923–1994), Slavia Meridionalis, 2,* Warszawa 1999, 191-194.

ЕЦ



**ГОРТАН-ПРЕМК Даринка** (Гортан-Премк Даринка), 27 мај 1937 Нови Сад (Србија). Српски лингвист, истакнат лексиколог, доктор на филолошки науки. Професор. Дипломирала југословенска книжевност и српскохрватски јазик (1959) на Филозофскиот факултет во Белград. Докторирала на истиот факултет (1967). Работела како асистент во Институтот за српски јазик на САНУ (1961-1968), научен соработник (1968-1975), виш научен соработник (1975-1981). Професор на Филолошкиот факултет во Белград (1984-1998). Предавала лексикологија, лексикографија и морфологија со зборообразување на Филолошкиот факултет во Белград. Член е на Матица српска и на редакциите на списанијата *Јужнословенски филолог* и на *Наш језик*. Нејзина професионална преокупација се лексикографијата, лексикологијата и семантиката. Автор е на повеќе од 180 трудови од кои 4 книги. Од 1996 до 2000 живеела во Скопје и се заинтересирала за македонскиот јазик.

Трудови од областа на македонистиката:

🗎 „О лексикографској дефиницији и систему лексикографских дефиниција у једнојезичком речнику“, *Прилози, 21/2*, 1996, 105-123. 🗎 „О универзуму једнотомног дескриптивног речника стандардног језика – лексикографске недоумице“, *МЈ, 45-47, 1994-1996*, 1998, 107-115. 🗎 „За лексикографската дефиниција и системот на лексикографските дефиниции во еднојазичниот речник“, *25 НД*, 1999, 23-26. 🗎 „Речник деривационих гнез-

да као основа за упоредно испитивање лексичких система словенских језика", *27 НД*, 2001, 19-24. 🖹 „Српско-македонски семантичко-деривационен речник, *28 НД*, 2002, 121-131 (соавторство со М. Миркуловска). 🖹 „Предлог заснивања заједничког пројекта: Српско-македонски семантичко-деривациони речник", *29 НД, 2003* (соавторство со В. Васиќ). 🖹 „Још о хомонимији придева, *СлС, 2002*, 145-150. 🖹 „Семантичко-деривациони двојазични речници", *НД 29, 2003*. 2003, 121-133 (соавторство со М. Миркуловска).

МК



**ГРИНБЕРГ Марк Л.** (Greenberg Marc L.), 9 ноември 1961 Лос Анџелес (САД). Американски лингвист, професор и шеф на Катедрата за словенски јазици и литератури на универзитетот во Канзас (од 2000). Дипломирал словенски јазици и литератури (1983) на Универзитетот во Калифорнија. Магистрирал словенска лингвистика на Универзитетот во Чикаго (1984) и докторирал (1990) на Универзитетот во Калифорнија. Од 1990 работи како професор на Универзитетот во Канзас каде што предава словенски јазици и литератури. Се занимава со историска и компаративна лингвистика, дијалектологија, славистика, индоевропеистика. Член е на голем број меѓународни лингвистички асоцијации. Има објавено 4 книги, 23 статии, 4 енциклопедиски статии и др. трудови. Бил член на редакциите на неколку списанија. Македонски учи пасивно од 1980. Македонски материјал обработува во повеќе свои трудови:

🖹 „Različni vzroki za širitev in povratni razvoj glasoslovne spremembe: rotacizem v južnoslovanskih jezikih", *Logarjev zbornik*, *1*, Maribor 1996, 40-49. 🖹 „Vatroslav Oblak and Early Innovations in the South Slavic Vocalic Systems", *Obdobja*, Ljubljana 1996, 101-110. 🖹 „The Prehistory and Areal Distribution of Slavic **gъlčěti* 'Speak'", *Slovenski jezik / Slovene Linguistic Studies, 6*, 9-76 (соавтор J. Schallert).

⊠ Department of Slavic Languages and Literatures, University of Kansas; 1445 Jayhawk Blvd., Rm. 2134; Lawrence, Kansas 66045-7590; ☎ +785-864-2349; факс: +785-864-4298; e-mail: mlg@ku.edu

ЕЦ

**ДВОРНИК Франтишек** (Dvorník František), 14 август 1893 Хомиж (Чешка Република) – 4 ноември 1975. Чешки професор, светски познат славист и византолог, член на ЧАНУ и на неколку странски академии. Еден од основачите на сп. Byzantinoslavica. По апсолвирањето на теолошкиот факултет во Оломоуц студирал на Карловиот универзитет во Прага. Византологија и славистика студирал во Париз, каде што дипломирал. По германската окупација не се вратил во Чехословакија. Предавал на неколку универзитети во САД и во Европа. Специјалист по византиска црковна историја и по историја на кирилометодиевската мисија во Велика Мора-

вија. Во своите научни трудови *Les légendes de Konstantine et de Méthode vues de Byzance*, Praha 1933; *Byzantské misie u Slovanů*, Praha 1970, дава оценка на старословенските споменици врз основа на анализа на многу византиски извори и така започнал нова етапа во кирилометодиевските истражувања. Автор е на повеќе од сто студии, статии и анализи напишани на чешки, француски, германски и англиски јазик, во кои, меѓу другото, ги истражува византиско-словенските и словенско-несловенските врски.
🕮 *Fotiovo schizma. Historie a legenda*, Praha 2008.
Литература за него: 🕮 M. Kudělka, Zd. Šimeček a kol.: *Čsl. práce o jazyce, dějinách a kultuře slovanských národu od r. 1760. Biograficko-bibliografický slovník*, Praha 1971.

ИД

**ДЕ БРЕЈ Реџиналд Џорџ Артур** (De Bray Reginald George Arthur), 1912 Санкт Петербург – 28 мај 1993 Канбера (Австралија). Англиски филолог, славист. Студирал на Оксфордскиот и на Лондонскиот универзитет. Докторирал на Лондонскиот универзитет каде што предавал споредбена граматика на словенските јазици во два периода (1942-1955, 1966-1971). Работел на Универзитетот во Мелбурн 1955-1963, потоа на Универзитетот во Монаш (1963-1966), на Австралискиот национален универзитет во Канбера (1971-1977). Бил прв професор по руски јазик во Австралија. Член-соработник на Австралиската академија на хуманистички науки. Член на МАНУ (1986). Во 1951 во Лондон го објавил *Guide to the Slavonic Languages* (второ изд. 1969 London, трето изд. 1980 Columbus, Ohio), со дел (243-312) посветен на македонскиот јазик: историски увод и нацрт на граматиката. Се зборува за развитокот на македонскиот литературен јазик, се опишува неговата граматичка структура и се дава избор од македонски текстови. На македонистичката проблематика се враќа и подоцна во неколку статии. Превел и издал два избора од поезијата на Р. Павловски на англиски, со што дал придонес во афирмацијата на македонската култура во странство. Учествувал на Меѓународниот семинар за македонистика организиран од Фондацијата за македонски студии во Сиднеј 1991. Иницијатор е и главен автор на англиската страна на Reginald de Bray, T. Dimitrovski, Bl. Korubin, T. Stamatoski, *The Routledge Macedonian-English Dictionary*, edited and prepared for publication by ⇨P. Hill, S. Mirčevska and ⇨K. Windle, London 1998, базиран врз тротомниот речник на македонскиот јазик, објавен по неговата смрт, во 1998.
Трудови областа на македонистиката:
🗎 „Поглед на еден странец на разликите меѓу македонскиот и бугарскиот литературен јазик", *MJ, 27, 1976*, 31-38. 🗎 „Општа споредба на акцентскиот систем на македонскиот литературен јазик со системите во другите словенски јазици и романскиот и грчкиот јазик", *7 НД*, 1980. 🗎 „A note on some problems in translating Radovan Pavlovski's poems in Macedonian into English", *MJ, 32-33 (1981-1982)*, 49-50.
Учествувал на СМЈЛК во: 1969, 1970, 1980.

ЕЦ



**ДЕ ЈОНГ Јута** (De Jong Jutta), 1950 Есен (Германија). Германска историчарка. Студирала историја и географија на универзитетите Гетинген и Бохум (1969-1975). Била на студиски престој во Македонија (1976-1977). Докторирала на тема за националното движење во Македонија кон крајот на XIX век (1982). Дисертацијата е прва во германската историска наука напишана врз основа на компјутерска обработка на податоците и подоцна добила прва награда на „Германското друштво за Југоисточна Европа".

Трудови од областа на македонистиката:

🗎 „Der nationale Kern des makedonischen Problems – Ansätze und Grundlagen einer makedonischen Nationalbewegung (1890-1903)", *Ein Beitrag zur komparativen Nationalismusforschung, Europäische Hochschulschriften Reihe, 3,* Frankfurt a. M. – Bern 1982. 🗎 „Граници и можности на социјално-научната методика во историското истражување на Југоисточна Европа според примерот на етнопроучувањето на слоевите-носители на македонското национално движење 1893-1903", *Понови проучувања на Југоисточна Европа*, Скопје 1981, 279-294. 🗎 „Zur Erfassung nationaler Trägergruppen am Beispiel Makedoniens", *Zeitgeschichte Osteuropas als Methoden- und Forschungsproblem*, Köln 1984, 47-58.

Учествувала МСМЈЛК во 1975.

⊠ Girondelle 71, D-44799 Bochum; ☏ 0049-234387777; факс: 0049-234387752.

ИД/ВО



**ДОРОВСКА Дагмар** (Dorovská Dagmar), 21 декември 1938 Простејов (Чешка Република). Чешка бохемистка, русистка, балканистка и преведувачка. Дипломирала на Филозофскиот факултет во Брно, докторка по филозофија (PhDr., 1973), кандидатка на филолошки науки (1985). Хабилитирала врз основа на дисертацијата за застапеноста на словачката литература во литературното воспитување во чешките основни школи (1987). Научно обработува теми поврзани со литературното воспитување во системот на општото образование, со чешко-словачкиот културен контекст, со југословенските национални литератури и посебно со македонската литература и чешко-македонските книжевни врски. Превела две книги од О. Николова (заедно со ⇨И. Доровски). Авторка е на десетина речнички за македонски автори во *Slovník balkánských spisovatelů*, Praha 2001, и на дваесетина речнички статии за македонски автори во *Slovník autorů světové literatury pro děti a mládež, 1, Zahraniční spisovatelé*, Praha 2007.

🗎 „České cestopisy o Makedonii", *Les Études Tchéques, X*, Prague 1999. 🗎 „Nezvalova poezie makedonsky", *Трета македонско-чешка конференција*, 2007, 128-131. 🗎 „Vypravěč a hrdina v makedonské povídce", *Studia Macedonica*, Brno 2008, 206-213.

Литература за неа: *Slavica na Masarykově univerzitě v Brně,* Brno 1993.
Учествувала на МСМЈЛК во 1994, 1995, 1996, 1999, 2000, 2005, 2006, 2007, 2008.
⊠ Velkopavlovická 2, 62800 Brno; e-mail: dorovski@volny.cz

ЕЦ/ЉМ



**ДОРОВСКА Ивана** (Dorovská Ivana), 6 март 1979, Брно (Чешка Република). Чешка македонистка и бохемистка. Вработена е во Институтот за славистика при Филозофскиот факултет на Масариковиот универзитет. Завршила магистерски студии на истиот факултет (2003), каде што потоа се здобила со звање докторка по филозофија (PhDr., 2003). Во својата научна дејност се занимава со прашања на драмската литература на југословенските народи по Втората светска војна, пред сè со македонската драма. Превела раскази и драми од македонски автори.

🖹 „Některé zvláštnosti dramatiky Gorana Stefanovského", *Studia Balcanica Bohemo-Slovaca, 5,* Brno 2002, 156-162. 🖹 „O současném makedonském dramatu", *Slavista s duší básníka,* Brno 2005, 125-131. 🖹 „Některé zvláštnosti současného makedonského a srbského dramatu", *Studia Balcanica Bohemo-Slovaca, 6,* Brno 2006, 651-658. 🖹 „Jak zní Michal Viewegh makedonsky?", *Трета македонско-чешка конференција,* Скопје 2007, 136-139. 🖹 „Vývoj dramatu v jihoslovanských literaturách od 90. let 20. století", *Studia Macedonica,* Brno 2008, 231-240.

Учествувала на МСМЈЛК во: 2000, 2001, 2002, 2005.
⊠ Karoliny Světlé 33, 62800 Brno; e-mail: dorovskaivana@hotmail.com

ЕЦ/ЉМ



**ДОРОВСКИ Иван** (Dorovský Ivan), 18 мај 1935 Чука (Грција). Чешки славист, балканист, литературовед. Професор, доктор на науки, член на МАНУ (1979), почесен професор на УКИМ (2000). Добитник е на Медал за заслуги за Македонија (2007). Почесен член на ДПМ и добитник на Почесното Рациново признание (2008). Вработен е на Масариковиот универзитет (од 1961), прво на Катедрата за руски јазик, потоа на Катедрата за странски јазици (1963-1968) на Кабинетот за балканистика и унгаристика каде што бил и шеф (1968-1995). Таму работи и по обединувањето на Кабинетот со Катедрата за руски јазик и литература во еден Институт за славистика. Член е на неколку лингвистички и литературни асоцијации и здруженија, долгогодишен потпретседател на Чешкиот балканистички комитет, неколку години продекан, од 2003 е член на Президиумот на МСК. Дваесет години е главен и одговорен уредник на двомесечното научно-литера-

турно сп. *Universitas*, потоа две години главен уредник на сп. за култура *Štafeta*, главен уредник на сп. на здружението *Pro přátele jižních Slovanů*, што од 2001 излегува под наслов *Slovanský jih*. Од 1961 држел вежби по македонски јазик за слависти и млади научни работници, првите неколку години факултативно, подоцна во рамките на наставната програма за слависти и југослависти. По негова заслуга е отворен лекторатот по македонски јазик на Масариковиот универзитет во Брно (1993). Предава историја на литературата на Јужните Словени, теорија и практика на преводот, историја на македонската литература, историја на несловенските литератури на Балканот итн. Повеќе од пет децении научно се занимава со славистички и балканистички теми, особено разработува историски, литературно-историски, етнографско-фолклористички и лингвистички прашања на балканските словенски и несловенски народи и теми од чешката и од другите словенски литератури. Тој е еден од членовите на научниот тим што теоретски и методолошки ја разработи теоријата за двodomноста и билитературноста, за т.н. меѓулитературни заедници. Тој е двodomен и билитературен автор. Главен уредник е и автор или соавтор на повеќе од четириесетина монографии, литературни и јазични лексикони, дваесетина избори и антологии, повеќе десетици студии и статии, прегледи, осврти, полемики, рецензии. Уредил неколку десетици славистички и балканистички зборници и книги, осум тома балканистичка библиографија и др. Неговата библиографија содржи повеќе од 2750 библиографски единици. Овде ги издвојуваме пообемните. Трудови од областа на македонистиката:
🕮 *České země a Balkán. Kapitoly z dějin česko-makedonských a makedonsko-českých styků*, Brno 1973. 🕮 *Воздействие русской и украинской литературы на творчество Райко Жинзифова*, Брно 1988 (на македонски, Скопје 2003). 🕮 *Студии за балканскиот литературен процес во 19 и 20 век*, Скопје 1992. 🕮 *Česko-makedonský a makedonsko-český slovník*, Brno 1994, 1995, 2002 (заедно со ⇨Д. Стефанија). *Makedonci žijí mezi námi, 1*, Brno 1998. 🕮 *Slovník balkánských spisovatelů*, Praha 2001. 🕮 *Slovník autorů světové literatury pro děti a mládež. I. Zahraniční spisovatelé*, Praha 2007. 🕮 *Slovanské literatury a dnešek*, Brno 2008. 🕮 *Makedonci žijí mezi námi, 2*, Brno–Boskovice 2008.
🗎 „Некои проблеми од јужните македонски говори“, *4 НД*, 1977. 🗎 „За транспозицијата на книжевното дело“, *4 НД*, 1977. 🗎 „За некои прашања на споредбеното проучување на балканските литератури“, *10 НД*, 1982. 🗎 „Чехословачката балканистика и македонистика во последните две децении“, *14 НД*, 1988, 27-38. 🗎 „За некои балканизми и за т.н. литературни микројазици“, *19 НД*, 1992, 30-38. 🗎 „Чешката лингвистика како инспирација за научната дејност на Благоја Корубин“, *23 НД*, 1997, 113-117. 🗎 „Национална историја – емиграција – двodomност“, *26 НД*, 2000, 335-344. 🗎 „Македонската драмска литература во европски контекст“, *26 НД*, 2000, 345-356. 🗎 „Делото на Славко Јаневски на чешки и на словачки јазик, *27 НД*, 2001, 171-179. 🗎 „Словенските микролитератури како составен дел на националните литератури“, *33 НК*, 2007, 97-103. 🗎 „Живко Чинго на чешки“, *34 НК*, 2008, 73-77.

Учествувал на МСМЈЛК во: 1968, 1983, 1994, 1995, 1996, 1999, 2000, 2005, 2006, 2007, 2008.
Литература за него: 🕮 *Ivan Dorovský, Bibliografie*, Brno 1995, 2000, 🕮 *Slavista s duší básníka*, Brno 2005. 🕮 *Slavica na Masarykově univerzitě*, Брно 1993.
🖂 Velkopavlovická 2, 62800 Brno; e-mail: dorovski@volny.cz

ЕЦ/ЉМ



**ДОФЛАЈН Франц Теодор** (Doflein Franz Theodor), 24 август 1873 Париз (Франција) – 24 август 1924 Обер-ниг (Германија). Германски зоолог. Студирал природни науки во Минхен и Страсбург (1893-1898). Професор на Универзитетот во Фрајбург (1912) и на Универзитетот во Вроцлав (1918). Во Првата светска војна бил член на германската „Македонска земска комисија“. Во 1921 ја објавил својата книга: *Mazedonien – Erlebnisse und Beobachtungen eines Naturforschers im Gefolge des deutschen Heeres*, Jena 1921.
Литература за него: 🗎 Волф Ошлис, „Од историјата на германскиот научен интерес за Македонија“, *Историја, 1-2*, Скопје 1994, 31-42.

ИД/ВО

**ЕСТРАЈХ Карл** (Oestreich Karl), 1873–1947. Германски географ. Во последните години на XIX век повеќепати бил во Македонија и објавил поголем број студии за неа. Од најголемо значење е неговиот труд *Die Bevölkerung von Makedonien, Geographische Zeitschrift, 5/1905*, 268-292, којшто понекогаш гласи како една парафраза, дури препис на „Македонцките работи“ од Крсте П. Мисирков.
Литература за него: 🗎 „В. Ошлис, „Крсте П. Мисирков и неговите германски ‚браќа по дух‘“, *Делото на Крсте Мисирков, 1*, Скопје 2005, 239-244.

ИД/ВО

**ЖЕТЕЛСКА-ФЕЛЕШКО Ева** (Rzetelska-Feleszko Ewa), 1932 Варшава. Полска лингвистка, професор во Институтот за славистика на ПАН во Варшава. Дипломирала на Јагјелоњскиот универзитет (1955), постдипломски студии завршила на Институтот за славистика на ПАН (1971) и хабилитирала на Универзитетот во Лоѓ (1978). Раководела со Ономастичката работилница на Институтот за славистика на ПАН (1972-2004). Била директор на истиот институт (1990-1996). Член е на Меѓународниот комитет за ономастички науки, Меѓународното друштво за дијалектологија и геолингвистика, Варшавското научно друштво и други лингвистички и славистички комитети и друштва. Нејзиниот научен интерес е насочен главно кон дијалектологијата, ономастиката и историјата на полскиот јазик. Автор е на повеќе од 340 трудови, од нив 11 се книги.

Трудови од областа на македонистиката:
🕮 Słowiańska onomastyka. *Encyklopedia, 1, 2*, Kraków, 2002, 2003.
🗎 „Językoznawstwo macedonistyczne w bibliografii językoznawstwa slawistycznego", *22 НД*, 1995, 15-20.
Учествувала на СМЈЛК во 1974.

МК



**ЗЈЕЛИЊСКИ Богуслав** (Zieliński Bogusław), 3 април 1951 Волштин (Полска). Полски славист и балканист. Работи на Универзитетот „Адам Мицкјевич" во Познањ (од 1975). Професор од 2007. Доктор на науки од областа на словенските литератури, специјалист од областа на словенската етнокултура и културологија. Промотор на македонистиката на Универзитетот во Познањ, каде што работи од 1975. Докторирал (1984) и хабилитирал (1998). Шеф на Катедрата за словенска филологија (од 1999). Главен предмет на неговото научно истражување се јужнословенските литератури од XIX и XX век, особено историјата на народната идеја и проблематиката на културниот идентитет на Словените. Автор е на повеќе од 100 студии и статии, кои се однесуваат, пред сè, на српската, хрватската, бугарската и македонската проза. Редактор на повеќе изданија и член на редакциите на повеќе списанија. Автор на повеќе десетици студии посветени на конфликтите во постјугословенските простори. Одржал предавања на повеќе странски универзитети. Член на Славистичката комисија на ПАН, на Филолошката комисија на Познањското здружение на пријателите на науката.
Трудови од областа на македонистиката:
🗎 „O współczesnych modelach rekonstrukcji macedońskiego procesu kulturowego i narodowego", *Wokół Macedonii: siła kultury – kultura siły*, Poznań 2002, 91-106. 🗎 „Съвременни балкански и средноевропейски автодефиниции на идентичноста", *Модели и функции*, Пловдив 2002, 297-312. 🗎 „The Models of Present-day Reconstruction of the Macedonian Cultural and National Process", *The Macedonian Issue: the Power of Culture, the Culture of Power*, Poznań 2003, 97-113. 🗎 „Współczesne macedońskie i polskie autodefinicje tożsamości. Konteksty i funkcje", *Południowosłowiańskie Zeszyty Naukowe. Język, literatura, kultura, 1*, Łódź 2004, 109-115. 🗎 „Балканот од аспект на колонијалната и постколонијалната критика", *Балканска слика на светот*, Скопје 2006, 51-62. 🗎 „Współczesne polskie i macedońskie autodefinicje tożsamości. Przekształcenia i funkcje", *Folia Philologica Macedono-Polonica, 6*, Skopje 2007, 45-56.

ИД/МК

**ИВАНОВИЌ Радомир** (Ивановић Радомир), 28 август 1936 Смоница (Србија). Српски литературен историчар и критичар, македонист. Дипломирал на Филозофскиот факултет во Нови Сад (1960), а докторирал на Филолошкиот факултет во Белград (1965). Работел како асистент, доцент и вонреден професор на Филозофскиот факултет во Приштина

(1960-1971). Бил советник во Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура на СР Србија (1971-1975). Од 1975 работел како професор по српска книжевност на XIX век и македонска книжевност на Филозофскиот факултет во Нови Сад. Неговиот научен интерес е насочен кон книжевната и театарската историја, теоријата на литературата, книжевната и театарската критика. Познат е како вонредно плоден научник и автор на околу две илјади научни трудови. Член на МАНУ (1991), член на ЦАНУ (2000). Почесен доктор на УКИМ (2005). Добитник е и на повеќе награди. Со македонистика почнал да се занимава од 1970. Со македонистички теми настапувал на многу меѓународни научни собири и има значаен придонес за афирмацијата на македонистиката во странство. Автор е на 13 книги со тематика од македонската книжевност.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Современиот роман, студии и огледи*, Скопје 1977. 🕮 *Портрети на македонските писатели*, Скопје 1979. 🕮 *Поетиката на Коста Рацин*, Скопје 1979. 🕮 *Огледи за македонската литература*, Скопје 1982. 🕮 *Поетиката на Блаже Конески*, Скопје 1982. 🕮 *Македонски писатели и дела*, Скопје 1984. 🕮 *Книжевни паралели*, Скопје 1986. 🕮 *Поетиката на Ацо Шопов*, Скопје 1986. 🕮 *Дијалог со делото*, Скопје 1988. 🕮 *Поезијата на Блаже Конески*, Скопје 1988. 🕮 *Поетиката на Славко Јаневски, I, II*, Скопје 1989. 🕮 *Григор Прличев во светлината на романтизмот*, Скопје 1990.

🗎 „Pripovedačka zrelost Slavka Janevskog“, *Stvaranje, 2/1974*, 235-238. 🗎 „Neobična poezija Radovana Pavlovskog“, *Bagdala*, Novi Sad 1975, 17-18. 🗎 „Панорама савремене македонске књижевне критике“, *Књижевна критика, 3/1975*, 116-123. 🗎 „Поезијата како одбрана на човековото достоинство“, *Современост, 7/1975*, 25-30. 🗎 „Современата литературната критика и нејзината општествена функција“, *Погледи, 6-7/1975*, 124-134. 🗎 „Митот, просторот и времето во романот Тврдоглави на Славко Јаневски“, *Разгледи, 3/1976*, 169-208. 🗎 „Компарација на романите на Михаило Лалиќ и Славко Јаневски, *3 НД*, 1976. 🗎 „Стварност и привид на стварноста во романот Виножито“, *Современост, 7-8/1976*, 26-43. 🗎 „The Poetics of Kosta Ratsin“, *Macedonian Review, 3/1977*, 306-316. 🗎 „Komparacije romana Mihaila Lalića i Slavka Janevskog“, *Mostovi, 40/1977*, 138-150. 🗎 „Поезијата и поетиката на Кочо Рацин, *4 НД*, 1977. 🗎 „Портрет на собирачите на македонска народна книжевност“, *Современост, 5/1978*, 103-106. 🗎 „Современата македонска литературна критика како афирматор на националната литература“, *Развиток, 5/1978*, 395-409. 🗎 „За односот на митот и книжевноста (на примери од современата македонска книжевност“, *5 НД*, 1978. 🗎 „Савремена македонска књижевна критика“, *Стварање, 2/1979*, 305-312. 🗎 „Породична хроника Зорана Ковачевског“, поговор на книгата: *Зоран Ковачевски: Породична фреска*, Београд 1979, 215-225. 🗎 „Елинската традиција во делото на Григор С. Прличев“, *6 НД*, 1979. 🗎 „Можноста на иновирање на романот со воена тематика“, *7 НД*, 1980. 🗎 „Дело Марка Цепенкова како инспирација савременој македонској драми“, *Симпозиум посветен на животот и делото на Марко Цепенков*, Скопје–Прилеп 1981, 69-80. 🗎 „Егзистенцијална драма во романот Пиреј“, *Современост,*

*4/1982*, 41-54. 🗎 „Литературно-естетските проседеа во поезијата на Десанка Максимовиќ, Добрица Цесариќ, Блаже Конески и Иван Минати“, *10 НД*, 1982. 🗎 „Македонската тема како врвен актуалитет“, *Спектар, 1, 1983*, 86-92. 🗎 „Иновације у поезији Јована Павловског“, *Стремљења, 5/1983*, 41-51. 🗎 „Књижевно-естетски проседеи у поезији Добрице Цесарића, Десанке Максимовић, Душана Костића, Ивана Минатија и Блажа Конеског“, *Стварање, 12/1983*. 🗎 „Криза на книжевната критика“, *11 НД*, 1984. 🗎 „Топиката на историскиот еп Скендербег од Григор С. Прличев“, *12 НД*, 1985. 🗎 „Поетиката на Н.Ј. Вапцаров во контекстот на движењето на социјалната литература“, *13 НД*, 1986. 🗎 „Фотогонија као глобални симбол романтизма у Његошевој поезији “, *17 НД*, 1990, 183-200. 🗎 „Земаљски мост над небеском реком (Естетска епифанија у поезији Блажа Конеског)“, *19 НД*, 1993, 183-202. 🗎 „Историја у најновијем роману Михаила Лалића (Тамара)“, *20 НД*, 1994, 168-181. 🗎 „О односу оралне традиције и поетике социјалне књижевности у необљављеном циклусу песама Блажа Конеског (1939-1941), *21 НД*, 1995, 215-232. 🗎 „Блаже Конески (1921–1993), *21 НД*, 1995, 233-238. 🗎 „Велики механизам зла у Лалићевом књижевном дјелу (допринос проучавању факције у прози Опраштања није било)“, *22 НД*, 1996, 296-315. 🗎 „Најраније песме Блажа Конеског на српскохрватском језику“, *26 НД*, 2000, 357-386. 🗎 „Велики поредак песниковог бића – Психологија стварања и филозофија егзистенције у аманетној књизи поезије Анта Поповског“, *31 НК*, 2005, 413-441.
Учествувал на СМЈЛК во: 1976-1981, 1983, 1987.
Литература за него: *Библиографија академика Радомира В. Ивановића. Македонистика*, Приштина – Нови Сад 2003.

ЕЦ/МК



**ИВИЌ Милка** (Ивић Милка), 11 декември 1923 Белград (Србија). Српска лингвистка. Доктор на филолошки науки (1953), професор на Филозофскиот факултет во Нови Сад (1964), дописен член на САНУ (1976), редовен член (1983). Член на Норвешката академија на науките и уметностите (1976), на Саксонската академија на науките во Лајпциг (1979), на САЗУ (1983). Почесен член на Лингвистичкото друштво на Чехија (2000), почесен доктор на Државниот универзитет во Петрозаводск (2002). Член на Матица српска и на Меѓународната комисија за проучување на граматичката структура на словенските јазици. Одговорен уредник на *Јужнословенски Филолог*. Добитник на многу државни и странски награди и признанија. Со својата дејност и трудови придонела и за афирмацијата на македонистиката во странство.
Литература за неа: М. Бабић, *Библиографија радова академика Милке Ивић, у част осамдесет година живота,* Београд 2005, 108; www.sanu.ac.yu/Clanstvo

МК



**ИВИЌ Павле** (Ивић Павле), 1 декември 1924 Белград – 19 септември 1999 Белград (Србија). Српски лингвист, славист, србокроатист, теоретичар и историчар на јазикот, дијалектолог. Студирал на Филозофскиот факултет во Белград (1945-1949). Во 1949 станал асистент во Институтот за српски јазик на САНУ. Докторска дисертација (1954). Истата година е избран за доцент. Професор на на Филозофскиот факултет во Нови Сад (1964), а потоа на Филолошкиот факултет во Белград (1973). Член на САНУ (1978). Почесен член на Американската академија на уметноста и науките (1972), почесен член на Лингвистичкото друштво на Америка, член на Норвешката академија на науките (1977), дописен член на Словенечката академија на науките и уметностите, член на РАН и на Полската академија на општествените и на егзактните науки во Краков, член на МАНУ (1986). Почесен доктор на Државниот универзитет во Колумбус (Охајо, САД) (1987). Добитник е на многу државни награди и признанија. Гостувал со предавања на повеќе европски универзитети, во Јапонија и во САД. Член на МСК и на многу меѓународни комисии. Член на редакцијата на *Јужнословенски Филолоī*, одговорен уредник на *Зборник за филолоīију и линīвисшику* (Нови Сад) и на *Ономашолошки ūрилози* на САНУ. Автор е на неколку стотици трудови од сите области на јазикот, автор на модерната класификација и на монографскиот опис на српските говори. Неговиот интерес за македонистиката е изразен во низа статии, од кои особено важна е „On the Present State of the Study of Standard Macedonian Word", *Journal of the Linguistic Circle of New York, vol. 9/1953*, 125-138, како и во многу дискусии на меѓународни конференции и конгреси. Како шеф на Катедрата за јужнословенски јазици се заложил и за воведување настава по македонски јазик на Филозофскиот факултет во Нови Сад.
Литература за него: 🕮 *ЗбФЛ, 27/28*, Нови Сад 1984-1985. 🕮 *Живоū и дело академика Павла Ивића,* Суботица – Нови Сад – Београд 2004. 🕮 *Годишњак САНУ, 105,* 1999, 409-427. 🕮 *ЈФ, 2000.*

ЗТ/МК



**ИЛИЌ И. Воислав** (Илић И. Војислав), 1916 Баништа (Македонија) – 1988 Белград (Србија). Српски лингвист, литературен историчар, раскажувач и поет. Професор на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Белград, каде што и дипломирал (1939). Докторирал на истиот факултет (1958). Бил долгогодишен професор по македонски јазик на Филолошкиот факултет во Белград, на Филозофскиот факултет во Нови Сад и во Приштина. Со македонистика поинтензивно почнал да се занимава од 1944 кога станал референт во Комисијата за македонски јазик при Поверенството за просвета при Президиумот на АСНОМ на Антифашистичката млади-

на на Македонија. Објавил неколку стотици лингвистички и литературни трудови од различен вид: 🕮 *Токови македонске књижевности*, Приштина 1976. 🕮 *Драмата „Револуционер“ на Димитар Хаџидинев*, Гевгелија 1988. 🕮 *Лице и маска – книга за Чернодрински*, Скопје 1988. Издал 5 збирки поезија е една драма.

🗎 „Извештај о испитивању говора села Смиљево“, *ГФФНС, 4*, 1959, 400-403. 🗎 „Временско-семантичките ориентации на композитумите *летоска, есеноска, зимоска, пролетоска, денеска* и *ноќеска*“, *МЈ, 11-12*, 1960, 183-201. 🗎 „Питање о пореклу заменске чланске постпозиције у јужнословенској језичкој ареи“, *ГФФНС, 5*, 1960, 143-161. 🗎 „Малорекански говорни тип на новом, централном македонском терену“, *ГФФНС, 4*, 1961, 213-227. 🗎 „Мијачко-брсјачке варијанте деназализације у једном микро-дијалектном померању и аспекту“, *ЗбФЛ, 4-5*, 1961-1962, 103-109. 🗎 „Језик Кирила Пејчиновића и његово стилско, уметничко ангажовање“, *ЈФ, 25*, Београд 1961-1962, 197-226. 🗎 „Рукописи драма Радослава Петковског“, *ГФФНС, 8*, 1964, 395-400. 🗎 „Мисирков и Чернодрински во белградската средба“, *Крсте П. Мисирков и национално-културниот развој на македонскиот народ до ослободувањето*, Скопје 1976, 127-143. 🗎 „Беседе Јоакима Крчовског“, *ГФФНС, 10*, 1967, 1-21. 🗎 „Почеци стварања и ангажовања македонске лингвистичке терминологије“, *ЗбФЛ, 11*, 1968, 71-83. 🗎 „Речници Ђорђа Пуљевског“, *Научни састанак слависта у Вукове дане*, Београд 1977, 405-426.

Учествувал на МСМЈЛК во 1978.

Литература за него: 🕮 Ј. Стојановска-Друговац, *Блесок и траење, Книжевното и научното дело на Воислав И. Илиќ,* Скопје 1997.

ПР/МК

**ИЛИЧ-СВИТИЧ Владислав Маркович** (Иллич-Свитыч Владислав Маркович), 19 септември 1934 Киев (Украина) – 22 август 1966 Москва (Русија). Руски лингвист-компаративист. Студирал славистика на Филолошкиот факултет на МДУ (1952-1957) кај ⇨С.Б. Бернштејн. Се занимавал со словенска дијалектологија, автор е на широко познатата ностратичка теорија за роднинските врски меѓу индоевропските, картвелските, семито-хамитските, староиндиските, уралските и алтајските јазици. Автор е (заедно со Д. Толовски) на првиот речник на македонскиот литературен јазик со граматички прирачник.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Македонско-русский словарь*, Москва 1963 (заедно со Д. Толовски).

🗎 „О стадиях утраты ринезма в юго-западных македонских говорах“, *Вопросы славянского языкознания, 6*, Москва1962.

МК/ЉМ

**ЈАНИШКОВА Илона** (Janyšková Ilona), 14 ноември 1954 Кијов (Чешка Република). Чешка лингвистка, докторка по филозофија (PhDr.), кандидатка на науки. Работи во етимолошкото одделение на Институтот за чешки јазик при АН ЧР. Научно се занимава со прашања од областа на словенската етимологија. Ја одбранила дисертацијата *Názvy stromů v slovanských jazycích (vybrané kapitoly)* (1988) и стекнала научно звање кандидатка на науки. Соавторка е и од 2005 главна уредничка на *Etymologický slovník jazyka staroslověnského*. Член е на Чешкиот славистички комитет и на етимолошката комисија при МСК. На Филозофскиот факултет при Масариковиот универзитет во Брно предава славистика и старословенски јазик.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Etymologický slovník jazyka staroslověnského*, тетратка 1-13-, Praha 1989- (соавторка, од 13-та тетратка главна уредничка), 🕮 *K pramenům slov. Uvedení do etymologie*, Praha 2006 (соавторка).

🗎 „K některým makedonským názvům dřevin", *Македонско-чешка научна конференција*, Скопје 1998, 143-150. 🗎 „Význam makedonského jazyka v Etymologickém slovníku jazyka staroslověnského", *Les Études Balkaniques Tchèques, 10*, Praha 1999, 25-28. 🗎 „Etymologická lexikografie na slovanském jihu na počátku nového tisíciletí", *SBBS, 6/2*, Brno 2006, 1101-1106. 🗎 „Etymologické poznámky k jihoslovanským názvům pro Ceratonia siliqua", *Studia Macedonica*, Brno 2008, 152-162.

ИД

**ЈАНКОВИЧ Јан** (Jankovič Ján), 21 јули 1943 Повашска Бистрица (Словакија). Словачки литературен историчар, преведувач, публицист. Студирал словачки јазик и историја на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Коменски" во Братислава. Работел како уредник на списанија, главен уредник на издавачката куќа *Veda*, научен соработник во Институтот за светска литература на Словачката академија на науките (од 1991). Од југословенските литератури досега превел повеќе од сто книги поезија, проза и драми. Превел 24 книги од М. Јуриќ Загорка. Од македонската литература ја превел пиесата на Т. Арсовски *Парадоксот на Диоген*, прва поставка на драма од македонски автор на словачка професионална сцена (1979), потоа драмата *Рацин* од Б. Вишински (1983). Автор е на преводот на книгата од О. Николова *Пријателите Бон и Бона* (1978), на *Летувалците од Славино* од А. Поповски (1990) и на изборот од поетското творештво на К. Рацин под наслов *Biele úsvity* (1990, заедно со В. Марчок). Кон сите преводи напишал предговори или поговори.

Литература за него: 🕮 *Godišnja nagrada INE za promicanje hrvatske kulture u svijetu za 2003. godinu*, Zagreb 2003. 🕮 *Slovník prekladateľov s bibliografiou prekladov z macedónčiny, srbčiny, chorvátčiny a slovinčiny*, Bratislava 2005.

ИД



**ЈЕНИХЕН Манфред** (Jähnichen Manfred), 1933 Улерсдорф (Германија). Германски југославист. Студирал славистика, романистика, германистика и филозофија. Докторирал (1962). Професор по западнословенски и јужнословенски литератури и култури на Хумболдт Универзитетот во Берлин (1973-1998). Член на САНУ. Има повеќе публикации и книги од својата област. Преведувач е на песните на Б. Конески.

Трудови од областа на македонистиката:

🖹 „Националниот и социјалниот аспект во македонската повоена поезија", *2 НД*, Охрид 1975, Скопје 1983. 🖹 „Рецепцијата на југословенските литератури во ГДР", *4 НД*, 1977. 🖹 „Приказ на состојбата и на некои проблеми на славистичките национални литератури во ГДР, *6 НД*, 1979. 🖹 „Кон комплементарноста на југословенските книжевности и консеквенциите на споредбените истражувања", *10 НД*, 1983. 🖹 „Белешки кон ‚Автобиографијата' на Григор Прличев", *12 НД*, 1985 (= *Културен живот, 9-10/1985*). 🖹 „Пат кон синтезата, или: Белешки кон поезијата на Блаже Конески", *Поља, 33*, Нови Сад 1987. 🖹 „Lied der Weinstöcke, Gedichte, Blaže Koneski", препев, *Verlag Volk und Welt*, Berlin 1988. 🖹 „Забелешки за атипичниот развиток на книжевноста на новото национално конституирање", *24 НД*, 1988, 157-161. 🖹 „In memoriam Blashe Koneski", *Zeitschrift für Balkanologie*, *31*, Berlin 1995. 🖹 „Прашањата за преведувачката стратегија и преведувачката поетика", *24 НД*, 1998, 286-289. 🖹 Das phänomen der mazedonischen poesie – vom europäischen aspekt aus betrashtet", *25 НД*, 1999), 264-266.

Учествувал на МСМЈЛК во 1975, 1982, 1983, 1984, 1985, 1987, 1998, 1999.

✉ Damerowstr. 66, D-13187 Berlin; ☎ 0049-30-47-53-14-12.

ИД/ЕЦ/ВО



**КАВКА Маќеј** (Kawka Maciej), 19 јануари 1948 Тшебиња (Полска). Полски славист, лингвист. Професор на Јагјелоњскиот универзитет во Краков (2001), каде што и дипломирал (1971). Се вработил во Институтот за полска филологија при Јагјелоњскиот универзитет, а таму и докторирал (1981). Работел во Институтот за полски јазик при Полската академија на науките (1981-1986). Хабилитирал на Педагошкиот универзитет во Краков (1991). Бил лектор по полски јазик на УКИМ (1976-1979) и на Екс ан Прованс (1999-2001). Директор на Центарот за истражување на печатот во Институтот за новинарство и општествена комуникација на Јагјелоњскиот универзитет (2006). Се занимава со синтакса, семантика, теорија на текстот и дискурсот и медиумска комуникација. Со прашањата на македонскиот јазик, литература и култура се занимава повеќе од 20 години. Автор е на повеќе од 100 лингвистички научни трудови.

Трудови од областа на македонистиката:
🕮 *Studia konfrontatywne i tekstologiczne. Polski/macedoński*, Kraków 1994.
🗎 Некои прашања за синтактичко-семантичкиот речник на глаголите во полскиот и македонскиот јазик“, *5 НД*, 1979, 83-98. 🗎 „Uwagi o niektórych czasownikach kauzatywnych w języku macedońskim i polskim“, *MJ, 31*, 1980, 39-47. 🗎 „За појдовните структури со *се* или без *се* кај менталните предикати, *8 НД*, 1981. 🗎 „O rozwoju znaczeń dystrybutywnych czasowników wieloprefiksalnych w językach słowiańskich ze szczególnym uwzględnieniem języka polskiego i języków południowosłowiańskich“, *Popadnik Językowy*, 1987, 177-184. 🗎 „За метаилокутивната сила на негацијата во *Шеќерна приказна* од Славко Јаневски“, *16 НД*, 1990, 27-35. 🗎 „O metatekstowych przejawach dekonstrukcjonizmu w opowiadaniach Ž. Činga“, *Rozpad języka i wartości kulturowych*, Katowice 1992, 144-151. 🗎 „Јазичните стереотипи во полските и македонските фолклорни текстови од О. Колберг и М. Цепенков како проблем на компаративната фолклористика“, *21 НД*, 1995, 179-183. 🗎 „Właściwości stylistyczne macedońskich opowiadań ludowych – formuły metatekstowe“, *Tekst a styl*, Opole 1996, 205-212. 🗎 *„На тие збори.* За местото и функцијата на предлозите во структурата на текстот“, *Studia Linguistica Polono-Meridianoslavica, 8*, Скопје 1996, 39-46. 🗎 „Кралот Марко во народните преданија на Марко Цепенков – когнитивна дефиниција“, *Кралот Марко во историјата и во традицијата*, Прилеп 1997, 209-217. 🗎 Туѓиот говор во романот *Големата вода* од Живко Чинго“, *23 НД*, 1997, 21-32. 🗎 „Игрите во текстот *Расказ за тоа како се пишуваат раскази*“ од Влада Урошевиќ“, *Lettre Internationale, 9*, 1998, 102-107. 🗎 *„Проклет да бидам* w polskim przekładzie *Wielkiej wody* Živka Činga“, *Z problemów przekładu i stosunków międzyjęzykowych*, Kraków 1998, 51-63. 🗎 „O tekście ‚Opowiadania o tym jak się pisze opowiadania‘, V. Uroševicia“, *Tekst. Analizy i interpretacje*, Lublin 1998, 45-54. 🗎 „O kodyfikacji normy wpółczesnego języka macedońskiego“, *Język w przestrzeni społecznej*, Opole 2002, 93-103. 🗎 „За развојот и потребите на македонската текстологија односно за научното издаваштво“, *28 НК*, 2002, 371-374. 🗎 „O sprawach języka macedońskiego“, *Proglas, 13*, Kraków 2002, 19-23. 🗎 „Reduplikacje i wstawki narracyjne w opowiadaniach ludowych Marka K. Cepenkova. Tekstowe kategorie czasu i przestrzeni“, *Wyraz i zdanie w językach słowiańskich 4. Opis, konfrontacja, przekład*, Wrocław 2004, 115-120. 🗎 „Misirkova południowosłowiański dyskurs o języku“, *Делото на Крсте Мисирков, 2*, Скопје 2005, 385-394. 🗎 „Покажување lub прикажување – dwa aspekty pragmatyki tekstu dramatycznego“, *Folia Philologica Macedono-Polonica*, т. *6*, Скопје 2006, 15-20. 🗎 „Кохезијата во македонскиот јазик – категоријата на модалноста во *Големата вода* на Живко Чинго“, *Македонско-полски врски*, Скопје 2007, 131-136.
Учествувал на МСМЈЛК во: 1990, 1991, 1994, 1996, 2001, 2005.

ЕЦ/МК



**КАЛОЃЕРА Горан** (Kalogjera Goran), 20 март 1951, Дубровник (Хрватска). Хрватски кроатист, македонист. Професор на Филозофскиот факултет во Риека (1996). Дипломирал на Филозофскиот факултет во Загреб (1975). Работел на Педагошкиот факултет во Риека. Магистрирал на Филозофскиот факултет во Загреб (1982), а докторирал со тезата „Hrvatsko-makedonski i makedonsko-hrvatski književni dodiri od njihovih početaka pa do konca osamdesetih godina dvadesetog stoljeća“ (1985). Предава македонска книжевност, македонски јазик и хрватска книжевност. Ја основал и ја водел Катедрата за македонски јазик и книжевност (1980-1990). Бил шеф на Отсекот за кроатистика (од 1988). Бил декан на Педагошкиот факултет (1996-1998), декан на Филозофскиот факултет (1988-2000), проректор на Универзитетот во Риека од 2000. Член на МАНУ (2003). Во научната работа се ориентира на компаративен приод кон македонската книжевност, барајќи врски и допири со хрватската книжевност. Почесен член на ДПМ, добитник на Рациновото признание за 2006 година, на орденот „Св. Климент Охридски“ и на Медал за заслуги за Република Македонија (2008). Има објавено околу осумдесет научни трудови, од нив 34 се македонистички. Има 18 самостојни книги (една е преведена на македонски), од нив 10 книги се посветени на македонската книжевност. Автор е на преку 200 осврти, прикази, рецензии во весници и списанија.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Hrvatsko-makedonske književne veze*, Rijeka 1988 (второ, дополнето издание, Rijeka 1996). 🕮 *Južnoslavenska književna prožimanja*, Rijeka 1991. 🕮 *Prepoznavanja*, Rijeka 2000. 🕮 *Komparativne studije makedonsko-hrvatske*, Rijeka 2000. 🕮 *Racin u Hrvatskoj (1928-1941)*, Rijeka 2000. 🕮 *Braća Miladinovi – legenda i zbilja*, Rijeka 2001 (= *Браќата Миладиновци – легенда и стварноста*, Скопје 2005). 🕮 *Osvrti*, Rijeka 2004. 🕮 *Poveznice makedonsko-hrvatske*, Rijeka 2006.

🗎 „Kapitalno djelo makedonske kulture“, *Makedonski glas, 11/12*, Zagreb 1966, 28-31. 🗎 „Kritički tekstovi sinkronijske perspektive, *Rival, 1-2*, Rijeka 1980, 265-268. 🗎 „Blaže Koneski“, *Zbornik Pedagoškog fakulteta, 4*, 1982, 307-311. 🗎 „Studij makedonistike na Pedagoškom fakultetu u Rijeci“, *Zbornik radova*, Rijeka 1984, 163-171. 🗎 „Vjerska komponenta kao bitan pokretač Strossmayerove mecenatske djelatnosti na tlu Makedonije“, *Zbornik Pedagoškog fakulteta, 6*, 1984, 235-241. 🗎 „Sudski proces Racinu u Splitu“, *Zbornik Pedagoškog fakulteta, 7*, 1985, 165-169. 🗎 „Krepka bijaše riječ Klimentova“, *Zbornik Pedagoškog fakulteta, 8*, 1986, 187-193. 🗎 „Udio Haralampija Polenakovića u istraživanju veza između hrvatske i makedonske književnosti“, *Dometi, 10*, Rijeka 1986, 75-79. 🗎 „Boravak Konstantina Petkovića, makedonskog pjesnika i prosvjetitelja u Zagrebu i Dubrovniku tijekom 19. stoljeća“, *Dubrovnik, 5*, 1987, 19-31. 🗎 „Андреја Петковиќ или размислување за причините што го натерале мошне брзо да ја напушти Риека“, *Спектар, 9*, 1987, 81-88. 🗎 „Racin u Hrvatskoj između dva rata“, *Dometi, 2-3*, Rijeka 1987, 161-175. 🗎 „Boravak Andreje Petkovića u Rijeci tijekom 1865/7“, *Dometi, 2-3*, Rijeka 1987, 179-180. 🗎 „Izuzetan informativan vodič“,

*Rival, 3-4*, Rijeka 1988, 196-198. 🗎 „Pjesnikov dug“, *Rival, 3-4*, Rijeka 1988, 131-134. 🗎 „Kajo Parač i Kosta Racin“, *Dometi, 4*, Rijeka 1988, 183-187. 🗎 „Makedonska književnost“, *Dometi, 1*, Rijeka 1989, 137-138. 🗎 „Antun Mihanović i Svetogorska legenda“, *Fluminensia, 1*, Rijeka 1989, 27-35. 🗎 „Djelatnost braće Milarov u Hrvatskoj“, *Dometi, 4*, Rijeka 1989, 265-269. 🗎 „Зборниците на Фрањо Кухач, Стефан Верковиќ и браќата Миладиновци како доказ за меѓунационалното преплетување на усното творештво“, *Спектар, 13*, 1989, 171-176. 🗎 „Krležin podsticaj Racinu“, *Odjek, 6*, Sarajevo 1989, 7-9. 🗎 „Racin i čakavski pjesnici“, *Dometi, 12*, Rijeka 1990, 87-92. 🗎 „Zbornik braće Miladinova u svjetlu jubileja“, *Dometi, 2*, Rijeka 1990, 103-108. 🗎 „Mažuranićeva ‚Slovnica hervacka‘ i Babukićeva ‚Ilirska slovnica‘ kao mogući uzori za gramatiku makedonskog jezika u 19. stoljeću“, *Fluminensia, 1-2*, Rijeka 1990, 152-158. 🗎 „Nacionalna i jezična preadaptacija kao česta oznaka preporodnog pokreta u Makedoniji i Hrvatskoj“, *Rival, 3-4*, Rijeka 1990, 182-187. 🗎 „Grigor Prličev između makedonske i grčke književnosti“, *Rival, 3-4*, Rijeka 1990, 182-187. 🗎 „Antun Mažuranić, riječki pretplatnik Zbornika braće Miladinova“, *Rival, 1-2*, Rijeka 1990. 🗎 „Konstantin Miladinov utemeljitelj romantizma u makedonskoj književnosti“, *Zbornik Pedagoškog fakulteta, 11*, 1991, 93-101. 🗎 „Hrvatska scenska umjetnost na daskama makedonskih teatara“, *Rival, 3/6*, Rijeka 1993, 239-245. 🗎 „Tuga i bol konstante životnog puta Konstantina Miladinova“, *Dani Dimitrija i Konstantina Miladinova*, Zagreb 2003, 15-27. 🗎 „‚Putnik‘ Petra Preradovića kao poetski argument Misirkovljeve nacionalno preporodne djelatnosti“, *Делото на Крсте Мисирков*, Скопје 2005, 349-359. 🗎 „Големината на малите во книжевно-историските текстови на Антун Барац и Харалампие Поленаковиќ“, *32 НК*, 2006, 227-244.

Литература за него: 🗎 P. Borislav, „Poslanica plemenitome i veleštovanomu gospodinu Goranu Kalogjeri, Korčulaninu, redovitom profesoru i prorektoru Sveučilišta u Rijeci, mome prijatelju i kolegi“, *Osvrti*, Rijeka 2004, 116-123. 🗎 *Prepoznavanja*, Rijeka 2007, 82.

⊠ Filozofski fakultet, Rijeka, Trg braće Klobučarića 1; ☎ 051 315-233, 315-232.

ЕЦ



**КАРЛИКОВА Хелена** (Karliková Helena), 1 јуни 1957 Брно (Чешка Република). Чешка лингвистка, научна соработничка, шеф на етимолошкото одделение на Институтот за чешки јазик при АН ЧР (1994). На Филозофскиот факултет при Масариковиот универзитет во Брно студирала чешки јазик и класична филологија. Ја одбранила кандидатска дисертација „Výrazy pro pojmenování pláče v slovanských jazycích“ (1989). Соавторка и една од организаторките на четирите меѓународни научни конференции *Etymologické symposion* и соиздавач на зборниците од тие конференции. Таа е член на етимолошката комисија при МСК, член на редакцијата на сп. *Acta onomastica*. На Филозофскиот факултет во Брно држи предавања од областа на етимологијата и прасловенскиот јазик.

Трудови од областа на македонистиката:
🕮 *Etymologický slovník jazyka staroslověnského*, Praha 1989- (соавторка).
🕮 *K pramenům slov. Uvedení do etymologie*, Praha 2006 (соавторка).
🗎 „K významu staroslověnského substantiva *kovanije*“, *Slavia, 63*, 1994, 177-179.
🗎 „Makedonské výrazy s významem 'plakat'“, *Македонско-чешка научна конференција*, Скопје 1998, 159-165. 🗎 „Typy a původ sémantických změn výrazů pro pojmenování citových stavů a jejich projevů ve slovanských jazycích“, *Česká slavistika 1998. České přednášky pro XII. mezinárodní sjezd slavistů Krakov 1998*, Praha, 49-56. 🗎 „K pojmenování a původu platidel ve staroslověnštině“, *Slavia, 70*, 2001, 365-371. 🗎 „Reflexe dávných obyčejů v slovanském lexiku (k vývoji pojmu oběť)“, *Dzieje Słowian w świetle leksyki pamięci Profesora Francizska Sławskiego*, Kraków 2002, 139-143. 🗎 „Spuren des Einflusses des Kirchenslavischen kroatischer Redaktion im Alttschechischen“, *Glagoljica i hrvatski glagolizam*, Zagreb–Krk 2004, 587-594. 🗎 „Odraz jazykových kontaktů v lexiku jižních a západních Slovanů“, *Studia Macedonica*, Brno 2008, 85-92.

ИД

**КАРОЛАК Станислав** (Karolak Stanisław), 22 февруари 1931 Жирардов (Полска). Полски лингвист, славист и романист. Професор од 1978. Бил шеф на Одделот за романска филологија (1973-1981), директор на Институтот за романска филологија на Универзитетот во Катовице, шеф на Катедрата за романска филологија на Високата педагошка школа (сега Педагошки универзитет) во Краков (1981). Автор е на една од современите семантички теории на глаголскиот вид, која е применета во повеќе монографии на македонски автори посветени на глаголскиот вид во македонскиот јазик.
Трудови од областа на македонистиката:
🗎 „За зависноста меѓу квантификацијата на аргументите и нивната тозикализација, од една, и линезорниот ред на реченицата, од друга страна, *3 НД*, 1976. 🗎 „Analiza porównawcza distrybucji rodzajnika macedońskiego i francuskiego w podstawowych strukturach zdaniowych“, *4 НД*, 1977. 🗎 „Од проблематиката на деноминалните глаголи во македонскиот јазик во споредба со другите словенски јазици“, *5 НД*, 1978 (соавтор ⇨К. Солецка). 🗎 „Принципи на диференцијалниот опис на фразеолошките обрати (врз македонскиот и полскиот материјал), *6 НД*, 1979. 🗎 „Модел на конфронтативниот опис на глаголската валенција во македонскиот и францускиот“, *7 НД*, 1980. 🗎 „За зависноста меѓу значењата на предикатот и анафората и елипсата во македонскиот, полскиот и францускиот јазик“, *10 НД*, 1983. 🗎 „Szyk wyrazów wsród wykladrików struktury tematyczno-rematycznej“, *11 НД*, 1984. 🗎 „Składnia wyrażeń predykatywnych“, *Gramatyka współczesnego języka polskiego*, 1984. 🗎 „Kwantyfikacja a determinacja w językach naturalnych (1990)“, *Études sur l'article et la determination*, 1995.
Литература за него: *Études linguistiques Romano-Slaves offertes á Stanisław Karolak*, Cracovie 2003.
Учествувал на СМЈЛК во: 1976, 1979, 1984, 1996.

ЗТ/МК/ЉМ

**КВАПИЛ Мирослав** (Kvapil Miroslav), 25 октомври 1930 Усора (Босна). Чешки славист и југославист, високошколски педагог на Филозофскиот факултет на Карловиот универзитет (од 1955). Автор е на низа монографии, студии и статии од областа на словенските литератури. Неговиот научен интерес е насочен, пред сè, кон српската и хрватската литература. Неколку студии им посветил и на некои прашања и личности и од словенечката, бугарската и македонската книжевност. Со македонска проблематика се занимава во: „Jan Gebauer a jihoslovanské literatury“, *Slavica Pragensia, 25*, 1992; „Бохемистички варијации на Харалампие Поленаковиќ“, *Зборник на научни трудови*, Скопје 1996.
Литература за него: 🕮 M. Kvapil, *Bohemo-serbica, bohemo-croatica*, Praha 1995.

ИД

**КЕПЕСКИ Петар**, 2 јуни 1924 Прилеп (Македонија) – 4 декември 1980 Загреб (Хрватска). Дводомен лингвист: хрватски и македонски. Виш предавач на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Загреб. Дипломирал на истиот факултет (1954). Работел како репортер и уредник на Радио Скопје (1946-1949 и 1954-1955) и во в. *Нова Македонија*. Бил и соработник на Работничкиот универзитет „Моша Пијаде“ во Загреб (1954). Работел и како хонорарен лектор по македонски јазик на Филозофскиот факултет во Загреб (од 1956), како асистент (1959) и како виш предавач. Македонски јазик и книжевност предавал и на универзитетите во Риека и во Осиек. Бил уредник на културната рубрика на *Студентски лист* во Загреб (1953-1954). Учествувал на поголем број македонистички семинари и македонски, хрватски, српски и југословенски конгреси. Се занимавал со новинарство, книжевна критика, есеистика, преведување и книжевна историја. Прв почнал со предавања по македонски јазик и книжевност на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Загреб, со што ја создал Катедрата за македонски јазик и книжевност во состав на студиите за хрватски или српски јазик и јужнословенски книжевности. Иницирал предавања по македонски јазик и книжевност и на педагошките факултети во Осиек и Риека и на сите три универзитети оставил свои наследници: ⇨Б. Павловски во Загреб, ⇨Г. Калоѓера во Риека и ⇨З. Крамариќ во Осиек, со што ја „задолжил“ македонистиката во Хрватска. Неговата научна и стручна дејност опфаќа педесет статии, прикази, книжевни критики, есеи, осврти, предговори, преводи и енциклопедиски одредници. Пишувал и за македонските, хрватските, српските и бугарските книжевници, подготвил повеќе изданија на македонски автори во Хрватска и хрватски автори во Македонија, а се докажал и како извонреден преведувач од хрватски на македонски и од македонски на хрватски јазик. Од македонски на хрватски превел книги, студии и статии од Б. Конески и Д. Митрев, драми од К. Чашуле, песни од К. Рацин и С. Јаневски, проза од С. Дракул. Од хрватски на македонски превел творби од А. Шеноа и П. Шегедин.

Трудови од областа на македонистиката:
🕮 *Književni godišnjak – pisci jugoslavenskih naroda. Makedonski pisci*, Zagreb 1961 (соавтор). 🕮 *Diferencijalni makedonsko-hrvatski rječnik*, *Novija jugoslavenska poezija*, Zagreb 1962 (соавтор). 🕮 *Kočo Racin – poezija i proza (izbor, pogovor, komentari, prijevod)*, Zagreb 1963. 🕮 *Suvremena makedonska novela (izbor, predgovor, bibliografija, prijevod)*, Zagreb 1964. 🕮 *Tečaj makedonskog jezika (u 20 lekcija)*, Zagreb 1966 (соавтор). 🕮 *Makedonščina*, Ljubljana 1968 (заедно со J. Pogačnik). 🕮 *Makedonska književnost, 100 djela književnosti jugoslavenskih naroda*, Zagreb 1970 (соавтор). 🕮 *Antologija suvremene makedonske poezije*, Zagreb 1979 (заедно со B. Glumac). 🕮 *Makedonska književnost, 100 romana književnosti jugoslavenskih naroda*, Zagreb 1982 (соавтор).
🗎 „Nikola Jonkov Vapcarov", *Vidici, 2*, Vinkovci 1952. 🗎 „Pjesme Koče Racina", *Vidici, 4-5*, Vinkovci 1953. 🗎 „Portreti (B. Koneski, A. Šopov, G. Todorovski, S. Janevski, G. Ivanovski, S. Ivanovski)", *Kulturni radnik, 10-11*, Zagreb 1958. 🗎 „Kole Čašule", *Kulturni radnik, 10-11*, Zagreb 1958. 🗎 „Vlado Maleski-Tale", *Kulturna tribina, 6-7*, Zagreb 1959. 🗎 „За македонскиот јазик и околу него", *Современост, 10/1*, Скопје 1960. 🗎 „Маргиналии, 1 – Југословенската револуционерна проза", *Разгледи, 2/3, 10*, Скопје 1960. 🗎 „Маргиналии, 2 – Размислувањата за националната литература", *Разгледи, 3/3, 2*, Скопје 1960. 🗎 „Makedonska književnost do početka II svjetskog rata", *15 dana, IV-13*, Zagreb 1961. 🗎 „Кочо Рацин (за книшката на Сафет Бурина)", *Разгледи, 4/3, 6*, Скопје 1962. 🗎 „80-годишнина од смртта на Аугуст Шеноа", *Разгледи, 4/3, 7*, Скопје 1962. 🗎 „За еден вид терминус техникус за смисленоста на литературната терминологија во македонската литературна критика", *Разгледи, 5/3, 10*, Скопје 1963. 🗎 „Poezija Koče Racina", *Bilten Saveza ustanova za širenje knjige u SRH, 9-10*, Zagreb 1963. 🗎 „Suvremena makedonska proza", *Pregled i iskustva, 10/2*, Zagreb 1965. 🗎 „1050 godina od smrti Klimenta Ohridskog", *Encyclopaedia moderna, 2*, Zagreb 1967. 🗎 „Razvoj makedonske dramske književnosti", *Zagrebačka slavistička ljetna škola*, Zagreb 1973.
Литература за него: 🗎 Б. Павловски, „Почитуван учителу!", *Во знакот на компаративното читање*, Скопје 2000. 🗎 Б. Павловски, „Петар Кепески (2.IV.1924. – 4.XII.1980)", *Croatica, 10, 13-14*, Zagreb 1981.

ЕЦ/ИБ

**КЕЦ Дитер** (Kötz Dieter), 4 април 1955 Вурцен (Германија). Германски лингвист. Студирал руски, англиски и македонски на Универзитетот во Хале (1975-1981). Докторирал во 1989.
Трудови од областа на македонистиката:
🗎 „Анафората како средство за сврзување на текстот", *10 НД*, 1983. 🗎 „Кон некои особености на употребата на анафори во македонски и германски текст", *15 НД*, 1989, 119-127.
Учествувал на СМЈЛК во: 1979, 1980, 1981, 1983, 1988, 1989, 1991.
🖂 Philipp-Rosenthal-Str. 13, D-04103 Leipzig.

ИД/ВО

**КОЛАРЖ Јозеф** (Kolář Josef), 19 август 1941 Острава (Чешка Република). Чешки историчар, балканист. Дипломирал на Филозофскиот факултет при Карловиот универзитет во Прага. Врз основа на дисертација се здобил со научно звање доктор по филозофија (PhDr.). Кандидат на науки (1991). Бил вработен во Историскиот институт при Чехословачката академија на науките, подоцна на Академијата на науките на Чешката Република. Главен и одговорен уредник за издавање на чешки документи за историјата на Балканот. Се занимава со прашања од модерната историја на Балканот, пред сè, на Бугарија, Југославија и Македонија, и со прашања на чехословачката надворешна политика на Балканот во меѓувоениот период. Соавтор е на изданието *Извори за българската история, 1-4,* София 1985-1998.

Трудови од областа на македонистиката:

🗎 „K hodnocení postoje Československa k Bulharsku a Jugoslávii mezi dvěma světovými válkami“, *Práce z dějin slavistiky, 17*, Praha 1994, 155-172. 🗎 „Makedonská otázka, Bulharsko, Jugoslávie a československá diplomacie v letech 1926-1928“, *Slovanské historické studie, 20*, Praha 1994.

ИД

**КОЛЕВСКИ Пандо** (Kolevski Pando), 4 јуни 1937 Долно Котори (Грција). Дводомен, македонско-чешки литературен творец и преведувач. Студирал историја на Филозофскиот факултет при Карловиот универзитет во Прага (1958-1963), каде што ја одбранил дипломската работа „Одгласот на Илинденското востание во чешкиот печат во 1893-1903 година“ и стекнал звање магистер. Бил вработен во Националната библиотека во Прага (од 1963). Во литературната периодика објавувал песни на македонски и на чешки јазик. Досега во Скопје издал пет збирки поезија, а во Прага една. Има заслуги за популаризацијата на македонското поетско творештво во чешката културна средина и на современата чешка поезија во Македонија. Тој е пионерски иницијатор и сопреведувач на првата чешка мини-антологија од македонската модерна поезија *Zelený host*, Praha 1969. Издал избор од поезијата на С. Јаневски *Tanečnice na dlani*, Praha 1979, како и македонските еротски приказни *Erotické pohádky*, Praha 1990. Еден од сопреведувачите од поетското творештво на тогашниот лектор по македонски јазик и литература на Карловиот универзитет во Прага, В. Смилевски, *Příliv v živém masu*, 1997. Има заслуги во областа на популаризацијата на чешката современа поетска творба во Македонија. Издал на македонски јазик четири избора од поезијата на истакнати чешки поети: К. Шиктанц, Ј. Шотола и Ј. Сајфрт.

ИД



**КОЛЕЈКА Јозеф** (Kolejka Josef), 7 март 1924 Брно (Чешка Република). Чешки историчар, балканолог, професор. На универзитетот во Брно студирал историја и филозофија. Работел во Историскиот институт на ЧСАН и на Филозофскиот факултет при Масариковиот универзитет во Брно. Во својата научна дејност се ориентирал кон прашања од областа на историјата на Моравија и Силезија, на револуционерното работничко движење, на прашања поврзани со решението на националната и словенската проблематика. Автор е на оригиналниот труд *Славянские программы и идея славянской солидарности в 19 и 20 веках*, Брно 1964. Мислењата на претставниците на меѓународното работничко движење за националното прашање ги анализирал и ги оценил во монографијата *Národnostní programy pro střední a jihovýchodní Evropu. Z dějin socialistické teorie národa*, Brno 1971, и во студијата *Národnostní otázka v programu socialistických stran za 1. světové války*, Brno 1972. Во сите свои трудови проучувал конкретни национални полски, српски, хрватски и македонски прашања. Македонска проблематика обработува особено во книгата *Balkánská otázka 1908-1914*, Brno 1979.

Литература за него: 🕮 *Slavica na Masarykově univerzitě v Brně,* Brno 1993, 160-161. 🕮 *Historik Josef Kolejka*, Brno 2004.

ИД

**КОНСТАНТИНОВИЌ Зоран** (Konstantinović Zoran), 5 јуни 1920 Белград (Србија) – 22 мај 2007 Белград (Србија). Дводомен српски и австриски лиературен историчар, теоретичар, компаративист. Професор, член на МАНУ (1988), член на словенечката и на австриската академија на науките, еден од најистакнатите светски литературоведи. Студирал германистика на Универзитетот во Загреб, а дипломирал во Белград (1953), каде што започнал да работи како доцент и подоцна како професор. Во 1968 добил покана од Универзитетот во Инсбрук да основа прв институт за компаративна книжевност во Австрија. Од 1970 до 1990 работел на Инсбрушкиот универзитет. Неговите научни интереси се доста широки: се занимавал со германско-словенските врски, со зоналните литературни системи, со средна Европа, со Балканот, со германската и австриската литература и со разни славистички прашања. Неговата библиографија брои повеќе од шестотини единици и десетина монографии, од кои две му се основни теоретски трудови: *Weltliteratur. Strukturen, Modelle, Systéme*, Innsbruck 1979; *Увод у упоредно проучавање књижевности*, Београд 2003. Повеќепати учествувал на македонистички и меѓународни славистички научни собири со теми што се однесуваат на македонската литература во XIX и XX век. Во некои синтетички студии го следел, меѓу другото, делото на браќата Миладиновци.

Трудови од областа на македонистиката:
🗎 „Македонскиот јазик и македонската литература во делата на германските патописци на смената на XIX и XX век“, *2 НД*, 1975. 🗎 „Германски препеви на македонска уметничка лирика“, *3 НД*, 1976. 🗎 „Уметничките модулации во препевите на лириката на Ацо Шопов на германски јазик“, *4 НД*, 1977. 🗎 „Теоријата на Мирослав Хрох и проблемот на периодизација на македонската книжевност“, *5 НД*, 1978. 🗎 „Структура, модел, систем – македонската книжевност во контекст на современите истражувања“, *6 НД*, 1979. 🗎 „Поимот на вредноста во развојот на македонската наука за литературата“, *7 НД*, 1980. 🗎 „Horace G. Lunt, On the Old Church Slavonic Codex Assemanianus“, *МЈ, 42-43*, 1981-1982, 405-416. 🗎 „Пешикар Митар, О потреби проучавања македонске ономастичке грађе из турских катастара“, *МЈ, 42-43*, 1981-1982, 579-584. 🗎 „Предавање света (О македонској књижевности у Брокхаузу)“, *Зборник во чест на Блаже Конески*, Скопје 1984, 347-353. 🗎 „Делото на браќата Миладиновци во европски контекст“, *12 НД*, 1985. 🗎 „Књижевни посредници Димитрије Митрев и Влада Урошевић“, *28 НК*, 2002, 405-414.
Литература за него: 🕮 *Биобиблиографски речник МСЦ*, Београд 2005. 🕮 *Избор из радова Зорана Константиновића поводом осамдесетог рођендана*, Београд 2000.

ИД

**КОПЕЧНИ Франтишек** (Kopečný František), 4 октомври 1909 Урчице (Чешка Република) – 27 март 1990 Простејов (Чешка Република). Чешки лингвист, бохемист и славист, апсолвент на брненскиот Филозофски факултет. Научен соработник во разни академски линвистички институти, високошколски педагог. Врз основа на дисертација за дијалектот на своето родно село стекнал научно звање доктор по филозофија (PhDr., 1935). Во својата научна дејност се занимавал со прашања од областа на чешкиот јазик, на споредбеното изучување на словенските и индоевропските јазици, на словенската етимологија, старословенскиот јазик и неговите споменици. Автор е на низа бохемистички и етимолошки трудови. Во двотомниот *Etymologický slovník slovanských jazyků, 1-2,* Praha 1973, 1980, македонскиот јазик е рамноправно застапен со другите словенски јазици.

ИД



**КОСМАТ Франц** (Kossmat Franz), 22 август 1871 Виена (Австрија) – 1 декември 1938 Лајпциг (Германија). Германски геолог и минеролог којшто работел од март до ноември 1917 како воен геолог при пруските картографски одреди во Македонија. Во Македонија барал рудни резерви и своите резултати ги објавил во книгата *Geologie der zentralen Balkanhalbinsel*, Berlin 1924.

ИД/ВО



**КОУБА Мирослав** (Kouba Miroslav), 4 март 1979 Прага (Чешка Република). Чешки славист. Дипломирал на Филозофскиот факултет на Карловиот универзитет во Прага. Работи како асистент во Институтот за славистички и источноевропски студии при Филозофскиот факултет на Карловиот универзитет. Предава историја на македонската и бугарската литература и македонска народна книжевност. Врз основа на трудот *Stručné kulturní dějiny na území Makedonie* станал доктор по филозофија (PhDr., 2007). Научно се ориентирал кон прашања од областа на историјата на словенските литератури, на преродбата на македонскиот народ и на другите јужнословенски народи, на демографските процеси кај Јужните Словени. Еден семестар престојувал на УКИМ.

Трудови од областа на македонистика:

🕮 *Dějiny Makedonie*, Praha 2003 (соавтор со ⇨J. Рихлик).

🗎 „Transformacja kultury sily v sile, kultury v macedońskim odrodzeniu narodowym", *Wokól Macedonii: kultura sily – sila kultury*, Poznań 2002. 🗎 „Белоруските импулси во јужнословенската преродба. Рајко Жинзифов и Белорусите во поширок контекст", *Современосш, 1/2005*. 🗎 „‚Přenádherné poselství' a jihoslovanské obrození", *Slavista s duší básníka*, Brno 2005. 🗎 „Српски дијалози у јужнословенском препороду", *Срūски јуī, 3/2005, 2*, Ниш 2005. 🗎 „Makedonská literatura v českých překladech", *Český překlad, II, 1945-2004*, Praha 2005. 🗎 „Промени на македонския литературен тероризъм", *Тероризъм и интелектуализъм*, Благоевград 2005. 🗎 „Белоруските мотиви во јужнословенската преродба (Рајко Жинзифов и Белорусите во поширок контекст)", *31 НК*, 2005, 189-198. 🗎 „Идејата на духовното обединување на Балканот во јужнословенскиот литературен и културен контекст", *32 НК*, 2006, 271-278. 🗎 „Tragika ‚nepoznaného syna' v jihoslovanském a evropském kontextu", *Studia Balkanica Bohemo-Slovaca, 6*, Brno 2006. 🗎 „Bělorusko – Morava – Makedonie: konvergence a divergence obrozeneckého procesu", *Cesty k národnímu obrození: běloruský a český model*, Praha 2006. 🗎 „‚Makedonská záležitost' v českém prostředí", *Pravda, láska a ti na východě. Obrazy středoevropského a východoevropského prostoru z pohledu české společnosti*, Praha 2006. 🗎 „Епохата на *Fin de siecle* во чешко-македонскиот контекст", *Трешта македонско-чешка научна конфренција*, Скопје 2007. 🗎 „Убавината на времето во македонскиот расказ", *Македонскиош расказ*, Скопје 2007. 🗎 „Општословенскиот контекст на ‚претпреродбенскиот' период", *Современосш, 5/2007*, Скопје 2007. 🗎 „Makedonie a české země v novém tisíciletí", *Studia Macedonica*, Brno 2008, 282-289.

Учествувал на МСМЈЛК во1999, 2000, 2003.

🖂 Hněvkovská 17/124B, 14800 Praha; e-mail: mirce@centrum.cz

ИД

**КРАМАРИЌ Златко** (Kramarić Zlatko), 4 февруари 1956 Осиек (Хрватска). Дипломирал славистика и филозофија на Филозофскиот факултет во Загреб (1978), а магистирал на истиот факултет со темата „Големата вода на Живко Чинго“ (1982). Докторирал на Филозофскиот факултет во Нови Сад на тема „Структура романа Славка Јаневског (прилог критичкој теорији прозе)“ (1985). Работел како асистент по македонска книжевност на Педагошкиот факултет во Осиек (1979-1985). Работел како доцент (до 1989) и како професор по македонска книжевност (до 1990). Професор по теорија на книжевноста и понова хрватска книжевност на Филозофскиот факултет во Загреб (од 2007). Учествувал на повеќе славистички научни конференции и конгреси. Гостувал на неколку странски универзитети. Негова сегашна научна преокупација се наратологијата, современите книжевни теории. Објавил 6 книги, 4 зборници, 6 публицистички книги, преку 100 есеи, критики, прикази. Член е на редакции на неколку списанија. Првите контакти со македонскиот јазик ги остварил во текот на студиите во Загреб кај ⇨П. Кепески.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Огледи за македонски романсиери*, Скопје 1986. 🕮 *Романите на Славко Јаневски*, Скопје 1987. 🕮 *Novi experimentum macedonicum*, Osijek 1988. 🕮 *Uvod u naratologiju*, Osijek 1989. 🕮 *Makedonske teme i dileme*, Zagreb 1991. 🕮 *Diskurs razlike*, Rijeka 1995.

🗎 „Функцијата на документот во современата македонска проза (на пример на прозата од С. Јаневски и З. Ковачевски)“, *10 НД*, 1983. 🗎 „Односот на теоријата на книжевноста спрема книжевната критика“, *11 НД*, 1984. 🗎 „Коста Рацин во контекст на меѓувоената југословенска книжевност“, *13 НД*, 1986.

Учествувал на СМЈЛК во: 1979, 1987.

ЕЦ/МК



**КРАМЕР Кристина Е.** (Kramer Christina E.), 3 август 1954 Хартфорд (Конектикат, САД). Доктор на науки, професор и шеф на Катедрата (од 2003) за словенски јазици и литератури на Универзитетот во Торонто. Дипломирала во Висконсин (1969-1971), Магистрирала на Универзитетот на Северна Каролина во Чапел Хил, САД (1979), каде што и докторирала (1983). Доцент на Катедрата за словенски јазици и литератури на Универзитетот во Торонто (од 1986), професор на истата катедра (од 2001). Од 1987 предава македонски јазик и е главен промотор на македонистиката во Канада. Координатор за постдипломски студии (1995-1999). Има објавено 4 книги, 25 статии, 1 превод, 14 прикази, редактор е на две на книги. Во 1981/82 престојува во Скопје како стипендист на Фулбрајт. За придонесот во областа на македонистиката е одликувана со Медал на Блаже Конески што го доделува МАНУ (2007).

Трудови од областа на македонистиката:
🕮 *Македонско-англиски разговорник* (= A Macedonian-English Phrasebook), Скопје 1985. 🕮 *Analytic Modality in Macedonian*, Munich 1986. 🕮 *Macedonian: A Course for Elementary and Intermediate Students*, Wisconsin 1999. 🕮 *Macedonian: A Course for Elementary and Intermediate Students*, double CD-ROM, Wisconsin 2000 (второ ревидирано издание 2006) (заедно со: ⇨G. Fielder, L. Mitkovska, Ph. Hammonds,. 🕮 *Macedonian: A Course for Elementary and Intermediate Students*, Wisconsin 2003. 🕮 *Information Technology, Macedonian Instruction on the Web* (www.utoronto.ca/slavic/macedonian).
🗎 „The Lexico-Syntactic Categories of the Modal Particles in Literary Macedonian", *Proceedings of the* $5^{th}$ *International Congress of Southeast European Studies*, Columbus 1984, 262-277. 🗎 „*Da* in Syntactically Dependent Constructions in the Macedonian Literary Language", *Folia Slavica*, 1986, 412-418. 🗎 „Towards a Comparison of Conditionals in Albanian, Bulgarian and Macedonian", *MJ, 37*, 1988, 263-270. 🗎 „The Intersection of Mood and Status", *Zeitschrift für Balkanologie, 25/2*, Berlin 1988, 140-153. 🗎 „The Status of Turkisms in Contemporary Balkan Languages", *Zeitschrift für Balkanologie, 28/1-2*, 1992, 44-60. 🗎 „Analytic Modality in Macedonian", *ISS,* 6, 1993. 🗎 „Some Observations on the History and Current Status of Third-Person Clitic Pronouns in Macedonian", *ASEES, 8/2*, 1994, 19-34 (заедно со ⇨J. Schallert). 🗎 „In Memoriam – Blaze Koneski", *SEEJ*, 1994, 557-559. 🗎 „The Role of Macedonian Language in the Preservation of Ethnic Identity in Toronto", *Studies in Macedonian Language, Literature, and Culture*, Michigan 1995, 101-114. 🗎 „The Grammaticalization of the Future Auxiliary in the Balkan Languages", *ISS, 7*, 127-136, 1995. 🗎 „Начинот, времето и видот во зависносложените темпорални реченици во македонскиот јазик", *MJ, 40-41*, 1995, 283-290. 🗎 „Syntax and prosody: li questions in Macedonian and Bulgarian", *Papers in phonetics and phonology, 7*, Berlin Toronto 1996. 🗎 „Perspectives of the Future Tense in the Macedonian Language: Verbal Tense or Mood", *Студии за македонскиот јазик, литература и култура*, Скопје 1996, 81-86. 🗎 „Aspect and Iterativity in Macedonian", *Balkanistica, 10*, 282-295, 1997. 🗎 „Blaze Koneski" *Dictionary of Literary Biography*, 181, 1997, 125-131. 🗎 „Negation and Grammaticalization of Have and Want Futures in Bulgarian and Macedonian", *Canadian Slavonic Papers*, *34, 3-4*, Toronto 1998. 🗎 „Official Language, Minority Language, No Language at All: Macedonian in Primary Education in the Balkans", *Language Problems and Language Planning, 23/3*, Fall 1999, 233-250. 🗎 „Macedonian and Bulgarian li Questions: Beyond Syntax", *National Language and Linguistic Theory*, *17/3*, Toronto 1999, 541-586 (заедно со: C. Rudin, L. Billings, M. Baerman). 🗎 „Anton Panov's Play *Pecalbari* and its Role in the Standardization of Macedonian", *Of All the Slavs my Favourites*, 2002. 🗎 „Between Dialect and Standard: Towards a Morphology of the Verbal System of the Macedonian dialect of Vrbnik, Albania", *СлС, 10*, 209-218, 2003. 🗎 „Pronominal Variation in the Macedonian Dialect of Vrbnik, Albania", *Balkanistica, 18*, 61-70, 2005 (R). 🗎 „Accommodating Dialect Speakers in the Classroom: Sociolinguistic Aspects of Textbook Writing", *Canadian Slavonic Papers*, *46*, 1-2, Toronto 2005, 59-72. 🗎 „Grave Accents: Language, Nation, and the Death of Serbo-Croatian", Faculty of Arts and Science, University of Toronto, Fall 2006. 🗎 „Македонистиката во Канада", (Macedonian Studies in Canada), *40 години Меѓународен семинар за*

*македонски јазик, литература и култура*, Скопје 2007. 🗎 „Shifting Borders – Shifting Identities: Individual Responses to Macedonian Language Standardization 1920-1950", *Canadian Slavonic Papers*, Toronto 2008. 🗎 „Macedonian and Bulgarian Language Contact", *Kontaktlinguistik, 2 (65)*, Toronto 1996, 1-6. 🗎 „Blaze Koneski's 1945 Lecture ,Македонската литература и македонскиот литературен јазик'", *Делото на Блаже Конески: остварувања и перспектива*, Скопје 2002, 435-446.

Учествувала на МСМЈЛК во: 1978, 1980, 1984 и 1989.

✉ University of Toronto, 121 St. Joseph Street, Toronto, Ontario Canada; ☎ 416-926-2075; факс: 416-926-2076; e-mail: ce.kramer@utoronto.ca

ЕЦ



**КРЕТОВ Алексеј Александрович** (Кретов Алексей Александрович), 29 август 1952 Москва (Русија). Руски славист, доктор на филолошки науки (1994), професор на Воронешкиот државен универзитет (1995), каде што студирал (1969-1974). Шеф на Катедрата за теоретска и применета лингвистика на Воронешкиот државен универзитет (од 2001). Негов научен и професионален интерес се општата лингвистика, славистиката и русистиката. Со македонистика почнал да се занимава во средината на 80-тите години на XX век. Објавил повеќе од 250 трудови.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Македонский словарь омонимов (с русскими толкованиями)*, Воронеж 2008.

🗎 „Фрагмент лексико-семантической системы македонского языка в зеркале двуязычного словаря", *МЈ, 38-39*, 1987-1988, 197-212. 🗎 „Истражување на лексико-семантичкиот систем на македонскиот јазик врз основа на двојазичен речник", *18 НД*, 1992, 129-137. 🗎 „Исследование закономерных лексико-семантических соответствий в русском и македонском языках", *Структурно-семантические исследования русского языка*, Воронеж 1994, 103-109 (заедно со О.Т. Гордей). 🗎 „Исследование лексикографических данных македонского языка с помощью компьютера", *Материалы по русско-славянскому языкознанию*, Воронеж 1995, 56-59. 🗎 „Создание автоматического македонско-русского словаря", *Математическое обеспечение информационных технологий в технике, образовании и медицине*", Воронеж 1997, 18 (заедно со И.Е. Воронина, О.А. Вершинина, Н.Б. Лемстер). 🗎 „О Македонском словаре омонимов с русскими толкованиями" *Материалы по русско-славянскому языкознанию*, Воронеж 1998, 44-52. 🗎 „Исследование македонско-русских соответствий на морфемном уровне", *Македонско-руски јазични, литературни и културни врски*, Скопје 1998, 163-176 (заедно со О.Т. Косаренко). 🗎 „Македонский словарь омонимов с русскими толкованиями. Часть II: Двучленные омонимические ряды", *Материалы по русско-славянскому языкознанию*, Воронеж 1999, 86-97. 🗎 „Количественные характеристики македонской лексики по данным

‚Македонско-русского машинного фонда'", *Македонский язык, литература и культура в славянском и балканском контексте*, Москва 1999, 125-134. 🗎 „Македонский словарь омонимов с русскими толкованиями. Часть II: Двучленные омонимические ряды: ‚*ексик – кусок*'", *Материалы по русско-славянскому языкознанию*, Воронеж 2001, 135-151. 🗎 „Македонский словарь омонимов с русскими толкованиями (*лак – нос*)", *Материалы по русско-славянскому языкознанию*, Воронеж 2004, 274-283.
⊠ 30963 Воронеж, Университетская пл., 1; ☎ (4732)-20-41-49; e-mail: tipl@rgph.vsu.ru

МК

**КУПЕР Хенри Р. ј-р** (Cooper Jr. Henry R.), 30 септември 1946 Њујорк (САД). Американски лингвист. Професор по словенски јазици и литератури на Универзитетот Индијана во Блумингтон. Член на Словенечката академија на науките и уметностите. Негов главен предмет на интерес е словенечкиот јазик и литература, а пошироко се занимава со јужнословенските јазици и литератури, особено со преводите на Библијата. Долгогодишен уредник на едицијата *Indiana Slavic Studies*.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Slavic Scriptures: The History of the Formation of the Church Slavonic Version of the Holy Bible*, Madison-Teaneck 2003.

🗎 „Modern Slovene and Macedonian Bible Translations Compared and Contrasted", *A Festschrift for Howard I. Aronson, ISS, 12*, 2001, 57-84 (= *Зборник реферати од Четвртата македонско-северноамериканска славистичка конференција за македонистика*, Скопје 2003, 107-136). 🗎 „Forty-Five Plus Fifteen Years of Macedonian Literature in English Translation", *Proceedings of the VI Macedonian-North American Conference on Macedonian Studies*, Скопје 2008.
⊠ Department of Slavic Languages and Literatures, BH 502, Indiana University, Bloomington IN 47405, USA; ☎ +1-812-855-9906; факс: +1-812-855-2107.

ЕЦ



**КУРЦ Јозеф** (Kurz Josef), 3 февруари 1901 Прага (Чешка Република) – 6 декември 1972 Прага (Чешка Република). Чешки славист, палеославист, професор, ученик на ⇨Ф. Пастрнек, потоа на Ј. Зубати и О. Хујер на Карловиот универзитет во Прага. Специјализација стекнал во Париз и Стразбур, во Белград кај А. Белиќ и С. Куљбакин, во Загреб кај С. Ившиќ и во Полска, каде што бил лектор на Варшавскиот универзитет. Докторирал на Карловиот универзитет врз основа на дисертацијата за Зографското евангелие (1924). Втор докторат (DrSc.) одбранил на истиот универзитет врз основа на трудот *Studie ze syntaxe jazyka staroslověnskeho* (1964). Работел во Канцеларијата за речник на чешкиот јазик при ЧАНУ во Прага (1935-1945). Професор по словенска филологија на Масариковиот универзитет во Брно (1945) и на Карловиот универзитет во Прага (од 1956). Член на

ЈАЗУ. Дал голем придонес во областа на палеославистичката лексикографија. По негова иницијатива се пристапило кон изработка на црковнословенски речници од различни редакции, а тоа дало основа за изработка на црковнословенскиот речник на ракописите од македонска редакција. Во своите научни истражувања главно внимание им посветувал на прашањата на палеославистиката и ги проучувал кирилометодиевските и византиско-словенските врски и историјата на славистиката. Подетално го истражувал јазикот на одделни споменици (на пр. Зографско евангелие, Асеманово евангелие). Автор е на неколку учебници по старословенски јазик. Големо значење имаат неговите заклучоци за возникнувањето на членот во бугарскиот јазик кој, според него, се конституира како категорија дури по XII век. Важни за славистичката наука се неговите заклучоци за балканизмите во старословенскиот јазик.
Трудови од областа на македонистиката:
🕮 *Evangeliář Assemanův. Kodex vatikánský 3. slovanský 1-2*, Praha 1929, 1955 (заедно со J. Vajs). 🕮 *Slovník jazyka staroslověnského, 1-4*, Praha 1967-1997 (главен уредник на 1-3 том). 🕮 *Základy staroslověnské mluvnice*, Praha 1961 (соавтор). 🕮 *Jazyk staroslověnský*, Praha 1964, 1967, 1969. 🕮 *Texty ke studiu jazyka staroslověnského*, Praha 1962, 1964. 🕮 *Učebnice jazyka staroslověnského*, Praha 1969. 🕮 *Kapitoly ze syntaxe a morfologie staroslověnského jazyka*, Praha 1972.
Литература за него: 🕮 L. Řeháček, *Bibliografický soupis vědeckých prací prof. dr. Josefa Kurze*, Praha 1968.
🗎 R. Večerka, „Vědecké dílo Josefa Kurze", Studia palaeoslovenica, 1971. 🗎 L. Uhlířová, „Josef Kurz a bulharistika", *Slavica Pragensia 28*, Praha 1988. 🗎 Z. Ribarova, *Dodaci bibliografiji Jozefa Kurza*, 1968-1982, *Slovo*, Zagreb 1988.

ИД



**КУФНЕРОВА Злата** (Kufnerová Zlata), 19 август 1935 Пардубице (Чешка Република). Чешка славистка, бугаристка, македонистка и транслатолог. Доктор по филозофија (PhDr.), кандидатка на науки. Преведува од англиски, бугарски, македонски, германски и руски. Апсолвентка на Филозофскиот факултет при Карловиот универзитет во Прага. Дипломски труд: *Kosturské nářečí na základě folklorních zápisů* (1959), одбранила кандидатска дисертација за дијалектните евенгелиски преводи во XIX век на македонска и на бугарска територија (1977). Учествувала на научни конференции и била наградена со Златно перо на Друштвото на преведувачите на Македонија (1989). Превела и издала избор од творештвото на М. Матевски и В. Смилевски и составила антологија на современата македонска поезија (1996).
Трудови од областа на македонистиката:
🗎 „Slované v Řecku a jejich jazyk", *SPř*, *5*, 1961, 309; 🗎 „Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања, 1-3", *Slavia*, *40*, 1971, 620-624. 🗎 „Folklorní texty v kosturském nářečí", *Studia ethnographica, 5*, 1980, 83-102.

🗎 „Белешки за преведувањето поезија од македонски на чешки", *Културната и естетската вредност на книжевниот превод*, Тетово 1989, 17-23.
Учествувала на МСМЈЛК во 1989.
Литература за неа: 🕮 *Who is Who in Translation and Terminology*, London 1997. 🕮 *Slovník českých překladatelů* (Internet). 🕮 *Who is...? v České republice*, Praha 2007.

ИД

**ЛАИНОВИЌ-СТОЈАНОВИЌ Надежда** (Надежда Лаиновић-Стојановић), 28 септември 1942 во Бијело Поље (Црна Гора). Српска славистка. Професор по руски јазик, доктор на филолошки науки. Работела на Филозофскиот факултет во Ниш (1998-2007). Дипломирала на Филозофскиот факултет во Скопје. Учесник на многу меѓународни славистички и русистички конференции и конгреси. Заслужна за воведувањето на македонскиот јазик во наставата по српски и руски јазик на Филозофскиот факултет во Ниш. Објавила повеќе од 150 трудови главно со компаративен карактер меѓу српскиот, рускиот и македонскиот јазик, самостојно или во соавторство.
Трудови од областа на македонистиката:
🗎 „Српски и македонски еквиваленти на рускиот инфинитив во електротехничка литература", *22 НД*, 1996, 73-98 (соавтор М. Каранфиловски). 🗎 „Сложените именки во областа на електрониката и електротехниката (руско-српско-македонски паралели), *23 НД*, 1997, 41-51 (соавтор М. Каранфиловски). 🗎 „Зборообразувачките модели на термините по електротехника во рускиот, српскиот и во македонскиот јазик", *24 НД*, 1998, 37-43 (соавтор М. Каранфиловски). 🗎 „Руски термини и конструкции со предлозите *для* и *за* и нивните македонски и српски еквиваленти", *25 НД*, 1999, 179-190 (соавтор М. Каранфиловски). 🗎 „Беспредложниот инструментал во јазикот на струката (руско-српско-македонски паралели)", *27 НД*, 2001, 69-86 (соавтор М. Каранфиловски). 🗎 „Лексико-семантическое преобразование лингвистических терминов и терминов методики преподавания в терминосистеме вычислительной техники и информатики (русско-сербско-македонские параллели", *30 НК*, 2004, 307-338.

МК/ЉМ



**ЛАНТ Хорас Г.** (Lunt Horace G.), 1918 Вестон (САД). Еден од водечките американски слависти. Професор емеритус на Харвардскиот универзитет каде што бил и долгогодишен шеф на Катедрата за словенски јазици и литератури. Високо образование стекнал на универзитетите во Харвард (1937-1941), Беркли (1941-1942), Прага (на Карловиот универзитет 1946-1947) и на Универзитетот Колумбија во Њујорк. Во Прага го посетувал првиот универзитетски курс по македонски јазик организиран во странство, што го

водел ⇨А. Фринта. Негов потесен предмет на научен интерес е палеославистиката, историјата на словенските јазици, социолингвистиката. Автор е на првата граматика на македонскиот јазик напишана на англиски, што претставува и прва научна граматика напишана од странец, која е една од најчесто цитираните книги во врска со македонскиот јазик во светската славистика и балканистика. Еден од првите странски слависти што покажале интерес за македонскиот јазик и многу придонесол за изучување на македонскиот јазик во светот. Може да се смета и за еден од основоположниците на македонската социолингвистика. Член на МАНУ (1969). Автор на статии за македонскиот и за други словенски јазици во изданијата на *Encyclopedia Britanica*. Објавил повеќе студии и статии од областа на македонистиката. Одликуван е со Медал за заслуги за Република Македонија за неговиот придонес во областа на македонистиката (2007).
Трудови од областа на македонистиката:
🕮 *A Grammar of the Macedonian Literary Language*, Скопје 1952 (ревидирано и преобјавено во: *Две македонски граматики на современиот македонски стандарден јазик од Хорас Г. Лант и Виктор А. Фридман*, Скопје 2003). 🖹 „A Survey of Macedonian Literature“, *Harvard Slavic Studies, I*, 1952, 363-396. 🖹 „The Creation of Standard Macedonian: Some Facts and Attitudes“, *Anthropological Linguistics, 1/5*, 1959, 19-26. 🖹 „On the loss of declension in Bulgarian and Macedonian“, *Die Welt der Slaven, 10*, Berlin 1965, 305-312. 🖹 „On the old Church Slavonic Codex Assemanianus“, *MJ, 32-33*, 1981-1982, 405-416. 🖹 „On dating OCS Manuscripts, South Slavic and Balkan Linguistics“, Amsterdam 1982, 215-232. 🖹 „On Slavs, Common Slavic and Old Church Slavonic“, *Gesschrift F.V. Mareš*, Munich 1984. 🖹 „Some Sociolinguistic Aspects of Macedonian and Bulgarian“ *Language and Literary Theory*, Ann Arbor, 83-132. 🖹 „On Macedonian Nationality“, *Slavic Review, 45*, 1986. 🖹 „Некои социолингвистички аспекти македонског и бугарског језика“, *Свеске, 15*, *Македонски језик*, Сарајево 1986, 255-299. 🖹 „Notes on Nationalist Attirudes in Slavic Studies“, *Canadian Slavonic Papers, 24*, 1992, 729-734. 🖹 „Time and the Macedonian Language“, *Guard the Word Well Bound, ISS, 10*, 1999, 3-15.
Литература за него: „Guard the Word Well Bound“, *Honor of Professor Horace Gray Lunt on the Occasion of His 80th birthday, ISS, 10*, 1999.

ЕЦ

**ЛИПКА Франтишек** (Lipka František), 22 февруари 1946 Братислава (Словакија). Словачки поет, дипломат, високошколски педагог. Студирал на Универзитетот во Братислава. Добро го познавал македонскиот јазик. Неколку пати учествувал на Струшките вечери на поезијата. Преведува од југословенските литератури. Неговиот избор од поезијата на М. Матевски *Oslovovanie predka* (1985) е прва словачка книга поезија од македонски автор. Заедно со ⇨Е. Хорак ја составил првата словачка антологија од современата македонска поезија *Nepokoj v krajine* (1990). Заедно со Е. Клетников ја составил и ја превел на македонски антологијата на словачката поезија *Отклучување на земјата* (1991). Напишал и речнички статии за авторите. Тој ја превел драмата *Црнила* од К. Чашуле (*Čierňavy*, 1982).

ИД

**ЉУБАШ Владислав** (Lubaś Władysław), Жарновјец (Полска). Полски лингвист. Професор на Високата школа за бизнис во Домброва Гурнича. Доктор на науки, почесен доктор на Белградскиот универзитет (2004). Дипломирал на Јагјелоњскиот универзитет во Краков (1956). Бил декан на Факултетот за хуманистика (1972-1973) и на Филолошкиот факултет (1973-1975), проректор (1975-1977), директор на Институтот за полска филологија и директор на Институтот за полски јазик (1973-1980), шеф на Катедрата за славистика на Универзитетот во Ополе (1994-2002), каде што го основал лекторатот по македонски јазик. Член на многу јазични комисии во МСК и ПАН. Основач и главен уредник на годишникот *Socjolingwistika* (од 1977), член на редакции на неколку списанија. Држел предавања на многу европски универзитети и учествувал на славистички конгреси. Неговиот научен интерес е насочен кон историјата на полскиот јазик и компаративната полско-словенска стилистика. Објавил 12 книги, околу 370 статии и повеќе од 300 научнопопуларни статии. Добитник е на повеќе полски и странски одликувања, награди и признанија.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Słowotwórstwo południowosłowiańskich nazw miejscowych z sufiksami -ci, -ovci, -inci itp.*, Katowice 1971, 🕮 *Studije iz srpske i južnoslovenske onomastike i sociolingvistike*, Beograd 2002. 🕮 *Języki słowiańskie w perspektywie ekolingwistycznej*. Opole 2003 (заедно со: I. Ohnheiser, Z. Topolińska).

🗎 „Речник на презимињата кај Македонците. т. I, А-Љ, Т. Стаматоски, Скопје 1994“, *Onomastica, 41*, 1996, 284-287. 🗎 „O sytuacji języka macedońskiego“, *Slawistyka 2. Zeszyty Naukowe Uniwersytetu Opolskiego*, Opole 1997, 23-29. 🗎 „Посесивна функција суфикса -ица у јужнословенској топонимији“, *Наш језик, 15, 1-2*, 1966, 108-113. 🗎 „Географски називи типа Брат(а)н, Блажна, Климно у јужнословенским језицима“, *ЗбФЛ, 12*, 1969, 93-98. 🗎 „Студије о грађењу речи и морфологији јужнословенске топонимије“, *Анали Филолошког факултета, 9*, Београд 1969, 95-144. 🗎 „Dzierżawcze nazwy geograficzne z sufiksem *-ica* w językach południowosłowiańskich“, *Onomastica, 15*, 1970, 71-124. 🗎 „Nowe zadania polityki językowej w świecie słowiańskim“, *Socjolingwistyka, 17*, 2003, 7-26. 🗎 „Суштината на градската дијалектологија“, *МЈ, 32-33*, 1981-1982, 417-431. 🗎 „Транслација на сопствените имиња во комуникативна ситуација“, *ЛЗб, 1*, Скопје 1985, 41-53. 🗎 „Кога јазичната кодификација може да биде ефикасна?“, *13 НД*, 1986. 🗎 „Kiedy kodyfikacja może być skuteczna?“, *Прилози, 11, 2*, 1986, 83-89. 🗎 „O pewnej toponimicznej paraleli ukraińsko-słowacko-południowosłowiańskiej. (Nazwy miejscowe z sufiksami -ov, -in/-ci)“, *Slavia Orientalis, 36, 3-4*, Warszawa 1987, 491-494. 🗎 „Uwagi o genezie słowiańskich patronimicznych i etnicznych nazw miejscowych“, *Slawistyczne studia językoznawcze*, Wrocław 1987, 181-184. 🗎 „Преведувањето на сопствените имиња во текст“, *Folia Philologica Macedono-Polonica, 4*, Скопје 1996, 30-34. 🗎 „Sporne zagadnienia w interpretacji słowiańskich nazw miejscowych utworzonych od nazw zbiorowisk ludzkich“, *Studia slavica et humanistica in honorem Nullo Minissi*, Katowice 1997, 195-200. 🗎 „Socjolingwistyczne podłoże przemian w położeniu języków słowiańskich w czasie transformacji państwowych i ustrojowych. Z polskich studiów slawistycznych“, *Językoznawstwo*, Warszawa 1998, 183-188. 🗎 „Rola polonistyki jugosłowiańskiej w promocji litera-

tury i kultury polskiej", *Promocja języka i kultury polskiej w świecie*, Lublin 1998, 157-163. 🖹 „Rzeczy ważne w opisie sytuacji współczesnych języków słowiańskich. (Zarys planowanego opisu)", *Komparacja systemów i funkcjonowania współczesnych języków słowiańskich, I,* Opole 2001, 69-79. 🖹 „Najnowsza sytuacja języków południowosłowiańskich w oczach polskich slawistów", *Z polskich studiów slawistycznych, Seria 10. Językoznawstwo*. Warszawa 2002, 117-126. 🖹 „Дали е можна ,европска' јазична политика во словенските земји", *32 НК*, 2006, 65-74 (заедно со М. Љубаш).
Учествувал на СМЈЛК во: 1981, 1986, 1987.
✉ Wyższa Szkoła Biznesu w Dąbrowie Górniczej; ul. Cieplaka 1C, Pl-41-300 Dąbrowa Górnicza; ☎ +48-32-262-8560; e-mail: rektorat@wsb.edu.pl

МК/ЉМ

**МАЗОН Андре** (Mazon André) 7 септември 1881 Париз (Франција) – 13 јуни 1967 Париз (Франција). Француски лингвист, славист, член на академиите во Полска, СССР, Чехословакија, Бугарија, член на Академијата за убави литератури во Париз. За време на Првата светска војна се нашол на македонската јазична територија. Резултат од тоа се три книги кои претставуваат основни извори за познавање на јужномакедонските дијалекти на почетокот на дваесеттиот век:
🕮 *Contes slaves de la Macédoine sudoccidentale: étude linguistique; textes et traduction; notes de folklore,* Paris 1923. 🕮 *Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du Sud,* Paris 1936. 🕮 *L'evangéliaire de Kulakia: un parler slave du Bas Vardar,* Paris 1938 (заедно со ⇨А. Вајан).

МК

**МАЛЕЦКИ Мјечислав** (Małecki Mieczysław), 14 јули 1903 Мјелец (Полска) – 3 септември 1946 Клоцко (Полска). Полски лингвист, славист, балканист, дијалектолог, истражувач на јужнословенските дијалекти, прв полски македонист. Во учебната 1922/23 се запишал на Јагјелоњскиот универзитет во Краков каде што студирал словенска филологија. Малецки е еден од најистакнатите слависти-лингвисти на Краковската школа. Неговиот научен интерес е насочен кон дијалектологијата. Се занимавал со јужнословенска, но и со полска дијалектологија. По завршените студии во Краков престојувал на универзитетите во Белград, Загреб и Љубљана, каде што работел и со професорите А. Белиќ и Ф. Рамовш. Формирал јужнословенско одделение на Јагјелоњскиот универзитет, кое го раководел до крајот на животот. Во 1933 Малецки отишол во Грција за да ги проучува македонските дијалекти во Егејска Македонија. Два месеци поминал во солунското село Сухо, а еден месец во селото Висока. Во 1934 бил на краток престој и во Костур. Објавил македонистички студии.
Трудови од областа на македонистиката:
🕮 *Dwie gwary macedońskie. Sucho i Wysoka w Sołuńskiem. Część I. Texty,* Kraków 1934. 🕮 *Część II. Słownik.* Kraków 1936, и двете како посебни

книшки во серијата *Biblioteka Ludu Słowiańskiego, 2, 3*. Не успеал да го издаде третиот дел, студијата за говорот, кој го издал неговиот ученик ⇨З. Голомб како докторска дисертација под наслов *Dwie gwary macedońskie. Sucho i Wysoka w Soluńskiem*, објавена во македонски превод: „Два македонски говора – на Сухо и Висока во Солунско“, *MJ, 11-12, 13-14*, Скопје 1960-1961, 1962-1963.
🗎 „Drobiazgi z Macedonii“, *Lud Słowiański II/III*, Warszawa 1933, 106-119, *III/2*, Warszawa 1934, A 266-287“. 🗎 „O rozróżnicowaniu gwar Bogdańska w pd-wschodniej Macedonii“, *Lud Słowiański, III, 1*, 1936, A 90-106. 🗎 „Z zagadnień dialektologii macedońskiej (z povodu najnowszych prac A. Belicia, D. Iwanowa, A. Mazona, K. Mirczewa, St. Romańskiego, A. Vaillanta i innych)“, *RS, 14*, 1938, 119-144.
Литература за него: 🕮 *Свечен собир посветен на Мјечислав Малецки*, Скопје 1977. 🗎 Ј. Русек, „Мјечислав Малецки (1903–1946)“, *MJ, 54-55*, 2004, 39-44.

ЕЦ

**МАРА Карел** (Mára Karel), 1 јануари 1922 Пасека у Табора (Чешка Република). Чешки лингвист, бугарист и преведувач. Лектор по чешки јазик на Софискиот универзитет (1949-1957). Постојано живее во Берлин, каде што работи како лектор по чешки јазик. Тој е автор на студијата „Gebauerovy Ukázky z národního básnictví bulharského“, *Slavica Pragensia, 2*, 1960, во која ги истражува преводите на Јан Гебауер од зборникот на браќата Миладиновци *Български народни песни* на чешки.

ИД



**МАРЕШ Франтишек Вацлав** (Mareš František Václav), 20 декември 1922, Бенешов (Чешка Република) – 3 декември 1994 Виена (Австрија). Дводомен чешки и австриски славист и македонист со светско реноме. Доктор на науки, професор, академик. Дипломирал на Филозофскиот факултет на Карловиот Универзитет во Прага (1945-1948), а таму и докторирал од областа на споредбената словенска лингвистика, фонетика и филозофија, врз основа на трудот *Прашките одломки и нивната предлошка* (1950). Работел како научен соработник на Одделението за Старословенскиот речник при Словенскиот институт на ЧСАН (сега АН ЧР) во Прага (1950-1968), во Институтот за словенска филологија при Универзитетот во Виена, Австрија (1968-1992), професор (1968-1992). Неговата педагошка и научна дејност е широка. На Универзитетот во Виена повеќе од 25 години ја продолжувал славната традиција што ја претставувале такви имиња како Ф. Миклошич, В. Јагиќ, Н.С. Трубецкој, В. Вондрак и др. Покрај филологот ⇨Ј. Хам и литературниот историчар Г. Витрженц, тој станал трет професор на тогашниот Институт за словенска филологија. Бил носител, организатор и иницијатор на голем број проекти и на богата меѓународна соработка. На Универзитетот во Виена држел предавања од сите области

на словенската филологија. Својата научна дејност ја насочил, пред сè, на полето на компаративната словенска лингвистика во областа на фонологијата и морфологијата, етимологијата и лексикологијата. Втора област на неговите научни интереси претставува старословенската, црковнословенската и општословенската филологија. Неговите научни трудови ги карактеризира прецизност, научна акрибија, исцрпност и сеопфатност. Има одржано околу двесте предавања речиси на сите европски универзитети и на неколку универзитети во САД. Бил член на голем број меѓународни здруженија и асоцијации: член и претседател на Комисијата за старословенски речници при МСК (1974-1994), главен редактор и член на редакцијата на речниците: *Slovník jazyka staroslověnského*, Praha 1966-1997; *Rječnik crkvenoslavenskoga jezika hrvatske redakcije*, Zagreb 1991-); член на редакциски одбори на разни славистички списанија: *Slavia*, *Wiener Slawistisches Jahrbuch*, *Ricerche Slavistiche* и др. Член на Австриската академија на науките (1972) и претседател на Балканската комисија при оваа Академија (1987-1992), на Полската академија на знанствата во Краков, на МАНУ (1980), на ЈАЗУ (1986). Носител на златната плакета Добровски што ја доделува ЧСАН. Добитник е, посмртно, на Медал за заслуги за Република Македонија (2007). Неговата библиографија брои 364 единици (книги, статии, прикази, пригодни написи и др.). Во неговиот научен опус доминираат трудовите од споредбената словенска граматика, словенската филологија и особено од областа на палеославистиката. Македонскиот јазик почнал да го изучува во текот на своите високошколски студии на Карловиот универзитет во Прага, каде што тогаш, во учебната 1946/47 година, е отворен лекторат по македонски јазик што го водел ⇨А. Фринта. Подоцна, своето активно владеење на македонскиот јазик го има усовршено на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, каде што бил еден од неговите најредовни учесници. Неговите македонистичките трудови опфаќаат извонредно широк дијапазон на прашања, почнувајќи од старословенските почетоци на македонската писменост, преку црковнословенскиот период до современата состојба на македонскиот јазик. Компаративистичкиот пристап овозможува да се согледаат специфичностите на македонскиот јазик, како во однос на другите словенски јазици, така и во балканскиот контекст. На македонскиот јазик му обрнувал особено внимание и во своите предавања на Виенскиот универзитет. На негов предлог во 1978 во Виена е отворен лекторат по македонски јазик. Автор е на прва граматика на современиот македонски јазик за чешкото јазично подрачје. Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура посмртно издаде зборник со неговите македонистички трудови: *Комӣараӣивна фонолоӣија и морфолоӣија на македонскиоӣ јазик, синхронија и дијахронија*, Скопје 2008. Неговата научна библиографија содржи неколку стотини монографии, студии, статии, анализи, прегледи, осврти и полемики, објавени на чешки, руски, германски, англиски, македонски и други јазици.
Трудови од областа на македонистиката:
🗎 „Die Struktur des Artikels im Makedonischen", *Les Études Balkaniques Tchécoslovaques, 5*, 1974, 73-79. 🗎 „Anomální přízvuk v spisovné makedonštině", *MJ, 29*,

1978, 87-95 (= Зборник на трудовите од *5 НД*, 1979, 5-12), 🗎 „Vztah makedonského členu a kategorie gramatického rodu a čísla“, *MJ, 31*, 1980, 85-89. 🗎 „Карактеристика промене перфекта и кондиционала у словенским језицима“, *Научни сас̄ханак славис̄ха у Вукове дане*, Београд 1981, 79-90. 🗎 *„Foném /ə/ v slovanských jazycích“*, *Прилози, 7/1*, Скопје 1981, 53-74. 🗎 „Вокализацијa на македонските секундарни силабични сонанти и нејзиното значење за фонолошкиот систем“, *MJ, 32-33*, 1981-1982, 441-446. 🗎 „Das Verhaltnis der Belebtheits- und der Determinierungskategorie im Slavischen“, *Прис̄ѿайни ӣредавања, ӣрилози и библиоӣрафија на новӣѿе членови на МАНУ, 6*, Скопје 1982, 161-175. 🗎 „Историскиот развој на македонскиот вокален систем“, *MJ, 34*, 1983, 5-21. 🗎 „Фонолошки иновации во македонскиот јазик и во неговите дијалекти“, *Прилози, 9/2*. Скопје 1984, 65-83. 🗎 „Makedonská konjugace na pozadí ostatních slovanských jazyků“, *MJ, 35*, 1984, 17-27. 🗎 „Антепенултималното и пенултималното фиксирање на македонскиот зборовен акцент“, *11 НД*, 1985, 11-21. 🗎 „Местото на македонскиот јазик во словенското јазично семејство“, *Предавања на 20 СМЈЛК*, Скопје 1988, 37-49. 🗎 „Балкански појави во македонскиот фонолошки развој“, *14 НД*, 1988, 95-100. 🗎 „Аорист и имперфект во денешните словенски јазици“, *15 НД*, 1989, 11-28. 🗎 „Судбината на граматичката синонимија со посебен осврт на развојот при загубата на двоината во словенските јазици“, *MJ, 40-41*, 1989-1990, Скопје 1995, 323-326. 🗎 „Stabilizacja akcentu wyrazowego w językach słowiańskich podrupy północnozachodniej“, *Problemy opisu gramatycznego języków słowiańskich*, Warszawa 1991, 105-108. 🗎 *Makedonská gramatika*, Скопје 1994 (= K. Hora, *Makedonsko-český slovník*, Praha 1999, 565-638).

Учествувал на СМЈЛК во: 1972, 1976, 1978, 1979, 1980, 1981, 1982, 1983, 1984, 1985, 1986.

Литература за него: 🕮 J. Vintr, E. Bláhová, *Cyrilometodějská tradice a slavistika*, Praha 2000, 659-705. 🗎 J. Vintr, *WSJ, 28*, 1982, 151-168, 38, 1992, 307-317. 🗎 Z. Ribarova, „František Václav Mareš. Primo tentativo di un ritratto scientifico“, *Ricerche Slavistiche, 42*, 1995, 113-123. 🗎 „З. Рибарова, „Франтишек Вацлав Мареш. Живот и дело“, *Предавања на 28 МСМЈЛК*, Скопје 1996, 57-68. 🗎 „František Václav Mareš“, *Cyrilometodějská tradice a slavistika*, Praha 2001.

ЕЦ/ИД/ЗР

**МАРКОВИЌ Слободан Ж.** (Марковић Слободан Ж.), 15 јули 1928 Горњи Мушиќи (Србија). Српски литературен историчар и критичар. Професор. Дипломирал на Филозофскиот факултет во Белград (1952). Еден од основачите на Меѓународниот славистички центар во Белград. На Филолошкиот факултет предавал нова српска литература, литература за деца и младина и македонска книжевност. Се занимава со прашања од српската литература и од другите словенски литератури. Автор е на неколку монографии.

🗎 „Поетичка начела у литературној критици Димитра Митрева“, *28 НК*, 2002, 425-434.

ИД



**МЕШЧЕРЈАКОВА Јулија** (Мещерякова Юлия), 16 јануари 1972, Воронеж (Русија). Руска лингвистка. Работи на Катедрата за словенска филологија на Филолошкиот факултет на Воронешкиот државен универзитет (1989-1994). Се специјализирала во областа на славистиката, македонистиката и русистиката. Македонскиот јазик го учела од 1990. Била на студиски престој во Скопје (1994, 2002). Има 17 трудови на македонистички теми.
Трудови од областа на македонистиката:
🗎 „Название профессий как основа русских и македонских фамилий", *3 Славистические чтения памяти профессора П.А. Дмитриева и профессора Г.И. Сафронова*, СПб. 2002, 60-62. 🗎 „Македонские фамилии с прозвищами в основе", *Славянский мир: общность и многообразие*, Воронеж 2003, 241-244. 🗎 „Апелативната лексика како основа на руските и на македонските презимиња", *Материалы по русско-славянскому языкознанию*, Воронеж 2003, 213-225. 🗎 „Nomina professionalis како основа на македонските и на руските презимиња", *29 НК*, 2003, 175-189. 🗎 „Проучувањето на македонскиот јазик на Филолошкиот факултет на Државниот универзитет во Воронеж", *Наставата по македонски јазик како странски: состојби и перспективи, 2*, Скопје 2003, 83-85. 🗎 „Антропоними со зооформни елементи во македонскиот и во рускиот јазик", *31 НК*, 2005, 227-239.
Учествувала на МСМЈЛК во: 1991, 1992, 1998-2000, 2002, 2007.
⊠ Воронежский государственный университет, Воронеж, пл. Ленина 10, ☎ (4732) 208-497; e.mail: juliames@yahoo.com

МК

**МИНДАК-ЗАВАЦКА Јоланта** (Mindak-Zawadzka Jolanta), 1955 Варшава (Полска). Полска славистка и балканистка. Професор на Варшавскиот универзитет. Авторка на низа трудови во кои го разгледува македонскиот јазик во балканистички контекст.
🕮 *Peryfrastyczne konstrukcje predykatywne z parafrazą przymiotnikową (na materiale polskim, serbsko-chorwackim i macedońskim)*, Ossolineum 1983. 🗎 „Кон карактеристиката на заменките во анафорска функција во македонскиот и во другите балкански јазици", *НД 10*, 1983. 🗎 „За методите на внатрешно-балканската и балканско-словенската јазична конфронтација", *НД 13*, 1986.
Учествувала на СМЈЛК во: 1975, 1976, 1982, 1985, 1986, 1989, 1991, 1994, 1996.

МК



**МИНИСИ Нуло** (Minissi Nullo), 1921 Витербо (Италија). Италијански лингвист. Професор по словенска филологија (1962-1997), шеф на Одделот за Источноевропски студии на Универзитетскиот институт „Ориентале“ во Неапол (сегашен Универзитет „Ориентале“), ректор на истиот универзитет (1979-1982). Професор емеритус (од 1998). Неговиот научен интерес се движи во областа на индоевропеистиката, славистиката, угрофинската јазична заедница. Член на Калеваласеура (Хелсинки) (1963), член на МАНУ (1980), член на ПАН (1999), почесен доктор на Софискиот Универзитет (1981), почесен доктор на Силезискиот универзитет (1993), почесен доктор на УКИМ (1998). Добитник на многу значајни признанија: Златна ѕвезда на Југославија (1979), Златен медал на БАН (1979), Почесно Рациново признание (2004), Медал за заслуги за Република Македонија (2007), и на наградата „Ryszard Kapuściński“ (2007). Одликуван е со Медалот Блаже Конески што го доделува МАНУ (2008). Во периодот 1947-1950 соработувал со *Realtà politica, Lo stato moderno, Civiltà moderna, Il bolletino dell'emigrazione*. Како претставник на Италија, член е на конститутивниот одбор на *Association internationale des études du Sud-Est européen* (при УНЕСКО, 1969). Во 1970 е поканет во тесната група која ја формира *Kommission für Sprachfragen der europäischen Einigung* (Хамбург) која, пак, во 1971 го основа *Institut für linguistische Probleme der europäischen Integration* (Хамбург).
Трудови од областа на македонистиката:
🕮 *Studi e ricerche nel dominio della filologia slava*, Napoli 1961 (заедно со В. Беларди). 🕮 *Dizionario di fonoligia*, Roma 1962. 🕮 *Manuale di fonetica sperimentale*, Napoli 1969 (заедно со Н. Китановски и У. Чинкве). 🕮 *The phonetics of Macedonian*, Napoli 1982. 🕮 *A człowiek wybrał słowo*, Katowice 2002. 🕮 *Европски книжевни студии*, Скопје 2004. 🕮 *Блаже Конески, поет и граматичар, и типологијата на македонскиот јазик*, Скопје 2007.
🗎 Македонскиот вокализам во рамките на балканскиот вокализам, *5 НД*, 1978. 🗎 „Опозиција меѓу формите *без се* и *со се* и прашањето на залогот во современиот словенечки јазик“, *8 НД*, 1981. 🗎 „Редот на зборовите“, *12 НД*, 1987, 79-82. 🗎 „Блаже Конески и нормирањето на јазикот“, *29 НК*, 2002, 31-36.
Учествувал на МСМЈЛК во: 1977, 1978, 1979, 1984, 2007.
Литература за него: 🕮 *Studia slavica et humanistica in honorem Nullo Minissi*, Katowice 1997.

ЕЦ

**МИОДИЊСКИ Лех** (Miodyński Lech), 21 јуни 1961 Катовице (Полска). Полски литературен теоретичар. Студирал на Силезискиот универзитет во Катовице и на Универзитетот во Белград. Магистрирал (1985), докторирал (1991), хабилитирал (2000). Професор во Познањ (2001) и во Катовице (2005). Раководител на Одделот за словенски култури во Институ-

тот за словенска филологија, заменик-директор на Институтот. Член на Комисијата за словенска култура во Полската академија на уметноста во Краков. Научно се ориентирал кон историјата на македонската, српската, хрватската литература и на меѓусловенските врски. Почнал да го изучува македонскиот јазик на лекторатот на Силезискиот универзитет (1982), на семинарите во Охрид, на научните престои во Скопје. Има објавено 87 труда. Превел текстови од С. Јаневски, Љ. Спасов, Н. Петковска, Е. Шелева, Б. Ташковски, П.М. Андреевски и Р. Павловски. Напишал повеќе речнички статии во *Słownik pisarzy świata*, Kraków 2004.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Враќања на значењата. Актуализирања на културните традиции во македонската литература по 1945 година*, Скопје 1999. 🕮 *Природа – интелект – култура. Прашањата на поетското творештво на Богомил Ѓузел*, Скопје 1999.

🖹 „Budowanie świata – motyw nadrealistycznej kreacji w powojennej poezji macedońskiej i polskiej“, *Polska – Jugosławia. Związki i paralele literackie*, Wrocław–Warszawa–Kraków–Gdańsk–Łódź 1987, 113-128. 🖹 „Ujęcia czasu w poezji Bogomila G′uzela“, *Pamiętnik Słowiański, 38/39*, 1988/1989, 1991, 237-262. 🖹 „‚Epskoto na glasanje‘ – pierwszy manifest odnowionej poezji macedońskiej. Program i kontekst“, *Studia z języków i literatur narodów słowiańskich. Tendencje rozwojowe*, Katowice 1991, 163-176. 🖹 „Kryzys podmiotowości człowieka a model dzieła (na przykładach ze współczesnych literatur jugosłowiańskich)“, *Kryzys tożsamości. Slavica*, Katowice 1992, 15-29. 🖹 „Dylemat języka w najnowszej literaturze macedońskiej: od bariery komunikacyjnej do pasji lingwizmu“, *Rozpad mitu i języka?*, Katowice 1992, 152-161. 🖹 „Odwieczna wędrówka. Koncepcja przestrzeni oraz motyw podróży w twórczości eseistycznej i poetyckiej Bogomila G′uzela“, *Podróż w literaturze rosyjskiej i w innych literaturach słowiańskich*, Opole 1993, 133-136. 🖹 „Kategoria narodu w kulturach słowiańskich“, *Ruch Literacki, 34/1-2*, Warszawa 1993, 1994, 147-150. 🖹 „*Bogomil G′uzel: poetycki dialog z naturą i kulturą*“, Katowice 1994. 🖹 „Problem periodyzacji literatur polskiej i macedońskiej po II wojnie światowej“, *Folia Philologica Macedono-Polonica. 3*, Katowice 1994, 43-56. 🖹 „Поезијата на Богомил Ѓузел“, *Разгледи, 37, 1/2*, Скопје 1994, 34-48. 🖹 „Celina Juda: Literatura w stanie podejrzenia. Współczesna proza macedońska lat sześćdziesiątych XX w.)“, *Pamiętnik Słowiański, 42*, Kraków 1992, 125-129. 🖹 „Przyspieszenie przeciw ewolucji – nowy radykalizm literatury macedońskiej“. *Postmodernizm w literaturze i kulturze krajów Europy Środkowo-Wschodniej*, Katowice 1995, 185-195. (превод на англиски „Acceleration Versus Evolution – The New Radicalism of Macedonian Literature“, *Postmodernism in Literature and Culture of Central and Eastern Europe*, Katowice 1996, 197-208. 🖹 „Kategoria narodu w kulturach słowiańskich“, *Pamiętnik Słowiański, 43*, Warszawa 1993, 1995, 147-151. 🖹 „Полскиот и македонскиот неокласицизам како поетска парадигма на културата“, *Folia Philologica Macedono-Polonica, 4*, Скопје 1996, 163-173. 🖹 „Przejawy postmodernizmu“, *Dziś, 7*, 6, 1996, 131-133. 🖹 „Macedonia – słowiańska autarkia wobec dyktanda europejskiego pragmatyzmu“, *Słowianie wobec integracji Europy*, Kraków 1998, 157-167. 🖹 „Од адаптацијата до новата митологизација – функциите на медитеранската традиција во современата македонска поезија“, *Македонската литера-*

*тура и култура во контекстот на медитеранската културна сфера*, Скопје 1998, 413-425. 🖹 „Powroty znaczeń. Aktualizacje tradycji kulturowych w literaturze macedońskiej po 1945 roku“, Katowice 1999, 243. 🖹 „„Poemat obrzędowy‘ Petre M. Andreevskiego“, *W kręgu kultury Słowian*, Katowice 1999, 125-131. 🖹 „Argument nietypowości jako miara ewolucji kultury literackiej (przykład macedoński)“, *Studia z historii literatury i kultury Słowian*, Katowice 2000, 95-103. 🖹 „Współczesne macedońskie manifesty poetyckie – kategorie programowe i formuły dyskursu“, *Folia Philologica Macedono-Polonica. 5*, Warszawa 2000, 36-46 (= „Современите македонски поетски манифести – програмски категории и правила за разговор“, *Стремеж, 1-2*, Скопје 2001, 24-37). 🖹 „Identyfikacja kulturalno-językowa Macedończyków a kod społeczny środowiska wielonarodowego“, *Język a tożsamość narodowa. Slavica*, Kraków 2000, 195-208. 🖹 „Kategorie poznawcze i ideologiczne - ruchome współrzędne literatur narodowych (przykład południowosłowiański)“, *Nadzieje i zagrożenia. Slawistyka i komparatystyka u progu nowego tysiąclecia*, Katowice 2002, 121-128. 🖹 „Prototypy nowego imaginarium literatur południowosłowiańskich“, *Dwudziestowieczna ikonosfera w literaturach europejskich. Wizualizacja w literaturze*, Katowice 2002, 41-55. 🖹 „Granice kompetencji i granice tolerancji w badaniach macedonistycznych“, *Wokół Macedonii: siła kultury - kultura siły*, Poznań 2002, 75-89 (= „Limits of Competence and Limits of Tolerance in Macedonian Studies“, *The Macedonian Issue: the Power of Culture, the Culture of Power*, Poznań 2003, 79-95). 🖹 „Literatura macedońska – status kulturowy i ewolucja“, *Proglas, 13*, 2002, 24-26. 🖹 „Czynnik religijny w przekształcaniu macedońskiego stereotypu etnicznego“, *Sprawozdania z Czynności i Posiedzeń PAU, 65*, Kraków 2002, 146-147. 🖹 „Czynnik religijny w przekształcaniu macedońskiego stereotypu etnicznego“. *Życie religijne i duchowość współczesnych Słowian, 2*, Kraków 2002, 71-92. 🖹 „Typowość i specyfika socrealizmu macedońskiego“, *Z zagadnień literatury, kultury i języka*, Katowice 2003, 145-150. 🖹 „Integralizm i separatyzm w macedońskim procesie samostanowienia kulturalnego“, *Idee wspólnotowe Słowiańszczyzny*, Poznań 2004, 229-246. 🖹 „Determinanty współczesnej literatury w Macedonii – czasoprzestrzeń idealna i realna“, *Miejsce Macedonii na Bałkanach. Historia – polityka – kultura – nauka*, Kraków 2005, 143-153. 🖹 „Symbole miejsca w literaturze i kulturze macedońskiej. Opis projektu“, *Cywilizacja – przestrzeń – tekst. Słowiańska topografia kulturowa w języku i literaturze*, Katowice 2005, 158-170. 🖹 „Emancypacja różnicy. Współczesny pisarz macedoński wobec kryptonimów rzeczywistości“. *Z małą ojczyzną w sercu. Księga pamiątkowa dedykowana Profesorowi Tadeuszowi Zdancewiczowi*, Poznań 2005, 68-82. 🖹 „Literackie identyfikacje macedońskiej topografii kulturowej“. *Swoje i cudze. Kategorie przestrzeni w literaturach i kulturach słowiańskich, 3 – Słowiańszczyzna Południowa*, Poznań 2005, 45-57. 🖹 „Cywilizacja kontrastu. Rzut oka na nekropolie Macedonii“, *Autoportret. Pismo o dobrej przestrzeni*, 3, 2005, 26-27. 🖹 „Геокултурните прототипови на идентитетот во националните литератури“, *Folia Philologica Macedono-Polonica, 6*, Скопје 2006, 189-204. 🖹 „Podmiot na peryferiach. Literatura macedońska lat dziewięćdziesiątych wobec problemu marginalizacji kulturowej“, *Literatury słowiańskie po roku 1989. Nowe zjawiska, tendencje, perspektywy. 3 – Podmiotowość*, Warszawa 2005, 172-197. 🖹 „Балканскиот литературен индивидуализам – од изолација до партиципација“, *Балканската слика на светот*, Скопје 2006, 387-399. 🖹 „Tropy i inspiracje roman-

tyczne w literaturach o odmiennych cyklach rozwojowych“, *Folia Philologica Macedono-Polonica. 7*, Poznań 2006, 115-132. 🗎 „Literatura macedońska“, *Encyklopedia szkolna WSiP. Literatura. Wiedza o kulturze*, Warszawa 2006, 444-445. 🗎 „Macedońska katachreza – nowy regionalny klucz identyfikacyjny“, *Południowosłowiańskie Zeszyty Naukowe. Język – Literatura – Kultura, 4*, Łódź 2007, 19-30.
✉ Instytut Filologii Słowiańskiej, Uniwersytet Śląski, ul. Żytnia 12, 41-205 Sosnowiec; ☏/факс: +48 32 2914784; Katedra Filologii Słowiańskiej, Uniwersytet im. A. Mickiewicza, Al. Niepodległości 4, 61-874 Poznań; ☏/факс: +48 61 8293621; e-mail: lechmio@ares.fils.us.edu.pl

МК/ЉМ

**МОШИЊСКИ Лешек** (Moszyński Leszek), 19 февруари 1928 Лублин (Полска) – 16 април 2006 Гдањск (Полска). Студирал славистика на универзитетите во Лублин и во Познањ. На Универзитетот во Гдањск ја отворил Катедрата за славистика (1964). Поголем дел од неговиот богат опус се однесува на палеославистиката. Се занимавал со јазикот на Зографското евангелие, особено во студијата *Ze studiów nad rękopisem kodeksu Zografskiego*, Warszawa 1961. Во книгата *Wstęp do filologii słowiańskiej,* Warszawa 1984, обработува материјал и од најстарата историја на македонскиот јазик. Околу десетина расправи има посветено на Охридската книжевна школа и на најстарите словенски текстови настанати на почвата на Македонија. Член на МАНУ (2003).
Трудови од областа на македонистиката:
🗎 „Słownictwo macedońskiego Ewangeliarza Popa Jowana wobec słownictwa Ewangeliarza Dobromira“, *Зборник во чесӣ на Блаже Конески*, Скопје 1984, 171-179. 🗎 „Wymowa głagolskich wstawek triodu Bitolskiego“, *Јазичниӣе ӣојави во Биӣола и Биӣолско денеска и во минаӣоӣо*, Скопје 1988, 41-46. 🗎 „Tytuły ewangelijne w staro-cerkiewno-słowiańskich tetraewangeliach“, *Кирило-меӣодиевскиоӣ (сӣарословенскиоӣ) ӣериод и кирило-меӣодиевскаӣа ӣрадиција во Македонија*, Скопје 1988, 99-103.
Учествувал на СМЈЛК во: 1973, 1978.
Литература за него: 🕮 *Tematy, Księga jubileuszowa w 70. rocznicę urodzin profesora Leszka Moszyńskiego*, Gdańsk 1998.

ЕЦ



**НАКАЏИМА Јуми** (Nakajima Yumi), 16 април 1951 Токио (Јапонија). Јапонска лингвистка, славистка. Професор на Хитосубаши универзитетот во Токио (од 1995). Студирала на Токискиот универзитет (1970-1975), потоа на Постдипломската школа на истиот универзитет (1978-1982) и магистрирала со тема од литература. Предава источноевропски студии, социологија, лингвистика, руски и српски јазик. Работи и како советник на Јапонската научна асоцијација за руска литература и лингвистика. Таа е генерален сек-

ретар на Јапонската асоцијацција на славистите. Била на студиски престој на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Нови Сад (1978-1979) и на Филолошкиот факултет на УКИМ (1979-1980). Главен предмет на интерес ѝ е дијалектологијата на јужнословенските јазици и на јапонскиот јазик, македонскиот јазик, особено дијалектите, и македонската култура. Учела македонски јазик во Нови Сад (1979), во Задар (1980) и на Филолошкиот факултет на УКИМ (1980). Превела од македонски на јапонски песни од Б. Конески и расказ од П.М. Андреевски за антологијата на источноевропската литература издадена во Токио (2006).

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Разговорник на македонски јазик*, Токио 1981 (на јапонски) 🕮 *Основен македонско-јапонски речник со 1500 зборови*, Токио 1982 (на јапонски). 🕮 *Балкан – Како се води теренска работа*, Токио 1997 (на јапонски) (наградена од Кимура награда за славистичка литература и лингвистика во 1997).

🗎 „За двојната употреба на личните заменки во македонскиот јазик", *Годишен зборник на Токаи Универзитетот (литература и јазик), 39*, Токио 1985, 48-60 (на јапонски). 🗎 „Две формы глаголов движения в южно-западной части южнославянской языковой области", *Japanese Contributions to X$^{th}$ International Congress of Slavists*, Tokyo 1988, 29-42. 🗎 „Пет песни на Константин Миладинов", *Polyphonia, 2*, Токио 1989, 43-51 (на јапонски). 🗎 „Блаже Конески", *Polyphonia, 4*, Токио 1991, 55-64 (на јапонски). 🗎 „Македонски јазик", *Enciklopedia Lingvistica, 4*, Tokyo 1992, 53-58. 🗎 „Марко Цепенков", *Polyphonia, 3*, Токио 1993, 26-34 (на јапонски). 🗎 „За историската промена на заменскиот систем во македонскиот јазик", *Tokyo University Linguistic Papers, 14*, Токио 1995, 319-338 (на јапонски). 🗎 „Македонските поговорки", *Енциклопедија на поговорки во светот*, Токио 1995, 603-610 (на јапонски). 🗎 „Употребата на личните заменски форми во македонскиот јазик од дијалектолошка гледна точка", *Japanese Contributions to XII$^{th}$ International Congress of Slavists*, Tokyo 1998, 89-111. 🗎 „Една споредба во однос на формирањето на стандардниот јазик: модерно време во Македонија и Јапонија", *Делото на Крсте Мисирков, 2*, Скопје 2005, 111-120. 🗎 „Како ја пренесуваме душата на народот", *33 НК*, 2007, 49-56.

Учествувала на МСМЈЛК во: 1980, 2003, 2006, 2007.

🖂 Hitotsubashi Univerzitet, Tokyo, Naka 2-1, Kunitachi-city, Tokyo, 186-8601 Japan; ☎ +81 42 580 8467; e-mail: cs00296@srv.cc.hit-u.ac.jp

ЕЦ

**НАУМОВ Александер** (Naumow Aleksander), 6 јули 1949 Орнет (Полска). Познат славист и палеославист, историчар на културата, специјалист за црковнословенска литература и медиевистика. Професор на Јагјелоњскиот универзитет во Краков и на Универзитетот во Венеција. Ја истражува црковнословенската литература и културата на православието. Уредник е на серијата *Krakowsko-Wileńskie Studia Slawistyczne* (Краков) и на „Biblioteka Duchowości Europejskiej" (Гнезно). Автор е на над 250 труда.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Apokryfy w systemie literatury cerkiewnosłowiańskiej*, 1976. 🕮 *Biblia w strukturze artystycznej utworów cerkiewnosłowiańskich*, 1983. 🕮 *Pasterze wiernych Słowian. Święci Cyryl i Metody*, 1985. 🕮 *Wiara i historia. Z dziejów literatury cerkiewnosłowiańskiej na ziemiach polsko-litewskich*, 1996. 🕮 *Idea-immagine-testo. Studi sulla letteratura slavo-ecclesiastica*, Alessandria 2004. 🕮 *Rękopisy cerkiewnosłowiańskie w Polsce. Katalog*, 2002, 2004.

🗎 „Fenomen gestu stwórczego Braci Sołuńskich", *Slavica 1968-1974*, Kraków, 20-25. 🗎 „Biblija kao komponenta savremene mitske pesničke svesti", *5 НД*, 1979, 127-138. 🗎 „O inspiracji pozautorskiej w prawosławnym średniowieczu", *Зборник во чесӣ на Блаже Конески*, Скопје 1984, 367-373. 🗎 „Нови информации за балканското православие од почетокот на XVII век", *Сӣекӣар*, *21-22*, Скопје, 5-14. 🗎 „Współczesna rekonstrukcja macedońskiego procesu historycznego i literackiego", *Przemiany w świadomości i kulturze duchowej narodów Jugosławii po 1991 roku*, Kraków, 57-69.

Учествувал на МСМЈЛК во: 1972, 1986.

МК/ЉМ



**НЕВЕКЛОВСКИ Герхард** (Gerhard Neweklowsky), 14 април 1941 Линц (Австрија). Австриски лингвист, славист. Професор, доктор на науки. Член на Австриската академија на науките (2002) и на САНУ. Студирал славистика и персиски јазик. Докторирал на тема за хрватските говори во Австрија (1966). Хабилитирал (1973). Работел на Универзитетот во Виена (1977, 2000-2006), на Универзитетот во Клагенфурт (1979--2000), бил продекан (1994-1996) и проректор (1995--1999) на истиот универзитет. Член на МСК (2000--2008). Гостувал на повеќе универзитети во Европа и во САД. Се занимава со повеќе подрачја од областа на лингвистиката. Негов предмет на интерес се словенските и балканските јазици. Како студент во Загреб учел еден семестар македонски кај ⇨П. Кепески (1961/1962). Во рамките на славистиката предавал двапати по еден семестар македонски јазик во Клагенфурт и во Виена. Има објавено 15 книги, 250 статии и прикази.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Herrschaft, Staat und Gesellschaft in Südosteuropa aus sprach- und kulturhistorischer Sicht*, Wien 2007.

🗎 „Zur Derivation der Substantive in den südslawischen Sprachen", *WSA*, *1*, 1978, 219-237. 🗎 „Neke osobine tvorbe makedonskih imenica u okviru južnoslovenskih jezika", *MJ*, *29*, 1978, 173-182. 🗎 „Südosteuropäische Kontaktlinguistik: Konvergenzen zwischen Sprachen und Teilen von Sprachen", *Plurilinguismo*, *6*, Udine 1999, 87-100. 🗎 „O jezičkim kontaktima u jugoistočnoj Evropi", *Zbornik za filologiju i lingvistiku*, *43*, Novi Sad 2000, 379-384. 🗎 „Языковая ситуация на территории распространения южнославянских языков", *ВЯ*, *2*, 2002, 128-134. 🗎 „Die südslawische Sprachenlandschaft: alte und neue Sprachen", *Sprachenvielfalt. Babylonische Sprachverwirrung oder Mehrsprachigkeit als Chance?*,

Innsbruck 2003, 97-110. 🗎 „F.V. Mareš (1922–1994) und seine makedonistischen Studien“, *WSJ, 50*, Wien 2004, 95-106. 🗎 „Die Sammlung makedonischer Volksmärchen von Stefan Verković als balkanischer Text“, *Studi linguistici in onore di Roberto Gusmani*, Alessandria 2006. 🗎 „Ф.В. Мареш и неговите македонистички трудови“, *Прилози, 30/1-2*, Скопје 2005, 29-40.

Учествувал на СМЈЛК во: 1970, 1976.

Литература за него: 🗎 Herta Maurer-Lausegger, „Gerhard Neweklowsky sexagenarius“, *WSJ, 47*, 2001, 205-210. 🗎 „Schriftenverzeichnis von Gerhard Neweklowsky“, *WSJ, 47*, 2001, 211-221. 🗎 *Slavistička raskršća Gerharda Neveklovskog*, Beograd 2006. 🗎 J. Reinhart, T. Reuther: „Ergänzungen zur Bibliographie“, *Ethnoslavica. Fs. für Herrn Univ. Prof. Dr. Gerhard Neweklowsky zum 65. Geburtstag*, Wien 2006, 11-14 (= *WSA*, Sonderband 65).

⌧ Institut für Slawistik der Universität Wien, Universitätscampus, Hof 3, Spitalgasse 2-9, A-1090 Wien; дом.: Emil Mendegasse 15, A-9073 Klagenfurt; e-mail: gerhard.neweklowsky@univie.ac.at

ЕЦ



**НЕЈЛОР Кенет Е. ј-р** (Naylor Kenneth E. Jr.), 27 февруари 1937 Филаделфија (САД) – 10 март 1992 Колумбус (САД). Американски лингвист. Професор по словенска лингвистика на Катедрата за словенски и источноевропски јазици и литератури на Државниот универзитет Охајо во Колумбус. Дипломирал француска лингвистика на Универзитетот Корнел (1958), а магистрирал од областа на општата лингвистика на Универзитетот Индијана, Блумингтон (1960). Бил на студиски престој на Универзитетот во Нови Сад, каде што работел со ⇨П. Ивиќ и специјализирал јужнословенска лингвистика (1962/63), а потоа на студиски престој во Нови Сад како гостин-професор (1982). Докторските студии ги продолжил во областа на руската и јужнословенската лингвистика на Чикашкиот универзитет, каде што и докторирал (1966). Бил доцент на Питсбуршкиот универзитет (1964-1966) и професор по словенска лингвистика на Државниот универзитет во Охајо. Бил главен уредник на *Ohio Slavic and East European Newsletter*. Член на МСК и на комисиите за социолингвистика (1990) и за граматичка структура (1978), секретар на Американската асоцијација на слависти (1978-1988), член, а потоа секретар (1972) и потпретседател (1973) на Американската асоцијација за проучување на југоисточна Европа. Бил во редакцискиот одбор на списанието *Slavic and East European Journal* (1975-1985), уредник на *American Bibliography of Slavic and East European Studies* (1968-1973), *Balkanistica* (1974-1981, 1985-1988), *Folia Slavica* (1975-1989). Негов предмет на интерес е балканската и словенската лингвистика, културите, политиката и литературите на Балканот. Има напишано научни статии со теми поврзани со српскохрватскиот, македонскиот и бугарскиот јазик. Основал фонд за јужнословенска лингвистика на Државниот универзитет во Охајо. Фондот го носи неговото име:

*The Kenneth E. Naylor Professororship of South Slavic Linguistics*, и секоја година кани почесни предавачи од областа на јужнословенската лингвистика. Објавил речиси сто научни трудови, меѓу кои поважен е *Sociolingvistički problem među Južnim Slovenima*, Beograd 1996.

Трудови од областа на македонистиката:

🗎 „A morphological classification of the South Slavic dialects", *American Contribution to the 7th International Congress of Slavists, 1*, The Hague 1973, 275-283. 🗎 „Забелешка за фонолошките црти на самогласката /ǎ/ во балканските јазици", *2 НД*, 1983, 147-155. 🗎 „South Slavic linguistics in the United States: 1966-1976", *Balkanistica, 4*, 1977, 149-172. 🗎 „Дистрибуцијата на членот во македонскиот и во англискиот јазик", *4 НД*, 1977. 🗎 „South Slavic Accentual system in a General Slavic Context", *6 НД*, 1979. 🗎 „The use of the articles in English and Macedonian", *MJ*, 32-33, 1981-82, 533-539. 🗎 „How accentual systems change – Thoughts on South Slavic in a general Slavic context", *Folia Slavica, 6*, 1984, 352-356. 🗎 „On the Grammatical Categories in Slavic: Their function in grammar", *Прилози, 12/2*, 1987, 22-26. 🗎 „On the form of the Macedonian article", *MJ, 40*, 1990.

Учествувал на СМЈЛК во: 1976, 1978, 1980.

Литература за него: 🗎 M. Radovanovič, „Kenneth E. Naylor (1937–1992)", *Nejlor E.K. Sociolingvistički problem među Južnim Slovenima*, Novi Sad 1996, 208-215.

ЕЦ/ЕП

**НИДРЛЕ Лубор** (Niederle Lubor), 20 септември 1865 Клатови (Чешка Република) – 14 јуни 1944 Прага (Чешка Република). Чешки археолог, етнограф и антрополог, еден од основачите на науката за словенските старини. Бил на студиски престој во Англија и Италија, ја посетил Русија и Балканот. Тој го основал фолклористичкото списание *Český lid*, Етнографскиот музеј и Словенскиот институт во Прага. Негово ремек дело е *Slovanské starožitnosti*, монументален труд, започнат уште од П.Ј. Шафарик. За нас се интересни *Starožitnosti* (1902-1919) и *Život starých Slovanů* (1911-1915), потоа *Slovanský svět. Zeměpisný a statistický obraz současného slovanstva* (1909). Тој систематски ја следел ситуацијата на Балканот, во Македонија, и стручната и публицистичка литература за Македонија, критички прикажал две тенденциозни книги од бугарски и грчки автори за Македонија. Ја прифатил теоријата на Ј. Цвијиќ за македонските Словени. Напишал опширна студија *Makedonská otázka*, 1901 (= *Македонският въпрос*, София 1902). На времето студијата се сметала за најдобар и најкомпетентен преглед на дадената проблематика.

Литература за него: 🕮 M. Kudělka, Zd. Šimeček a kol.: *Československé práce o jazyce, dějinách a kultuře slovanských národů od roku 1760. Biograficko-bibliografický slovník*, Praha 1972. 🕮 I. Dorovský, *České země a Balkán. Kapitoly z dějin česko-makedonských a makedonsko-českých styků*, Brno 1973.

ИД

**НОВАКОВА Лудмила** (Nováková Ludmila), 10 септември 1932 Прага (Чешка Република). Студирала на Филозофскиот факултет при Карловиот универзитет во Прага (1951-1956). Била вработена како уредничка, лекторка во Прага, на Универзитетот во Краков и во Пекинг. Бохемистка, славистка и транслатолошка. Преведува од бугарски и од македонски јазик. Соавторка е на одредниците на македонските писатели во: *Slovník spisovatelů. Jugoslávie*, Praha 1979; *Slovník světových dramatiků. Jugoslávští autoři*, Praha 1984. Објавила статии за Ж. Чинго (1974) и за Б. Вишински (1980). Во периодиката објавила преводи на текстови од С. Јаневски, С. Дракул, М. Јовановски, Г. Поповски, Н. Зекманова-Јакимова и низа други.

ИД



**ОШЛИС Волф** (Oschlies Wolf), 29 септември 1941 Кенигсберг (СССР). 1947-1959. Германски славист. Студирал славистика на универзитетот во Хамбург. Докторирал (1966) и хабилитирал (1977) на Универзитетот „Јустус Либиг" во Гисен. Професор (од 1993). Почесен доктор на УКИМ (2003). Вработен во различни истражувачки институти на германската сојузна влада (1968-2002). Лектор по македонски јазик во Славистичкиот институт на Универзитетот во Келн (од 2007/08). Објавил стотина публикации, на германски и на македонски, во кои најчесто ги разгледува проблемите на германско-македонската заемност низ вековите. Автор е на првиот учебник по македонски јазик излезен надвор од Југославија (заедно со ⇨В. Боиќ).

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Lehrbuch der mazedonischen Sprache*, München 1984 (заедно со ⇨В. Боиќ). 🕮 *Lehrbuch der makedonischen Sprache*, München 1986 (второ издание, заедно со ⇨В. Боиќ). 🕮 *Lehrbuch der makedonischen Sprache*, München 2007.

🗎 „Леонард Шултце-Јена и почетоците на новата германска македонистика", *14 НД*, 1988, 39-45. 🗎 „За делумната непомирливост на животот во дијаспората со литературата", *16 НД* 1990, 113-117. 🗎 „За усната литература на Македонците", *18 НД* 1992, 253-259. 🗎 „Од историјата на германскиот научен интерес за Македонија", *Историја*, *1-2*, Скопје 1994, 31-42. 🗎 „Средба на гениите (или: Блаже Конески како преведувач на Хајнрих Хајне)", *21 НД*, 1995, 239-243. 🗎 „Рода, Рода (Александар Фридрих Розенфелд) и балканските литератури", *22 НД*, 1996, 317-322. 🗎 „Во дијалог со Благоја Корубин околу свеста на Македонците", *23 НД*, 1997, 125-131. 🗎 „Кога го преведувам Крстета П. Мисирков на македонски...", *24 НД*, 1998, 290-294. 🗎 „Мемоарната литература на германските војници како македонистички извор", *26 НД*, 2000, 387-395. 🗎 „Печалбар, аргат или гастарбајтер?. Грст набљудувања кон германизмите во современиот македонски јазик", *27 НД*, 2001, 187-199. 🗎 „Јосип Јурај Штросмаер и идејата на југославизмот", *29 НК*, 2003, 743-752. 🗎 „Илинденското

востание, балканската положба и германските списанија од 1903-та година“, *30 НК*, 2004, 39-44. 🗎 „АСНОМ и Македонија – една реализирана утопија?, *31 НК*, 2005, 7-13. 🗎 „Крсте П. Мисирков и неговите германски ‚браќа по духот‘“, *Делото на Крсте Мисирков, 1*, Скопје 2005, 239-244. 🗎 „Проблемот на јазикот на Македонците во трудовите на раната германска македонистика“, *32 НК*, 2006, 83-87. 🗎 „Моменти и аспекти на германско-македонската заемност низ вековите“, *Предавања на 40 МСМЈЛК*, Скопје 2008, 21-39.
Учествувал на МСМЈЛК во: 1975, 1980, 1983, 1984, 1987, 1988, 1989, 1991, 1992, 1994, 1995, 1996, 1998, 1999, 2000, 2001, 2002, 2003, 2005, 2007, 2008. Тој е првиот странец што држел предавање на СМЈЛК (1981).
✉ Am Bruh 2, D-50171 Kerpen; ☏/факс: 49 2237 4935; e-mail: wolf.oschlies@gmx.de

ЕЦ

**ПАВЛОВИЌ Миливој** (Павловић Миливој), 8 декември 1891 Ниш (Србија) – 19 јануари 1974 Белград (Србија). Српски лингвист, доктор на филолошки науки, професор, член на САНУ. Студирал на Филозофскиот факултет во Белград (1910-1914). Бил на едногодишни студии во Париз (1917). Ја основал Катедрата за народен јазик на Филозофскиот факултет во Скопје (1926). Работел како соработник на Институтот за српски јазик на САНУ (од 1949) и бил уредник на Речникот на српскохрватскиот литературен и народен јазик. Ја основал Катедрата за јужнословенски јазици во Нови Сад (1954) и бил нејзин шеф. Соработувал со многу странски списанија. Се занимавал со проблемите на општата лигвистика, балканистиката, историјата на јазикот и дијалектологијата. Уште како студент се интересирал за проблемите на јазикот и на дијалектите во Македонија, а тој интерес се зголемил додека живеел во Скопје и работел на Филозофскиот факултет.
Трудови од областа на македонистиката:
🗎 „О македонским говорима“, *Југословенски гласник, 1/2*, Ниш 1915, 90-94. 🗎 „О основној карактеристици народних говора у јужним крајевима“, *Скопље и јужна Србија*, Скопље 1925, 83-87. 🗎 „Скопље као културно средиште“, *Јужни преглед, 1/1*, Скопље 1927, 1-5. 🗎 „О народним умотворинама и о њиховом скупљању у Јужној Србији“, *Јужни преглед, 1/4*, Скопље 1927, 145-148. 🗎 „О бележењу народних умотворина у јужним крајевима“, *Јужни преглед, 1/5-6*, Скопље 1927, 221-224. 🗎 „Принцип корелативности у еволуцији језика и некорелативности диалекатских црта горњег Повардарја“, *Годишњак Скопског филозофског факултета*, Скопље 1930, 297-311. 🗎 „О тетовском говору“, *Гласник Скопског научног друштва, 6*, Скопље 1932, 169-178. 🗎 „О велешком говору“, *Гласник Скопског научног друштва, 8*, Скопље 1934, 141-157. 🗎 „Gravirani natpis na crkvenom tasu crkve sv. Bogorodice u Skoplju iz 1811 godine“, *Narodna starina, 12*, Zagreb 1934, 186-189. 🗎 „Говор Торбеша из околине Скопља у еволутивној перспективи“, *Зборник лингвистичких и филолошких расправа*, Београд 1937, 439-449. 🗎 „О полиритмици у македонским народним пес-

мама“, *Зборник радова, 10/1*, Београд 1951, 217-251. 🗎 „Romanskog tipa nastavak -ule u debarskom dijalektu“, *Slavistična revija, 10*, Ljubljana 1957, 94-100. 🗎 „Miscelanea toponymica macedonica, I“, *MJ, 16*, 1965, 73-78. 🗎 „Miscelanea toponymica macedonica II“, *MJ, 17*, 1966, 103-116. 🗎 „Miscelanea toponymica macedonica, III“, *MJ, 19*, 1968, 97-100. 🗎 „Структура и стил високог ранга у старомакедонском књижевном језику Константина и Метода Солунских“, *1100-годишнина од смртта на Кирил Солунски, 2*, Скопје 1970, 281-288. 🗎 „Надгробната плоча најдена во село Герман кај Преспа. Текстолошка идентификација“, *1000 години од востанието на Комитопулите и создавањето на Самоиловата држава*, Скопје 1971, 73-91. 🗎 „Најстарији македонско/племенски називи и принципи настанка етнонима“. *Четврто заседание на Меѓународната комисија за словенска ономастика*, Скопје 1971, 115-138.
Литература за него: 🕮 *Зборник за филологију и лингвистику, 4-5*, Нови Сад 1961-1962.

ИД/ЗП/МК



**ПАВЛОВСКИ Борислав** (Pavlovski Borislav), 26 февруари 1950 Бјеловар (Хрватска). Хрватски литературен историчар, доктор на науки. Професор (од 2006), почесен професор на УКИМ (2008). Шеф на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Загреб (од 1986). Дипломирал на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Загреб (1974). Магистрирал на истиот факултет со темата „Oblikovanje likova u dramama Kola Čašula“ (1986) и докторирал со темата „Prostor u Čašulinim dramama“ (1994). Бил постојан дописник на *Нова Македонија* од Загреб (1975-1978). Шеф на Отсекот за јужнословенски јазици и книжевности (2006). Предавал македонски јазик и книжевност на универзитетите во Риека (1981-1983), Осиек (1981-1983), Гетеборг (1985/86), Марибор (1993/1994) и Задар (од 2006). Бил секретар на Загрепската славистичка школа на меѓународниот славистички центар на СРХ (1980-1987), потпретседател и претседател на Хрватско-македонското друштво (1993-1997) и претседател на Хрватското филолошко друштво (1997-2001). Член на Друштвото на хрватските писатели и почесен член на ДПМ. Основен научен интерес му се македонистиката, кроатистиката и театрологијата. Објавил 44 научни труда, главно македонистички, 80-тина лексиконски и енциклопедиски статии за македонски писатели и дела, 150 критики (книжевни, ликовни, театарски и филмски), огледи, прикази и полемики за македонската и хрватската книжевност. Уредник е на повеќе македонистички зборници и работел на неколку научни проекти на хрватско-македонски јазични, книжевни и театролошки теми. Превел од македонски на хрватски јазик 20 дела и голем број избори на поезија, раскази и др. Награден со медал на Апостол Павле од Владата на РМ во 2001. Македонски јазик студирал во Загреб кај ⇨П. Кепески.

Приредил и превел романи од П.М. Андреевски, Т. Георгиевски, В. Подгорец, В. Николески, Г. Смилевски, поезија од К. Рацин, Ј. Павловски, С. Јаневски, М. Ренџов, М. Матевски, К. Ќулавкова и др., драми од Г. Стефановски, К. Чашуле, В. Андоновски и др., раскази од В. Подгорец, В. Урошевиќ, Ж. Чинго, П.М. Андреевски, В. Манчев и др., како и многу расправи, статии, прикази, стручни текстови и сл. Напишал речнички статии речиси за сите македонски автори во *Hrvatska enciklopedija, 1-9*, Zagreb 1999-2007, во *Leksikon stranih pisaca*, Zagreb 2001, и во *Encyclopedia of World Literature in the 20th Century, 3*, Farmington Hill 1998.

Трудови од областа на македонистиката:

📖 *Suvremene makedonske drame. Antologija*, 1982 (заедно со В. Hećimović). 📖 *Prostori kazališnih svečanosti*, Zagreb 2000. 📖 *Во знакот на компаративното читање*, Скопје 2000. 📖 *Antologija nove makedonske drame*, предговор, Zagreb 2000, 7-87, 88-98. 📖 *Od teksta do predstave. Rasprave o dramaturgiji Kola Čašula i predstavama „Crnila“ (Tmina) na hrvatskim pozornicama*, Zagreb 2005. 📖 *Makedonska književnost*, Zagreb 1988, 1991, 239-260 (заедно со Т. Sazdov). 📖 *K. Racin „Beli mugri“ / konkordancija*, Zagreb 1991. 📖 „Makedonsko-hrvatski i hrvatsko-makedonski rječnik“, *Балкански речник*, 📖 *Мал македонско-хрватски и хрватско-македонски речник / Mali hrvatsko-makedonski i makedonsko-hrvatski rječnik*, Pula 2006 (заедно со ⇨Д. Стефанија).

🗎 „Žena u dramama Kola Čašula“, *Револуционерниот лик на жената во современото литературно творештво*, Куманово 1979, 75-83. 🗎 „Primjer prevođenja poezije Tina Ujevića na makedonski jezik“, *Croatica, 11-12/15-16*, Zagreb 1980/1981, 205-217. 🗎 „Petar Kepeski (2.VI.1924.–4.XII.1980.), *Croatica, 10/13-14*, Zagreb 1979 (1981), 277-280. 🗎 „U potrazi za izgubljenim identitetom“, *Taško Georgievski. Ravna zemlja*, Sarajevo 1985, 277-288 (= „Во потрага по изгубениот идентитет“, *Разгледи, 28, 1-2*, Скопје 1986, 15-26). 🗎 „Funkcija magijskog u prozi Petra M. Andreevskog“, *Битовото и историското во македонската уметничка проза*, Скопје 1986, 136-142. 🗎 „O Prličevu komparativno“, *Животот и делото на Григор С. Прличев*, Скопје 1986, 136-142. 🗎 „Balade Petrice Kerempuha“ i „Evangelie po Itar Pejo“, *Komparativno proučavanje jugoslavenskih književnosti, 3*, Zagreb–Varaždin 1988, 118-125, 🗎 „Apsurdna sloboda“, *Слобода и стремежот за слобода во современата македонска литература*, Скопје, 1990, 77-84. 🗎 „‚Beli mugri‘ u hrvatskim prijevodima, *Komparativno proučavanje jugoslavenskih/južnoslavenskih književnosti, 4*, Zagreb 1991, 243-251. 🗎 „Die makedonische Literatur“, *Kindler lexicon*, München–Basel–Zurich 1992, 485-491. 🗎 „Очекувана иронија“, *Lettre international, 1/1*, Скопје 1995, 77-82. 🗎 „Egzistencijalizam i filozofija apsurda u Čašulevim dramama“, *Компаративно проучување на македонската литература и уметност во XX век, 2*, Скопје 1996, 177-186. 🗎 „Što je Brešanov ‚Hamlet...‘ Makedoncima?“, *Prvi hrvatski slavistički kongres*, Zagreb 1997, 657-673. 🗎 „Makedonski prijevodi Brešanove ‚Predstave Hamleta u selu Mrduša Donja‘. *Hrvatska dramska književnost i kazalište u europskom kontekstu, 1*, Zagreb–Osijek 1999, 286-299. 🗎 „Македонската и хрватската фантастична проза“, *Феноменот љубов во балканските литератури и култури*, Скопје 1999, 105-116 (= „Постмодернизмот во хрватската и македонската фантастична проза“, *Наше писмо, 4*, 23, Скопје 1988, 9-10). 🗎 „Držićevi tragovi u makedon-

skoj drami i kazalištu (U tri akta te s prologom i epilogom)", *Hrvatska dramska književnost u europskom kontekstu*, Zagreb–Osijek 2000, 109-117. 🗎 „Сонот за куќа", *Реторика на љубовта*, Скопје 2001, 183-187 (= „Сонот за куќа", *Наше писмо*, 7, 41, Скопје 2001, 4). 🗎 „Драмскиот rimake на ‚Македонска крвава свадба'", *Војдан Поп Георгиев Чернодрински – живот и дело*, Скопје 2001, 157-162. 🗎 „Krleža na makedonskim pozornicama", *Hrvatska dramska književnost i kazalište – inventura milenija: 2*, Zagreb 2002, 235-260. 🗎 „Фрагменти за животот и драматургијата на Коле Чашуле", *Коле Чашуле. Драми, 2*. Скопје 2002, 213-263 (= „Ulomci o životu i dramaturgiji Kola Čašula", *Od teksta do predstave*, Zagreb 2005, 9-70. 🗎 „Милчиновата режија на ‚Црнила' од Коле Чашуле во Хрватско народно казалиште во Загреб", *Илија Милчин* (монографија), Прилеп 2003, 101-135 (= „Milčinova režija ‚Tmina' u zagrebačkom Hrvatskom narodnom kazalištu", *Od teksta do predstave*, Zagreb 2005, 73-132. 🗎 „‚Tmine' u osječkom Narodnom kazalištu", *Od teksta do predstave*, Zagreb 2005, 133-173. 🗎 „Šibensko uprizorenje ‚Tmina'", *Od teksta do predstave*, Zagreb 2005, 175-194. 🗎 „Virovitička ‚Crnila'", *Od teksta do predstave*, Zagreb 2005, 195-231. 🗎 „Dramatisierung von Geschichtee bei Kole Čašule. Geschichte (ge-)brauchen", *Literatur und Geschichtskultur im Staatssozialismus: Jugoslavien und Bulgarien*, Berlin 2006, 299-311. 🗎 „Verzifikacijski aspekti hrvatskih prijevoda ‚Tuge za jugom' (T'ga za jug) Konstantina Miladinova", *Swiat Slowian*, Bielsko Biala, 2006, 235-239.

Литература за него: 🗎 G. Kalogjera „Makedonistika na hrvatskim sveučilištima", *Hrvatsko-makedonske književne veze*, Rijeka 1996, 210-216. 🗎 Goran Kalogjera „Komparatistika Borislava Pavlovskog", *Poveznice makedonsko-hrvatske*, Rijeka 2006, 64-70. 🗎 *Личности од Македонија*, Скопје 2002, 236-237.

Учествувал на МСМЈЛК во: 1976, 1977, 1978.

⊠ Katedra za makedonski jezik i književnost, Filozofski fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Ivana Lučića 3, 10 000 Zagreb; ☎/факс: 00 355 01 6120 104; e-mail: borislav.pavlovski@ffzg.hr

МК



**ПАЊКИНА Олга** (Панькина Олга), 16 март 1957 Москва (Русија). Руска лингвистка и преведувачка. Работи како преведувач во амбасадата на Република Македонија во Руската Федерација (од 1994). Студирала на Филолошкиот факултет на МДУ (1975-1980), каде што дипломирала (1980). Била главен уредник и преведувач во Државниот комитет на Русија за радио-телевизија (1985-1987). Предава македонски јазик на Меѓународниот словенски институт во Москва (од 2007). Ја води рубриката за Македонија во литературно-уметничкото списание „Меценат и свет" што се издава во Москва. Нејзиниот научен интерес е современиот македонски јазик, лексикографијата, теоријата и практиката на преведување од и на словенски јазици. Била на подолго стажирање на УКИМ. Член на Сојузот на литературните преведувачи на Македонија. Има над 30 објавени трудови:

преводи на руски од македонски и од други словенски јазици, како и од руски на македонски. Превела на руски романи и раскази од Ж. Чинго, П.М. Андреевски, В. Андоновски, песни од Б. Конески, Г. Тодоровски, Р. Лазаров, С.Ѓ. Димоски, И. Чаповски, Т. Чаловски, М. Линдро, Б. Цветкоски, Љ. Георгиевски, Ј. Плевнеш. За повеќето автори напишала и белешки во изданијата. Автор е на повеќе статии за Македонија во разни руски списанија.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Мал македонско-руски речник, Мал руско-македонски речник, Граматички содржини – помагало за почетници*, Москва 2007. 🕮 *Македонско-руски разговорник*, Скопје 2007.

🗎 „За некои аспекти сврзани со поетски превод од македонски на руски", *33 НК*, 2007. 🗎 „Разговорна синтакса во романот ‚Големата вода' од Ж. Чинго, *34 НК*, 2008, 79-86.

Учествувала на МСМЈЛК во: 1977, 1994, 1995, 1996, 1998, 2002, 2005, 2006, 2007, 2008.

🖂 ул. Д. Уљанов, 16-2-510, Москва; ☎ 007 495 1243357; факс: 007 495 9823634; e-mail: mkambmos@mail.tascom.ru

ЕЦ/ИД

**ПАСТРНЕК Франтишек** (Pastrnek František), 4 октомври 1853 Келч (Чешка Република) – 17 февруари 1940 Прага (Чешка Република). Истакнат чешки филолог, палеославист, ученик на Ф. Миклошич и В. Јагиќ. Професор по словенска филологија на универзитетот во Прага. Член на неколку словенски академии и научни друштва. Негов интерес се прашањата од областа на кирилометодиевскиот период. Тој ја истражувал великоморавската мисија на солунските браќа, ја обработил старословенската морфологија по принципите на т.н. младограматичка школа. Напишал студија за старословенскиот превод на псалтирот. Тој е еден од првите слависти кој започна да ги истражува дијалектите. Имал врски и со некои личности по потекло од Македонија, на пр. со Д. Матов, Л. Милетич и др.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Apoštolové slovanští Cyrill a Metod. Nástin života a působení, jakož i význam jejich v dějinách osvěty slovanské*, Praha 1900. 🕮 *Dějiny slovanských apoštolů Cyrilla a Metoda s rozborem a otiskem hlavních pramenů*, Praha 1902. 🕮 *Tvarosloví jazyka staroslověnského s úvodem a ukázkami*, Praha 1909, 1912.

Литература за него: 🗎 M. Weingart, „Život a dílo prof. Františka Pastrnka", *Slovanský sborník věnovaný... Fr. Pastrnkovi*, Praha 1923. 🗎 M. Kudělka, Zd. Šimeček a kol., *Československé práce o jazyce, dějinách a kultuře slovanských národů od roku 1760. Biograficko-bibliografický slovník*, Praha 1972. 🗎 Зд. Урбан, Л. Ржехачек, *Прага и българската филология*, София 1992.

ИД

**ПАЧЕСОВА Јарослава** (Pačesová Jaroslava), 27 јануари 1928 Брно (Чешка Република) – 1992 Брно. Чешка фонетичарка, англистка и италијанистка, докторка по филозофија (PhDr., 1953), професорка (од 1979). Освен низа трудови од областа на германската и романската лингвистика таа објавила статии и од областа на словенската филологија. Ги проучувала палаталните оклузиви во македонскиот јазик и ги споредувала со слични фонетски појави во бугарскиот јазик. Резултатите од своите проучувања ги одбранила во својата кандидатска дисертација.
Трудови од областа на македонистиката:
🗎 „Some Remarks on the Palatal Plosives in Macedonian", *Sborník prací filozofické fakulty brněnské univerzity, A 14*, Brno 1966.
Литература за неа: 🗎 *Sborník prací filozofické fakulty brněnské univerzity, A 36*, Brno 1988, 17-24. 🗎 *Slavica na Masarykově univerzitě v Brně*, Brno 1993, 194.

ИД

**ПЕЛИКАН Јан** (Pelikán Jan), 1959 Прага (Чешка Република). Чешки историчар. Доцент доктор, кандидат на науки. Дипломирал на Филозофскиот факултет на Карловиот универзитет во Прага. Работи на Катедрата за историја на Филозофскиот факултет на истиот универзитет. Специјалист по поновата историја на југословенските народи, особено по 1945.
Трудови од областа на македонистиката:
🕮 *Dějiny Jugoslávie 1918-1991*, Praha 1994 (соавтор). 🕮 *Hospodářská spolupráce Československa s Jugoslávií v letech 1945-1949*, Praha 1990, 🕮 *Jihoslovanská krize: kořeny a souvislosti*, Praha 1996. 🕮 *Národnostní otázka ve Svazové republice Jugoslávii: geneze-vývoj-perspektivy*, Praha 1997.

ИД

**ПЕТРОВИЌ Драгољуб** (Петровић Драгољуб), 20 јуни 1935 Косор (Црна Гора). Српски лингвист. Завршил Филозофски факултет во Нови Сад (1960) и докторирал (1971). Работел како предавач на Педагошката академија во Никшиќ (1964-1965), а потоа на Филозофскиот факултет во Нови Сад (1965-2001). Член на Меѓународната комисија за ОЛА, на Меѓународниот редакциски колегиум на ОКДА. Се занимава главно со српска дијалектологија и со словенска лингвогеографија. Изработил повеќе од 60 карти за ОЛА во кои е вклучен и македонски јазичен материјал.
Трудови од областа на македонистиката:
🕮 *Фонолошки описи словеначких, српскохрватских/хрватскосрпских и македонских говора обухваћених Општесловенским лингвистичким атласом*, Сараево 1981 (соавтор).
🗎 „Кад дођу виле (к) очима", *MJ, 40-41*, 1995, 413-417. 🗎 „Божидар Видоески и истраживање српско-македонских дијалекатских контакта", *Ареална лингвистика – теории и методи*, Скопје 2005, 35-50.
Литература за него: *ЗМСФЛ*, 43, 2000, 9-26. 🗎 *Енциклопедија Новог Сада, 20*, 2002, 64-67. 🗎 З, Бојовић, Д. Мршевић-Радовић, С. Самарџија, *Биобиблиографски речник МСЦ*, Београд 2005.

ИД/МК



**ПЈАНКА Влоѓимјеж** (Pianka Włodzimierz) 9 август 1937 Воломин (Полска). Полски лингвист, славист. Неговиот предмет на интерес ги опфаќа речиси сите подрачја на лингвистиката. Професор, доктор по словенска лингвистика, член на МАНУ (1997), почесен доктор на УКИМ (1998). Студирал на Филолошкиот факултет на Варшавскиот универзитет (1954-1959), докторирал на истиот универзитет на тема „Топономастиката на Охридско-Преспанскиот базен во Македонија" (1966). На Варшавскиот универзитет одбранил хабилитација на тема „Macedońskie nazwy osobowe okręgu Azot" (1975). Повторно бранел хабилитација и на Виенскиот универзитет (1985). Работел во Институтот за словенска филологија на Варшавскиот универзитет (1967-1977). Бил заменик-директор на Институтот, шеф на Семинарот за српскохрватска филологија и продекан на Факултетот за русистика и славистика на Варшавскиот универзитет. Работел на Филолошкиот факултет на Силезискиот универзитет Катовице-Сосновјец (1977-1981). Бил шеф на Семинарот за словенска филологија и шеф на Катедрата за словенска филологија, продекан на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Катовице-Сосновјец (1980-1981). Работел на Виенскиот универзитет (1982-2002). Бил професор на Институтот за словенска филологија на Варшавскиот универзитет (2002-1967). Бил гостин-професор на Универзитетот во Хелсинки (1975-1976). Прв лектор по полски јазик на (тогашниот) Филозофски факултет на УКИМ (1959-1967). Поважни одликувања: Орден за заслуги на Република Полска (2002), Медал на Комисијата на националната едукација (2005), Медал за заслуги за Република Македонија (2007). Редовен член на Варшавското друштво и секретар на неговото Одделение за јазик и литература (2007). Член на редакцијата на списанието *Македонски јазик* и на многу други списанија. Има објавено 109 труда, 4 авторски книги + 1 колективен труд, 105 студии, расправи и прилози во списанија и зборници (од кои 5 се колективни).

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Топономастиката на Охридско-Преспанскиот базен*, Скопје 1970. 🕮 *Macedońskie imiona osobowe kotliny Azot w Macedonii*, Warszawa 1975. 🕮 *Полско-македонски и македонско-полски речник*, Скопје–Варшава 1990 (соавтори: Б. Видоески и З. Тополињска). 🕮 *Gramatyka konfrontatywna języków słowiańskich, 1*, Katowice 2000.

🖹 „Квантитетот како фонолошки фактор во македонскиот јазик", *МЈ, 11-12/1-2*, 1960-1961, 203-212. 🖹 „Изговорот и транскрипцијата на чешките, словачките и лужичко-српските имиња во македонскиот јазик", *ЛЗб 10, 1*, 1963, 24-30. 🖹 „Прилог кон транскрипцијата на полските сопствени имиња во македонскиот јазик", *ЛЗб, 11/4*, 1964, 20-26. 🖹 „Класификација на имињата на населените места од Охридско-Преспанскиот базен", *МЈ, 17*, 1966, 67-87. 🖹 „Проблеми на класификацијата на географските имиња од Охридско-Преспанскиот базен", *ГЗФФ, 19*, 1967, 453-64. 🖹 „Ономастиката и правописот", *ЛЗб, 14/4*, 1967, 7-23. 🖹 „Toponomastyka basenu jezior Ochrydzkiego i Prespańskiego w Macedonii", *RS, 29/1*, 1968, 75-92. 🖹 „Realizacja

normy literackiej w zakresie słownictwa we współczesnym mówionym języku macedońskim“, *SzFiS, 9*, 1970, 251-269. 🗎 „Badania toponomastyczne w Macedonii“, *Onomastica, 15/1-2*, 1970, 377-388. 🗎 „Derywaty odtoponimiczne w basenie jezior Ochrydzkiego i Prespańskiego w Macedonii“, *SzFiS 9/10*, 1971, 213-223. 🗎 „Nazwy geograficzne kotliny Azot w Macedonii“, *PF, 22*, 1972, 329-366 (coавтор Мито Миовски). 🗎 „Nazwiska macedońskie kotliny Azot, 1“, *Onomastica, 22*, 1977, 149-169. 🗎 „Nazwiska macedońskie kotliny Azot, 2“, *Onomastica, 23*, 1978, 215-241. 🗎 „Предикатно-аргументна и просторствена интерпретација на некои префиксални глаголи во македонскиот јазик“, *МЈ 39*, 1981, 585-590. 🗎 „Функциите на глаголите *е* и *има* во синтаксичките и глаголските перифрастички конструкции во македонскиот јазик (врз анализа на текстот од М. Цепенков, Преданија)“, *2 НД*, 1983, 60-77. 🗎 „Słownik leksemów stopniowalnych w językach słowiańskich“, *Zagadnienia kategorii stopnia w językach słowiańskich, 3*, Warszawa 1983, 79-148. 🗎 „Словенските извори на балканскиот компаратив“, *МЈ, 36-37*, 1985-1986, 95-109. 🗎 „Местото на зборообразувањето во семантичката граматика, *20 НД*, 1994, 121-131. 🗎 „Прашањето на фонетско-фонолошката кодификација на македонскиот јазик“, *Педесет години на македонската наука за јазикот*, 1997, 91-108. 🗎 „Библиската лексика во современиот превод на македонски јазик“, *25 НД*, 1999, 151-162. 🗎 „Семантичките категории и нивното изразување во македонскиот јазик (Морфологија)“, *Прилози и библиографија на новите членови на МАНУ*, Скопје 2000, 245-259. 🗎 „Формалните показатели на синтаксичките односи во македонскиот јазик (во споредба со други јазици)“, *26 НД*, 2000, 251-261. 🗎 „Нацрт на морфемски речник на македонскиот јазик“, *27 НК*, 2001, 7-17. 🗎 „Народното и интелектуалното во Граматиката од Блаже Конески“, *Делото на Блаже Конески (Остварувања и перспективи)*“, Скопје 2002, 401-412. 🗎 „Морфемата *се* како коформант кај префиксалните глаголи во македонскиот јазик“, *ЛЗб 54, 1-3*, 2007, 7-14. 🗎 „Nazwisko macedońskie a tożsamość narodowa i kulturowa Macedończyków“, *Bunt tradycji – Tradycja buntu*, Warszawa 2008, 179-194.

Македонскиот јазик во конфронтација со други јазици:

🗎 „Zmiany artykulacji samogłosek w sąsiedztwie spółgłosek półotwartych w języku macedońskim w porównaniu z językiem polskim“, *Studia Instytutu Filologii Słowiańskiej Uniwerzytetu Warszawskiego poświęcone VII Międzynarodowemu Zjazdowi Slawistów w Warszawie*, Warszawa 1977, 135-155. 🗎 „Klasy semantyczne wyrazów stopniowanych (na materiale górnołużyckim i macedońskim), *ZKSJS, 2*, Warszawa 1980, 111-153. 🗎 „Семантиката на предикатот и граматичката модалност (полско-македонски паралели), *16 НД*, 1990, 63-78. 🗎 „Глаголскиот префикс *на-* во македонскиот и во полскиот јазик“, *Зборник во чест на Радмила Угринова-Скаловска по повод седумдесетгодишнината*, Скопје 1997, 227-236. 🗎 „Изразувањето на збирноста во рускиот и во македонскиот јазик во споредба со другите словенски јазици“, *Македонско-руски јазични, литературни и културни врски*, Скопје 1998, 95-107. 🗎 „Периферииите и центарот на фонолошките системи во чешкиот и македонскиот јазик“, *Македонско-чешка научна конференција*, Скопје 1998, 85-93. 🗎 „Што е тоа придавката во лексикологијата? (македонско-германски паралели)“, *Прилози 29, 1-2*, 2004, 67-75. 🗎 „Односите меѓу патиенсот

и бенефициенсот, односно меѓу акузативот и дативот, во македонскиот и полскиот јазик во споредба со други јазици", *Folia Philologica Macedono-Polonica, 6*, Скопје 2006, 53-67. 🗎 „Rzeczowniki abstrakcyjne w roli głębokich predykacji i podstaw słowotwórczych (na materiale macedońskiego i polskiego oraz innych języków słowiańskich)", *Folia Philologica Macedono-Polonica, 7*, Poznań 2006, 19-32. 🗎 „Лексиката од областа на природата и селската култура содржана во Македонско-полскиот и полско-македонскиот речник", *33 HK*, 2007, 233-241. 🗎 „Odwrót od rodzimych tendencji rozwojowych w językach słowiańskich pod wpływem języków niesłowiańskich", *Wielojęzyczność. Kontakty językowe w rozwoju komunikacji kultur słowiańskich*, Warszawa 2008, 47-73.

Македонскиот јазик го разгледува и во трудовите:

🗎 „Fonem /šť/ w języku staro-cerkiewno-słowiańskim na tle słowiańskich procesów palatalizacyjnych", *SzFiS, 13*, 1974, 197-211. 🗎 „Formanty komparatywne o wtórnej funkcji hipokorystycznej w słowiańskich imionach osobowych", *ZKSJS, 1*, 1976, 85-93. 🗎 „Formy komparatiwu w słowiańskich złożonych imionach osobowych", *ZKSJS, 1*, Warszawa 1976, 73-84. 🗎 „Próba klasyfikacji konstrukcji porównawczych typu gradacyjnego w językach słowiańskich", *Studia Instytutu Filologii Słowiańskiej Univerzytetu Warszawskiego poświęcone VII Międzynarodowemu Zjazdowi Slawistów w Warszawie*, Warszawa 1977, 7-22 (соавтори: M. Jeżowa и др.). 🗎 „Formalne wykładniki ekspresywności na planie wyrazowym w językach południowosłowiańskich", *ZPSS, Seria V. Językoznawstwo*, Warszawa 1978, 157-166. 🗎 „Stopniowanie opisowe w językach słowiańskich", *ZKSJS, 2*, Warszawa 1980, 9-21 (соавтори: H. Orzechowska и др.). 🗎 „Słownik leksemów stopniowalnych w językach słowiańskich", *ZKSJS, 3*, Warszawa 1983, 79-148. 🗎 „Die semantischen Wechselbeziehungen der Genera verbi in den slavischen Sprachen, *WSJ, 30*, 1984, 69-82. 🗎 „За потеклото на балканскиот тип на степенувањето во словенските јазици", *14 НД*, 101-111. 🗎 „Zwischen Fremdem und Eigenem im Sprachsystem und in der Morphologie", *WSJ, 37*, 1991, 175-189. 🗎 „Типологија на словенското лично име на европски фон", *22 НД*, 1996, 221-238. 🗎 „Słowiańskie języki literackie – utopie pozytywne i negatywne w skutkach", *Utopie w językach, literaturach i kulturach Słowian, 1*, Katowice 1997, 79-90. 🗎 „Związki formalne między fleksyjną a słowotwórczą kategorią liczby w językach słowiańskich", *Język wobec przemian kultury*, Katowice 1997, 26-39. 🗎 „Typologia participiów słowiańskich", *WSJ, 41*, 1997, 161-171. 🗎 „На станицата меѓу гарата и колодворот", *23 НД*, 1997, 39-149. 🗎 „Унификација и дизунификација на јазиците", *Науката и културата за заедничка иднина на Југоисточна Европа*, Скопје 1998, 125-138. 🗎 „Потеклото и развојот на граматичката категорија род во словенските јазици", *МЈ, 53*, 2002, 27-53 (= http://www.russian.slavica.org/article503.html – Vlog'imjež Pjanka). 🗎 „Односот на инструменталот наспрема другите падежи", *СлС, 10*, 2002, 375-393. 🗎 „Словенските предлози за место со инструментална рекција", *19 HK*, 2003, 193-207. 🗎 „Дали е возможна издржана класификација на придавките?", *ЈФ, 61*, 2005, 117-123. 🗎 „Od rodzaju osobowego do rodzajów osobowych", *Księga Pamiątkowa ku czci Ks. Profesora Bonifacego Miązka*, Londyn 2005, 355-368. 🗎 „Praindoeuropejskie i nostratyckie źródła do rekonstrukcji form kategorii osoby w językach słowiańskich", *SzFiS, 40*, 2005, 399-420. 🗎 „Derywacja imion osobowych jako czynnik integrujący społeczeństwa multikulturowe i wielo-

wyznaniowe (na przykładzie nazw słowiańskich)", *Onomastica, 51*, 2006, 129-144. 🗎 „Потеклото и развојот на граматичката категорија лице во словенските јазици", *MJ, 57*, 2006, 2007, 25-44. 🗎 „Kategoria osoby w językach słowiańskich i indoeuropejskich w świetle teorii nostratycznej", *Rocznik Towarzystwa Naukowego Warszawskiego 2005*, Warszawa 2007, 113-118. 🗎 „Leksykalne i morfologiczne wyrażanie semantyki medium w opozycji do activum i passivum we współczesnych językach słowiańskich", *ZPSS, 11, Językoznawstwo*, Warszawa 2007, 165--172. 🗎 „Развојот и стабилизацијата на македонскиот антропономастички систем во споредба со другите словенски јазици", *36 НК*, 2008, 77-99.

Литература за него: 🗎 „M. Jeżowa, „Inspiracje naukowe Profesora Zdzisława Stiebera w pracach jego uczniów w Uniwersytecie Warszawskim", *Materiały z konferencji naukowej*, Wrocław–Warszawa 1982, 45-46. 🗎 „Л. Гушевска, „Улогата и значењето на В. Пјанка за развојот на македонската ономастика", *70 години од истражувањата на Јозеф Обремски во Македонија*, Прилеп 2002, 189-200. 🗎 *Who is who w Polsce, 4*, Schweiz 2005, 2986.

Учествувал на МСМЈЛК во: 1972, 1975, 1977, 1981, 1987, 1989, 1992, 1995, 1996, 1998, 1999, 2000, 2002, 2006, 2007.

⊠ Instytut Slawistyki Zachodniej i Południowej Uniwersytetu Warszawskiego, ul. Krakowskie Przedmieście 26/28, 00-927 Warszawa, Polska; ☎ (секретаријат) ++ 48 (0) 22-55 20 546, ++ 48 (0) 22-55 20 311; факс: ++ 48 (0) 22-55 21 522; дом.: ++ 48 (0) 22-849 14 29; e-mail: w.pianka@uw.edu.pl; w_pianka@hotmail.com

ЕЦ

**ПЛОТНИКОВА Ана** (Плотникова Анна), 2 мај 1959 Москва (Русија). Руска југославистка. Доктор по филолошки науки, научен соработник во Институтот за славистика при РАН. Завршила филолошки факултет на МДУ (1982) и филолошки факултет во Белград. Одбранила кандидатска и докторска дисертација на тема „Этнолингвистическая география Южной Славии" (2005). Главен предмет на научен интерес ѝ се српскиот и хрватскиот јазик. Членува во неколку комисии при МСК, а од 2002 е научен секретар на Националниот славистички комитет на Руската Федерација. Се занимава со словенска дијалектологија, лексикологија и со јужнословенски и балкански јазици. Има објавено 315 научни трудови. Со македонскиот јазик се запознала кога студирала на универзитетот во Белград (1978-1983). Во нејзините јужнославистички трудови се обработуваат македонскиот јазик и македонската народна и духовна култура.

🕮 *Материалы этнолингвистического изучения балканославянского ареала*, Москва 1996. 🕮 *Словари и народная культура. Очерки славянской лексикографии*, Москва 2000. 🕮 *Этнолингвистическая география Южной Славии*, Москва 2004.

Статии од областа на македонистиката:

🗎 „Слава", *Этнолингвистический словарь славянских древностей,*, Москва 1984, 161-170. 🗎 „Славянская обрядовая терминология в пространстве Балкан", *Время в пространстве Балкан. Свидетельства языка*, Москва 1994, 75-83. 🗎 „Slavic Ritual Terminology in the space of the Balkans", *Septieme Congress International D'Etudes du Sud-Est Europeen*, Athenes 1994, 82. 🗎 „Slavic

Balkans Terminology of Ritual Bread", *Revue des Études Sud-Est Européennees, 34/1-2*, Bucureşti 1996, 66-69. 🗎 „Символика названий каравая в календаре балканских славян", *Кодови словенских кулѿура, 2*, Београд 1997, 7-17. 🗎 „Демонизација небеских појава у веровањима Јужних Словена", *Сврљишки зборник, 3*, Сврљиг 1997, 50-55. 🗎 „Культурно-языковое членение балканославянского ареала (на материале обрядовой терминологии)", *Славянское языкознание, 12, Международный съезд славистов. Краков 1998. Доклады Российской делегации*, Москва 1998, 489-507. 🗎 „Фрагмент балканославянской народной демонологии: борьба воздушных демонов", *Слово и культура. Памьти Никиты Ильича Толстого, 2*, Москва 1998, 158-169. 🗎 „Южнославянская народная демонология в балканском контексте", *Studia mythologia Slavica, 1*, Ljubljana 1998, 119-130. 🗎 „Македонская этнокультурная лексика в свете ареалогии", *Македонский язык, литература и культура в славянском и балканском контексте*, Москва 1999, 258-265. 🗎 „Роль македонских материалов в этнолингвистическом изучении балканославянского ареала, *Македония. Проблемы истории и культуры*, Москва 1999, 327-344. 🗎 „Терминология южнославянского ряжения. Зимние обходы", *Славянское и балканское языкознание. Проблемы лексикологии и семантики. Слово в контексте культуры*, Москва 1999, 77-98. 🗎 „Мифология атмосферных и небесных явлений у балканских славян, *Славянский и балканский фольклор*, Москва 2000, 243-258. 🗎 „Македонская этнокультурная лексика в ареальной перспективе (*самовила* и *сѿија*), *26 НД*, 2000, 71-86. 🗎 „Erotski elementi u južnoslovenskim maskiranim ophodima, *Erotsko u folkloru Slovena*, Beograd 2000, 73-80. 🗎 „Балканославянский ареал через призму этнолингвистической программы („звериные праздники), *Исследования по славянской диалектологии, 7. Славянская диалектная лексика и лингвогеография*, Москва 2001, 30-51. 🗎 „Етнолингвистичката програма во македонскиот пункт на ‚Малиот дијалектолошки атлас на балканските јазици'", *EtnoAntropoZum, 1*, Скопје 2001, 8-25. 🗎 „Ethnolinguistic phenomena in border Balkan Slavic areas, *Association Internationale d'études du Sud-Est Européen. Bulletin, 31*, 2001, 169-176. 🗎 „‚Видимая' и ‚невидимая' нечистая сила: мифологические образы у балканских славян", *Признаковое пространство культуры*, Москва 2002, 128-154. 🗎 „Южнославянская этнокультурная лексика в ареальном аспекте, *Славянское языкознание, XIII Международный съезд славистов. Доклады российской делегации*, Москва 2003, 498-513. 🗎 „Фольклорный текст-абсурд в южнославянском селе XX века, *Абсурд и вокруг*, Москва 2004, 397-411. 🗎 „Этнолингвистические и социолингвистические методы изучения южнославянских диалектов, *Исследования по славянской диалектологии, 9, Методы изучения территориальных и социальных диалектов. К итогам опыта славянской диалектологии XX в.*, Москва 2004, 112-123. 🗎 „Весенние заклинательные формулы ‚изгнания' гадов у южных славян (в ареальной перспективе), *Славянский и балканский фольклор. Семантика и прагматика текста*, Москва 2006, 319-372. 🗎 „Семантические и культурные балканизмы в этнолингвистическом аспекте", *Исследования го славянской диалектологии. 12. Ареальные аспекты изучения славянской лексики*, Москва 2006, 7-19. 🗎 „Этнолингвистические материалы из с. Теово

в Македонии (область Велеса, регион Азот), *Исследования по славянской диалектологии. 12. Ареальные аспекты изучения славянской лексики*, Москва 2006, 192-227.

⊠ Институт славяноведения РАН, Москва, Ленинский проспект, 32–А, корп. В, 926.

ЕЦ

**ПОВАРНИЦИНА Марина** (Поварницына Марина), 4 август 1961 Перм (Русија). Руска лингвистка. Доцент (1996), доктор на филолошки науки. Професор на Универзитетот во Печ (Унгарија). Завршила македонистика на Филолошкиот факултет во Москва (1985), одбранила кандидатска дисертација (1992). Била вработена на Пермскиот државен универзитет (1985-1996). Лектор по руски јазик на Универзитетот во Печ (од 1996). Нејзин предмет на интерес е ономастиката.

Трудови од областа на македонистиката:

🕮 *Современный македонский язык, Тексты для чтения и анализа*, Пермь 1994. 🕮 *Македонско-русский словарь. Македонско-руски речник, 1-3*, Скопје 1997 (заедно со ⇨Р.П. Усикова, ⇨З.К. Шанова, ⇨Е. Верижникова, ред. ⇨Р.П. Усикова). 🕮 *Македонско-русский словарь*, Москва 2003 (заедно со ⇨Р.П. Усикова, ⇨З.К. Шанова, ⇨Е.В. Верижникова, ред. ⇨Р.П. Усикова и ⇨Е.В. Верижникова).

🗎 „Личностные смыслы как отрожение истории номинации в литературном языке“, *Македонско-руски јазични, лит̄ерат̄урни и култ̄урни врски*, Скопје 1998, 287-309 (заедно со И.Г. Овчиникова). 🗎 „Кон категоријата определеност/неопределеност кај сопствените именки во македонскиот литературен јазик во споредба со рускиот (месни имиња)“, *18 НД*, 1992, 77-84. 🗎 „За посесивните конструкции со предлогот *од* во современиот македонски јазик“, *Прв научен собир на млади македонист̄и*, Скопје 1993, 235-248. 🗎 „Наименования лиц по принадлежности месту современном македонском языке (словообразовательный аспект)“, *Актуальные проблемы славянской филологии*, Москва 1993, 32-33. 🗎 „Кон употребата на *еден* како показател на неопределеноста во македонскиот јазик“, *Studia linguistica Polono-Meridianoslavica*, Скопје 1996, 59-67. 🗎 „Неопределени заменки со значење ‚неизвесност‘ во македонскиот и рускиот јазик“, *22 НД*, 1997, 411-416. 🗎 „Кон семантиката на неопредлените заменки во македонскиот јазик (слабо определени заменки)“, *Македонско-руски јазични, лит̄ерат̄урни и култ̄урни врски*, Скопје 1998, 275-285. 🗎 „О семантике неопределенных местоимении в македонском языке: экзистенцияльные местоимения“, *Македонский язык, литература и культура в славянском и балканском контексте*, Москва 1998, 103-112. 🗎 „К семантике неопределенных местоимений в македонском языке (*п̄онекој*)“, *Nemzetkö szlavisztikai napok*, Szombathely 2002.

⊠ Pécsi Tudományegyetem, BTK, Kroatísztikai és Szlavisztikai Tanszék, Orosz szeminárium, Pécs, Ifjúság útja, 6; ☎ +36 30 504 5238; e-mail: marina523@t-online.hu

ЕЦ/ИД

**ПОДОЛАК Јан** (Podolák Ján), 17 мај 1926 Долна Суч (Словакија). Словачки етнограф, историчар, високошколски педагог. Студирал етнографија и историја на братиславскиот Филозофски факултет. Работел во Етнографскиот институт на САН (1952-1966), на Катедрата за етнографија и фолклористика на Филозофскиот факултет во Братислава (1967-1993) и во Трнава (од 1997). Неговите научни интереси се: традиционалните форми на агрикултурата, овчарството на Балканот и Карпатите, интеретничките аспекти на народната култура, иноетничките групи во Словакија. Автор е на десетици студии, статии и прегледи и неколку монографии со етнографска тематика. Долги години го уредувал сп. *Ethnologia Slavica* (1969-1993). Во рамките на истражувањата на овчарството во Карпатите и на Балканот тој истражувал, пред сè, во Македонија, Србија, Црна Гора и во словенечките Алпи. Во Македонија како прв странски научник неколку месеци теренски го испитувал и го изучувал овчарството и говедарството. Бил главен организатор на теренски испитувања и теренска практика во Словакија и во странство, што ги организирал секоја година под наслов *Seminárium ethnologicum*.

🖹 „Poznatky z etnografických výskumov pastierstva v Macedónii", *Studia Balkanica Bohemo-Slovaca, 3*, Brno 1987, 288-294.

ИД

**ПОЛИВКА Јиржи** (Polívka Jiří) 6 март 1858 Енс (Австрија) – 21 март 1933 Прага (Чешка Република). Чешки славист. Студирал во Прага и Загреб, хабилитирал словенска филологија во Прага (1884), каде што бил професор по словенска филологија (1895). Член на ЧАНУ, РАН, ЈАЗУ, БАН и др. Се занимавал со прашања од областа на палеославистиката, општата словенска лингвистика, литературната наука, фолклористиката и дијалектологијата. По патувањето во Русија (1889-1890) бил под силно влијание на руските слависти, особено на А.Н. Пипин и А.Н. Веселовски. Издал неколку зборници од чешки и словачки народни раскази и приказни со научен коментар. Го уредил зборникот *Slovanstvo* (1912).

Трудови од областа на македонистиката:

🖹 „Bugarsko četverojevangjelje u biblioteci Češkog muzeja u Pragu", *Starine*, Zagreb 1887. 🖹 „Paleographische, grammatische und kritische Eigentümlichkeiten in dem makedonischen Praxapostolus", *AfSPh*, 1887. 🖹 „Бележки към приказките в Шапкаревия Сборник от български народни умотворения", *СНУНК, 8-9*, 1901. 🖹 „Две приповетке о метаморфози спола из околине Солуна", *Прилози*, Београд 1927. 🖹 „Kapitolka z dějin lidovědné sběratelské práce jihoslovanské", *Slavia*, 1931. 🖹 *Lidové povídky jihomakedonské*, Z rkp S. Verkovićových vydali P.A. Lavrov a J. Polívka, Praha 1932.

Литература за него: 🖹 M. Kudělka, Zd. Šimeček a kol., Československé *práce o jazyce, dějinách a kultuře slovanských národů od roku 1760. Biograficko-bibliografický slovník*, Praha 1972.

ИД



**ПРАЈНЕРСТОРФЕР Рудолф** (Preinerstorfer Rudolf), 8 јуни 1933 Виена (Австрија). Австриски славист. Студирал славистика на Универзитетот во Виена, каде што потоа се вработил (од 1952). Во 1955/1956 студирал на Белградскиот универзитет. Ги завршил студиите со докторат (Dr. phil.) во Виена (1959). Вториот предмет на интерес му е источноевропската историја. Работел како библиотекар во Институтот за славистика на Универзитетот во Виена (1964-1993), лектор по македонски јазик на Институтот за славистика на Виенскиот универзитет (1978-2001). Бил наставник по македонски јазик и литература на Универзитетот Маквори во Сиднеј (1985-1987). Од 1959 има посебен интерес за македонскиот јазик. Македонски јазик учел за време на престојот во Скопје како лектор по германски јазик (1959-1963). Од тогаш се занимава со македонистика. Има објавено 27 трудови.

Трудови од областа на македонистиката:

🗎 „Die Universität Skopje", *ÖOs, 3/2,* 1961, 135-143. 🗎 „Das Hochschulgesetz der VR Mazedonien", *ÖOs, 4/2,* 1962, 123-129. 🗎 „Die Volksgruppen in der VR Mazedonien", *ÖOs, 4/5*, 1962, 386-393. 🗎 „Literatur und Literaturgeschichte im heutigen Mazedonien", *ÖOs, 4/6*, 1962, 466-470. 🗎 „Die Verlagstätigkeit in der VR Mazedonien", *ÖOs, 6/1*, 1964, 56-61. 🗎 „Das Institut für nationale Geschichte in Skopje", *Südostforschungen, 23,* München 1964, 342-344. 🗎 „Илинденското востание во виенските дневни весници", *Илинден 1903*, Скопје 1970, 511-523. 🗎 „Еден податок за врските меѓу македонската народна песна и една истророманска легенда", *Rad XVII kongresa Saveza udruženja folklorista Jugoslavije*, Zagreb 1972, 143-146. 🗎 „Franz Miklosich und ein Motiv der Volksdichtung", *WSJ, 17*, 1972, 265-271. 🗎 „Eine handschriftliche Volksliedersammlung aus Westmakedonien", *WSJ, 18*, 1973, 203-207. 🗎 „Ватрослав Јагиќ и Крсте П. Мисирков за јужнословенските јазици и народности", *Крсте П. Мисирков и национално-културниот развој на македонскиот народ до ослободувањето*, Скопје 1976, 389-395. 🗎 „Песните за Марко Крале во необјавената збирка од македонски народни песни", *Зборник од XIX конгрес на Сојузот на здруженијата на фолклористите на Југославија. Крушево 1972*, Скопје 1977, 323-327. 🗎 „Braucht man ein makedonisches etymologisches Wörterbuch?", *Die slawischen Sprachen, 6,* Salzburg 1984, 97-103. 🗎 „Зборникот ‚Видици' и македонската печалбарска поезија", *Повод, 9/45*, Сиднеј 1986, 12-24. 🗎 „Проучувањето на македонскиот јазик во Виена", *14 НД*, 1988, 47-59. 🗎 „Kopitar und das Südostslawische", *ÖOs, 36/3*, 1994, 411-415. 🗎 „Битола во македонските народни песни", *Научна мисла, 3,* Битола 1995, 21-28. 🗎 „Копитарови македонски извори", *22 НД*, 1996, 29-33. 🗎 „Die Entwicklung der makedonischen Schriftsprache", *ÖOs*, *40/1-2*, 1998, 235-260. 🗎 „Bulgarica Macedonica – Macedonica Bulgarica?", *Biblos*, *56/1*, Wien 2007, 91-105.

Учествувал на МСМЈЛК во: 1972, 1977, 1987.

Литература за него: 🗎 Josef Vintr, „Rudolf Preinerstorfer sexagenarius", *WSJ, 39*, 1993, 213-214.

⊠ A 9782 Nikolsdorf 111, Австрија.

ЕЦ



**ПРОСКУРНИНА Марија** (Проскурнина Мария), 5 август 1973 Перм (Русија). Руска литературна историчарка. Доцентка (2006), кандидатка на филолошки науки. Ја одбранила дипломската работа „Поетиката на романите на П.М. Андреевски“ на Филолошкиот факултет на Пермскиот државен универзитет (1995). Завршила постдипломски студии на Филолошкиот факултет при МДУ (1999). Го одбранила магистерскиот труд „Македонскиот роман во 80-тите–90-тите години на минатиот век во југословенски литературен контекст“ (2000). Научен соработник во Центарот за проучување на современите литератури на Централна и Југоисточна Европа во Институтот за славистика при РАН (од 2000) и предава на неколку универзитети во Москва и во Перм. Нејзиниот научен интерес е поврзан со македонистиката. Првите публикации (1998) им се посветени на особеностите на поетиката на југословенскиот роман од крајот на 80-тите години на минатиот век и на проучувањето на македонскиот роман. Има објавено 60 труда.

Трудови од областа на македонистиката:

🗎 „Жанровое своеобразие романа П. Андреевского ‚Пырей‘“, *Македонский язык, литература и культура в славянском и балканском контексте*, Москва 1999, 208-213. 🗎 „Македонский постмодернистский роман 1980-1990-х гг.“, *Вестник МГУ, Серия 9, 3, Филология*, Москва 2001, 40-53. 🗎 „Постмодернистские черты в македонском романе 1980--1990-х гг. (На примере романов Т. Крстеского ‚Белая Митра‘ и Д. Коцевского ‚Одиссей‘)“, *Литературы Центральной и Юго-Восточной Европы: 1990-егоды. Прерывность – непрерывность литературного процесса*, Москва 2002, 256-272. 🗎 „Проблема национального характера в македонской литературе: Проза П.М. Андреевского“, *Центральная и Юго-Восточная Европа: литературные итоги XX века*, Москва 2003. 🗎 „Парадоксы македонского постмодернизма: в поисках национального своеобразия“, *Руско-македонски јазични, лишерашурни и кулшурни врски, 3*, Скопје 2006, 241-246. 🗎 „Проблема интертекстуальности в македонской прозе 1980-1990-х годов. Поиски национального своеобразия“, *Постмодернизм в литературах Центральной и Юго-Восточной Европы*, Москва 2004, 81-99. 🗎 „Первая мировая война в изображении Й. Стрезовского (по роману ‚Святая и проклятая‘)“, *Первая мировая война в литературе и культуре южных и западных славян*, Москва 2004, 441-447. 🗎 „Библија и просторен јазик на балканскиот постмодернизам“, *Сиекшар, 43-44*, Скопје 2005. 🗎 „Македонската книжевност и Internet“, *Кулшурен живош, 1-2*, Скопје 2005, 90-96. 🗎 „В поисках утраченной цельности. Рассказы А. Прокопиева в контексте европейского постмодернизма“, *СлС, 12*, Скопје 2006, 377-387. 🗎 „Гротеската во творештвото на Ермис Лафазаноски“, *32 НК*, Скопје 2006, 283-289. 🗎 „Македонский роман 1980-х–2000-х гг.: к проблеме национального в литературе“, *Литературные итоги XX века в проблемно-типологическом освещении*, Москва 2006, 290-325. 🗎 „Балканская клаустрофобия. Поэтика про-

странства македонского романа 2000-х“, *Филологические заметки, вып. 4, 2*, Пермь–Скопье–Любляна 2006, 151-162. 🗎 „Между читателем и писателем: македонский и русский роман на рубеже XX-XXI веков. К проблеме массовой и элитарной литературы“, *Филологическая наука в XXI веке: взгляд молодых*, Москва 2006, 293-299. 🗎 „Эхо Второй мировой войны в македонском романе рубежа XX-XXI вв.“, *Вторая мировая война: опыт истории – опыт литературы. Центральная и Юго-Восточная Европа*, Москва 2007, 152-158. 🗎 „Переводы и восприятие македонской литературы в России и русской литературы в Македонии“, *Филологические заметки, вып. 5, в 2 ч.*, Скопје–Пермь–Любляна–Загреб 2007, 258-265. 🗎 „Македонская постмодернистская проза после 1991 г. и проблемы национальной идентичности“, *XIX Пуришевские чтения „Переходные периоды в мировой литературе и культуре“*, Москва 2007, 181-183. 🗎 „„Палави раскази“ на балкански начин – традициите на фаблио и македонскиот постмодернизам“, *34 НК*, 2008, 143-148. 🗎 „Хронотопот на крстосницата во македонскиот постмодернистички расказ“, *Македонскиот расказ*, Скопје 2007, 173-183. 🗎 „Русская тема в романе Йована Павловского ‚Сок‘ (1991)“, *Традиционная и современная Россия глазами славянских народов, вып. 1,* Пермь 2007, 84-90. 🗎 „О сборнике ‚Филологические заметки. Пермь–Скопье–Любляна–Загреб“, *Россия и Македония. От прошлого к будущему (к столетию выхода в свет журнала ‚Вардар‘)*, Москва 2008. 🗎 „Роман в русском и македонском постмодернизме. Границы жанра и проблема художественного целого“, *Материалы Международного съезда славистов, Охрид 2008*, Москва 2008.
Литература за неа: 🗎 Д. Ристески, „Оценките за македонскиот роман од крајот на XX век во руската книжевна наука“, *Меѓусловенски книжевни вкрстувања*, Скопје 2007, 108-116.
Учествувала на МСМЈЛК во: 1992, 1995, 2004, 2005, 2007.
⊠ Институт славяноведения Российской академии наук, Россия, Москва, 119334, Ленинский проспект, 32-А; ☏ (495) 9381780; факс: (495) 9380096; e-mail: mariapros@rambler.ru

ЕЦ/РТ



**РАДИЌ Првослав** (Радић Првослав) 3 ноември 1958, Јагодина (Србија). Српски лингвист. Завршил Филолошки факултет во Белград, каде што е вработен како професор. Магистерска (1984) и докторска дисертација (1995) одбранил во Белград. Се занимава главно со балканославистика (србистика, македонистика, бугаристика). Македонскиот јазик го учел на Филолошкиот факултет во Белград. Објавил повеќе десетини лингвистички трудови.
Трудови од областа на македонистиката:
🕮 *Македонски текстови 19. и 20. века*, Београд 1987. 🕮 *Турски суфикси у српском језику – са освртом на стање у македонском и бугарском*, Београд 2001.

🗎 „Македонски и словеначки језик у основношколским и средњошколским граматикама на српскохрватском говорном подручју и проблеми у настави", *Књижевносӣ и језик, 1-2*, Београд 1985, 107-113. 🗎 „О консонантској групи *шч* на морфемском споју у српскохрватским и македонским говорима", *МЈ, 36-37*, 1986, 313-329 (+ карта). 🗎 „Творбено-семантичке особености изведеница са суфиксом *-че* на делу балканизираних јужнословенских говора", *Анали Филолошкоӷ факулӣеӣа, 18*, Београд 1987, 227-236. 🗎 „Над графемама К.П. Мисиркова", *Књижевносӣ и језик, 1*, Београд 1992, 45-52. 🗎 „Од митолошката лексика на стариот Балкан (Марен)", *Прв научен собир на млади македонисӣи*, Скопје 1993, 327-340. 🗎 „О српско-македонским лексичким паралелама (дијалектолошки аспект)", *ЈФ, 49*, Београд 1993, 113-136. 🗎 „Етимолошка фигура и деривација", *МЈ*, 1998, 257-270. 🗎 „За еден начин на експресивизација во балканословенските говори (Придавски образувања со завршок *-осан*)", *МЈ, 45-47*, 1994-1996, 1998, 179-186. 🗎 „За некои јазични паралели во српскиот и македонскиот литературен јазик", *29 НК*, 2003, 491-502. 🗎 „Александар Белић и Крсте Мисирков (Скица за заеднички лингвистички портрет)", *Срӣски језик, 8/1-2*, Београд 2003, 377-392. 🗎 „Из историје српског питања у Македонији. Културолошки аспект", *Балканика, 32-33*, Београд 2003, 227-252. 🗎 „Some remarks about the Macedonian language", *Исследования по славянским языкам, 10*, Сеул 2005, 41-48. 🗎 „Крсте Мисирков и Србите", *Делоӣо на Крсӣе Мисирков, 1*, Скопје 2005, 331-345. 🗎 „Арчибалд Рајс о македонском, српском, и неким другим питањима", *Србисӣички ӣрилози*, Београд 2005, 195-209. 🗎 „Поглед на српску мањину у Македонији", *Положај и иденӣиӣеӣ срӣске мањине у јуӷоисӣочној и ценӣралној Евроӣи*, Београд 2005, 147-152. 🗎 „On the Macedonian literary language and its dialectal base", *Срӣски језик, 11/1-2*, Београд 2006, 83-93. 🗎 „За говорот на селото Јабука (Панчево, Република Србија)", *34 НК*, 2008, 45-56.

Учествувал на МСМЈЛК во: 1990, 2007.

🖂 Студентски трг 1, 11000 Белград, Србија, (011) 2638-622; prvoslavra@ptt.yu

МК/ЉМ



**РИД Греам Вајтмен** (Reid Graham Wightman), 30 август 1938 Единбург (Шкотска, Велика Британија). Британски лингвист. Професор по англиски јазик, магистер. Студирал на Универзитетот во Лондон на Школата за ориентални и африкански студии. Преведувач по кинески јазик (1957-1959), на Универзитетот во Кембриџ дипломирал англиски јазик и книжевност (1959-1963). На Универзитетот во Братфорд завршил постдипломски студии по југославистика и магистрирал со темата „Reflections of Rural/Urban Migration in Contemporary Macedonian Poetry" (1976) (во превод на македонски во *Разӷледи, 20 3, 4-5,* 1978). Ова е прва магистерска теза од македонската книжевност одбранета во Велика Британија. Бил долгогодишен лектор

по англиски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Почесен професор на УКИМ (1996). Почнал да учи македонски во Скопје во 1965. Координатор на преведувачка работилница при Струшките вечери на поезијата (2003-2007). Автор е на поголем број преводи од македонски на англиски јазик: *A History of the Macedonian People*, Скопје 1979; *White Dawns* (избор на песни од циклусот *Бели мугри* од Кочо Рацин со музика компонирана од кралскиот композитор Малком Вилијамсон) Buntingford 1985; *Reading the Ashes: An Anthology of the Poetry of Modern Macedonia*, Pittsburgh 1977; „Difference of Soil and Climate: Poetry in Macedonia“, *Macedonian Review,* Skopje 1972: „Theatre in Macedonia“, *World Encyclopedia of Theatre*, New York, 1994; „Koco Racin“, *World Dictionary of Literary Biography, CXLVII*, 206-209, Detroit 1994. Добитник е, заедно со Пеги Рид, на наградата „Браќа Миладиновци“ (1973) за англискиот превод на *Сердарот* од Г. Прличев. Во 1996 ја добил Рациновата награда за превод и меѓународна афирмација на македонската литература. Добитник на орден што го доделува кралицата Елизабета II за заслуги за јазикот и литературата во Македонија.

Учествувал на СМЈЛК во 1989.

